**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Дирекција за банкарска регулатива**

# *Извештај за банкарскиот систем и банкарската супервизија на Република Македонија во првата половина од 2007 година*

***октомври, 2007 година***

## СОДРЖИНА

I. БАНКАРСКИОТ СИСТЕМ ВО ПРВАТА ПОЛОВИНА ОД 2007 ГОДИНА ..... 4
1. Структура на банкарскиот систем ..... 4
1.1. Број на банки и штедилници ..... 4
1.2. Концентрација и пазарно учество ..... 5
1.3. Сопственичка структура на банкарскиот систем ..... 7
1.4. Банкарска мрежа и број на вработени во банкарскиот систем ..... 11
1.5. Структура на понудата на банкарски услуги ..... 13
2. Активности на банките ..... 16
2.1. Биланс на состојба на банките ..... 17
2.2. Кредитна активност на банките - кредити на нефинансиски субјекти ..... 20
2.3. Портфолио на хартии од вредност ..... 24
2.4. Депозити на нефинансиски субјекти (правни лица и население) ..... 25
3. Ризици во банкарското работење ..... 27
3.1. Кредитен ризик ..... 27
3.3. Ризик на земја ..... 40
3.4. Ликвидносен ризик ..... 40
3.4.1. Примарни извори на средства ..... 41
3.4.2. Секундарни извори на средства ..... 42
3.4.3. Ликвидна и високоликвидна актива ..... 43
3.4.4. Рочна структура на активата и пасивата ..... 46
3.5. Курсен ризик - ризик на девизниот курс ..... 48
3.4. Курсен ризик ..... 48
3.6. Ризик од несолвентност ..... 52
3.7. Профитабилност ..... 57
3.7.2. Показатели за профитабилноста и ефикасноста на банките ..... 61
3.7.3. Движење на каматните стапки и каматен распон ..... 63
II. БАНКАРСКАТА СУПЕРВИЗИЈА ВО 2006 ГОДИНА ..... 66
1. Регулативна рамка ..... 66
1.1. Осврт кон содржината и целта што се постигнува со донесувањето на Законот за банките ..... 66
1.2. Осврт кон содржината и целта што се постигнува со донесувањето на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити ..... 68
1.3. Подзаконска рамка ..... 69
2. Активности на банкарската супервизија ..... 70
2.1. Издавање дозволи и согласности на банките и штедилниците ..... 70
2.2. Супервизија на работењето на банките и штедилниците ..... 71
2.3. Преземени корективни мерки кон банките и штедилниците ..... 72
3. Унапредување на институционалниот капацитет на НБРМ во делот на спроведување на регулаторната и супервизорската функција над банките и штедилниците ..... 72
3.1. Унапредување на банкарската супервизија ..... 72
3.2. Унапредување на Кредитниот регистар ..... 73
3.3. Анализа на финансиската стабилност во Република Македонија ..... 73
3.4. Унапредување на сметководствената рамка за банките ..... 73

# АНЕКСИ


| | |
|---|---|
| Биланс на состојба | Анекс бр. 1 |
| Биланс на успех | Анекс бр. 2 |
| Пазарно учество и пораст на вкупната актива, кредити и депозити по групи банки | Анекс бр. 3 |
| Структура на кредитите на нефинансиските субјекти | Анекс бр. 4 |
| Структура на портфолиото на хартии од вредност | Анекс бр. 5 |
| Структура на депозитите на нефинансиските субјекти | Анекс бр. 6 |
| Показатели за квалитетот на кредитната изложеност | Анекс бр. 7 |
| Кредитна изложеност кон одделни економски дејности по групи банки | Анекс бр. 8 |
| Динамика на кредитната изложеност кон одделни дејности | Анекс бр. 9 |
| Транзициска матрица за клиентите | Анекс бр. 10 |
| Структура на кредитната изложеност кон населението по групи банки | Анекс бр. 11 |
| Структура на кредитната изложеност кон трговците - поединци по групи банки | Анекс бр. 12 |
| Договорна рочна структура на активата и пасивата | Анекс бр. 13 |
| Очекувана рочна структура на активата и пасивата | Анекс бр. 14 |
| Структура на девизната актива и девизната пасива | Анекс бр. 15 |
| Сопствени средства | Анекс бр. 16 |
| Законска регулатива од областа на супервизијата | Анекс бр. 17 |
| Вид и број на преземени корективни мерки | Анекс бр. 18 |
| Преглед на банките по групи банки | Анекс бр. 19 |
| Преглед на банките и штедилниците | Анекс бр. 20 |

# I. БАНКАРСКИОТ СИСТЕМ ВО ПРВАТА ПОЛОВИНА ОД 2007 ГОДИНА

## 1. Структура на банкарскиот систем

### 1.1. Број на банки и штедилници

На 30.06.2007 година, банкарскиот систем на Република Македонија го сочинуваа деветнаесет банки[1] и дванаесет штедилници, што е непроменета состојба, во споредба со крајот на 2006 година.

Банките ја задржаа доминацијата, а штедилниците - маргиналната улога во банкарскиот систем на Република Македонија. На 30.06.2007 година, учеството на штедилниците во вкупниот финансиски потенцијал, на вкупните бруто-кредити и на вкупните депозити на населението, на ниво на банкарскиот систем, беше непроменето во однос на 31.12.2006 година и изнесуваше 1,3%, 2,0% и 0,8%, соодветно.

**Табела бр. 1**
**Број на банки и штедилници и нивно учество во активата, бруто-кредитите и депозитите на населението**

| Година | Број на банки и штедилници | | | Учество во вкупната актива | | Учество во вкупните бруто-кредити | | Учество во вкупните депозити на население | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Банки | Штедилници | *Вкупно* | Банки | Штедилниц | Банки | Штедилниц | Банки | Штедилниц |
| ***2002*** | 21 | 17 | ***38*** | 99,0% | 1,0% | 97,9% | 2,1% | 99,4% | 0,6% |
| ***2003*** | 21 | 15 | ***36*** | 98,8% | 1,2% | 97,6% | 2,4% | 99,3% | 0,7% |
| ***2004*** | 21 | 15 | ***36*** | 98,7% | 1,3% | 97,6% | 2,4% | 99,3% | 0,7% |
| ***2005*** | 20 | 14 | ***34*** | 98,6% | 1,4% | 97,8% | 2,2% | 99,2% | 0,8% |
| ***2006*** | 19 | 12 | ***31*** | 98,7% | 1,3% | 98,0% | 2,0% | 99,2% | 0,8% |
| ***06.2007*** | 19 | 12 | ***31*** | 98,7% | 1,3% | 98,0% | 2,0% | 99,2% | 0,8% |

Со оглед на незначителното влијание на штедилниците врз вкупните активности и остварувања на банкарскиот систем, натамошната анализа е фокусирана само на податоците и показателите за работењето на банките. Притоа, заради посеопфатна анализа на движењата во банкарскиот систем, покрај анализата на ниво на сите банки, е задржан и пристапот на анализа по одделни групи банки, користејќи ги следните критериуми:

- големината на активата на банките и

- доминантната сопственост на банките, од аспект на учеството на домашниот и странскиот капитал.

Според првиот критериум, е задржана класификацијата на банките во три групи (големи, средни и мали банки). Во споредба со 31.12.2006 година, една банка премина од групата мали во групата средни банки.

**Табела бр. 2**
**Групи банки според големината на активата**

| Група | Критериум за поделба | Број на банки | |
|---|---|---|---|
| | | **31.12.2006** | **30.06.2007** |
| Големи банки | Актива > 15 милијарди денари | 3 | 3 |
| Средни банки | 4,5 милијарди < Актива < 15 милијарди | 7 | 8 |
| Мали банки | Актива < 4,5 милијарди денари | 9 | 8 |
| **Вкупно** | | **19** | **19** |

[1] Една банка („Македонска банка за поддршка на развојот“) извршува специфични финансиски активности, во согласност со Законот за основање на Македонска банка за поддршка на развојот.

Имајќи го предвид непрекинатиот тренд на пораст на странскиот во вкупниот капитал на банките во изминатите години, е извршена уште една класификација на банките, според резидентноста на доминантните сопственици. На 30.06.2007 година, имаше девет банки во доминантна сопственост на странски акционери[2] и, во споредба со 31.12.2006 година, бројот се зголеми за една банка, како резултат на извршеното преземање на „Охридска банка“ АД Охрид од страна на „Societè Generale“ s.a. Paris.

**Табела бр. 3**
**Групи банки според доминантната сопственост**

| Група | Критериум за поделба | Број на банки | |
|---|---|---|---|
| | | 31.12.2006 | 30.06.2007 |
| Банки во доминантна сопственост на домашни акционери | домашните акционери поседуваат над 50% од вкупниот број на издадени акции | 11 | 10 |
| Банки во доминантна сопственост на странски акционери | странските акционери поседуваат над 50% од вкупниот број на издадени акции | 8 | 9 |
| **Вкупно** | | **19** | **19** |

## 1.2. Концентрација и пазарно учество

Зајакнатата конкуренција меѓу банките во понудата на финансиските услуги се одрази и врз нивото на концентрација во банкарскиот систем, кое во текот на првите шест месеци од оваа година, како и во изминатите години, генерално бележи намалување.

**Графикон бр. 1**
**Динамика на Херфиндал-индексот за банкарскиот систем на Република Македонија**




На 30.06.2007 година, нивото на Херфиндал-индексот[3], во однос на вкупната актива, изнесуваше 1.573 и во споредба со 31.12.2006 година забележа намалување за 22 индексни поени. Херфиндал-индексот, мерен за бруто-кредитите на претпријатијата и за депозитите на претпријатијата, покажува висок, но прифатлив степен на концентрација и на 30.06.2007 година изнесуваше 1.756 и 1.787, соодветно. Меѓутоа, вредноста на Херфиндал-индексот, мерен за кредитите на населението и за депозитите на населението, е над општоприфатливото ниво и на истиот датум изнесуваше 2020 и 2069, соодветно. Притоа, овој индекс мерен за депозитите на населението, упатува на постојано намалување на концентрацијата во доменот на депозитната активност на банките

[2] Банки во доминантна сопственост на странски акционери се оние каде што странските акционери поседуваат над 50% од вкупниот број на издадени акции.

[3] Херфиндал-индексот се пресметува според формулата $HI = \sum_{j=1}^{n} (S)_j^2$ , каде што S е учество на секоја банка во вкупниот износ на категоријата која се анализира (на пример: вкупна актива, вкупни депозити на население, вкупни кредити на население итн.), а n е вкупниот број на банки во системот. Кога индексот се движи во интервал од 1.000 единици до 1.800 единици, нивото на концентрација во банкарскиот систем се смета за прифатливо.

од населението. Наспроти тоа, и покрај високото ниво, е присутен тренд на натамошен пораст на нивото на концентрација во доменот на кредитната активност на банките кон населението. Анализата на ниво на поодделни банки упатува на мошне високо ниво на концентрација на кредитите на населението кај една банка, чие пазарно учество на 30.06.2007 година изнесуваше 37,9% во вкупната кредитна активност кон населението. Ова учество е за 21,7 процентни поени поверќе од учеството на банката со втор најголем обем на кредитна активност кон секторот „население“. Овој степен на концентрација упатува на изложеност на банката на ризикот од влошување на кредитоспособноста на населението, особено доколку се имаат предвид резултатите од анализата на транзициската матрица за населението (подетаљна анализа во делот „Кредитен ризик“), која покажува поголемо влошување на кредитната изложеност кон населението, во однос на останатите нефинансиски субјекти.



**Графикон бр. 2**
**Динамика на показателот ЦР5 за банкарскиот систем на Република Македонија**

Анализата на показателот ЦР5[4] упатува на речиси идентични заклучоци за степенот на концентрација во банкарскиот систем. На 30.06.2007 година, највисоко ниво на концентрација од 82,3%, според овој показател, постоеше кај депозитите на населението. Нивото на концентрација, од аспект на активата, изнесуваше 74,4%, што е намалување од 0,3 процентни поени во однос на 31.12.2006 година. Во однос на крајот на 2006 година, кај сите категории, со исклучок на кредитите на населението, концентрацијата бележи намалување. На 30.06.2007 година, показателот ЦР5 за кредитите на населението изнесуваше 80,1% и во однос на 31.12.2006 година забележа пораст од 1,6 процентни поени.

**Табела бр. 4**
**Пазарни учества на одделни групи банки**

| Групи банки | Учество во вкупната актива | | Учество во вкупните активности | | Учество во вкупните бруто-кредити | | Учество во вкупните депозити на нефинансиски субјекти | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 31.12.2006 | 30.06.2007 | 31.12.2006 | 30.06.2007 | 31.12.2006 | 30.06.2007 | 31.12.2006 | 30.06.2007 |
| Големи банки | 66,1% | 65,9% | 68,1% | 68,1% | 69,2% | 69,9% | 72,2% | 71,3% |
| Средни банки | 23,8% | 26,6% | 22,4% | 25,0% | 24,1% | 26,1% | 20,9% | 24,0% |
| Мали банки | 10,1% | 7,6% | 9,5% | 6,8% | 6,7% | 4,0% | 6,9% | 4,7% |
| **Вкупно** | **100,0%** | **100,0%** | **100,0%** | **100,0%** | **100,0%** | **100,0%** | **100,0%** | **100,0%** |
| Банки во доминантна домашна сопственост | 46,8% | 42,0% | 46,2% | 42,2% | 39,4% | 35,8% | 46,5% | 41,7% |
| Банки во доминантна странска сопственост | 53,2% | 58,0% | 53,8% | 57,8% | 60,6% | 64,2% | 53,5% | 58,3% |

[4] Показателот ЦР5 го претставува учеството на активата (односно категоријата која се анализира, на пример, кредити на претпријатија, депозити на претпријатија итн.) на петте кредитни институции со најголема актива (односно категорија која се анализира) во вкупната актива (односно категоријата која се анализира) на банкарскиот систем.

Набљудувано од аспект на групите банки, во првата половина од 2007 година, кај сите категории се зголемија пазарните учества на групата средни банки, а се намалија учествата на групата мали банки. Тоа во најголем дел, се должи на преминот на една банка од групата мали во групата средни банки.

Анализата на пазарното учество на одделните групи банки, од аспект на доминантните сопственици, упатува на пораст на учеството на групата банки во доминантна странска сопственост во вкупната актива, во вкупните билансни и вонбилансни активности, во вкупните бруто-кредити и во вкупните депозити на нефинансиските субјекти на ниво на банкарскиот систем. Овој пораст, во однос на 31.12.2006 година, е резултат, пред сè, на зголемувањето на бројот на банки во доминантна странска сопственост, односно преземањето на „Охридска банка“ АД Охрид од страна на „Societè Generale“ s.a. Paris.

### 1.3. Сопственичка структура на банкарскиот систем

Анализата на сопственичката структура на банкарскиот систем е извршена од аспект на: 1) учеството на приватниот капитал во акционерскиот капитал на банкарскиот систем; 2) типот на акционерите во банкарскиот систем и 3) присуството на странскиот капитал во банкарскиот систем.

#### 1.3.1. Учество на приватниот капитал во акционерскиот капитал на банкарскиот систем

**Графикон бр. 3**
**Учество на приватниот во акционерскиот капитал на банкарскиот систем**




На 30.06.2007 година, учеството на приватниот капитал во вкупниот акционерски капитал[5] на банкарскиот систем, беше непроменето во однос на крајот на 2006 година и изнесуваше 93,1%, односно 98,4% доколку од анализата се исклучи „Македонска банка за поддршка на развојот“ АД Скопје, која е во целосна државна сопственост. Освен во оваа банка, јавниот сектор, јавните претпријатија, установите и институциите на централната и локалната власт, поседуваат акции уште во осум банки. Со исклучок на „Поштенска банка“ АД Скопје, каде една третина од издадените обични акции е во сопственост на ЈП „Македонски пошти“ Скопје, во другите седум банки станува збор за малцински акционерски пакети, кои агрегирано имаат учество од под 5% од вкупните издадени акции по одделни банки.

Анализирано по одделни групи банки, просечното учество на приватниот капитал кај групите големи и средни банки, е над 99%. Наспроти тоа, кај групата

[5] За анализата на сопственичката структура, акционерскиот капитал се зема како збир на вкупната номинална вредност на издадените обични и приоритетни акции од банките во Република Македонија.

мали банки, приватниот капитал има учество од 79,5%, што пред сè, се должи на вклученоста на „Македонска банка за поддршка на развојот“ АД Скопје во оваа група банки.

### 1.3.2. Акционерска структура на банките според типот на акционерите

Во текот на првата половина на 2007 година, продолжи трендот на пораст на учеството на финансиските институции за сметка на намалувањето на учеството на нефинансиските субјекти во сопственичката структура на обичните и приоритетните акции издадени од банките во Република Македонија. Така, на 30.06.2007 година, финансиските институции[6] со учество од 50,2% имаа доминантна позиција во сопственичката структура на обичните акции издадени од банките, по што следуваа нефинансиските правни лица, со учество од 31,2%. Во однос на 31.12.2006 година, учеството на финансиските институции во обичните акции на банките забележа раст од 6,2 проценти поени, за сметка на падот на учеството на нефинансиските правни лица за 5,5 процентни поени. Зголемувањето на учеството на финансиските институции во сопственичката структура на банкарскиот систем е пред сè, резултат на купувањето на постоечките акции на банките од страна на странските институционални инвеститори, како и на извршеното преземање на „Охридска банка“ АД Охрид од страна на „Societè Generale“ s.a. Paris. Зголемувањето на улогата на пазарот на капитал и на домашните институционални инвеститори (инвестициски фондови, пензиски фондови), како и очекуваните преземања на домашни банки од страна на странските финансиски институции, би довеле до натамошно зголемување на релативното значење на финансиските институции во сопственичката структура на банкарскиот систем. Во сопственичката структура на приоритетните акции издадени од банките во Република Македонија, физичките лица ја задржаа доминантната позиција со учество од 53,2%.

**Табела бр. 5**

**Сопственичка структура на издадените акции од банките според одделни типови на акционери**

| Реден број | Тип на акционери | Учество во обични акции | | | Учество во приоритетни акции | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 31.12.2005 | 31.12.2006 | 30.06.2007 | 31.12.2005 | 31.12.2006 | 30.06.2007 |
| 1 | Физички лица | 10,4% | 11,7% | 11,1% | 64,7% | 52,9% | 53,2% |
| 2 | Нефинансиски правни лица | 41,4% | 36,7% | 31,2% | 21,6% | 14,9% | 14,2% |
| 3 | Финансиски институции | 39,2% | 44,0% | 50,2% | 11,7% | 31,0% | 31,5% |
| 4 | Јавен сектор, јавни претпријатија, јавни институции и установи | 8,4% | 7,0% | 6,9% | 1,9% | 0,1% | 0,5% |
| 5 | Недефиниран статус | 0,6% | 0,6% | 0,6% | 0,1% | 1,1% | 0,7% |
| | **Вкупно (1+2+3+4+5)** | **100,0%** | **100,0%** | **100,0%** | **100,0%** | **100,0%** | **100,0%** |
| | ***Вкупно приватен капитал (1+2+3+5)*** | ***91,6%*** | ***93,0%*** | ***93,1%*** | ***98,1%*** | ***99,9%*** | ***99,5%*** |

Забелешка: со терминот „недефиниран статус“ меѓу другото се опфатени акционери чија стечајна постапка е завршена или акционери кои не можат да бидат идентификувани од банките.

[6] Како финансиски институции се сметаат домашните банки, странските банки, домашните и странските брокерски куќи, инвестициските фондови, пензиските фондови, друштвата за управување со пензиските фондови или со инвестициските фондови, друштвата за осигурување, како и меѓународните финансиски институции (EBRD, IFC и сл.) кои се јавуваат како сопственици на акции издадени од банките во Република Македонија.

На 30.06.2007 година, шест банки котираа на официјалниот пазар[7] на „Македонска берза“ АД Скопје. Овие шест банки зафаќаат 36,8% од вкупниот капитал, односно 39,2% од вкупната актива на ниво на банкарскиот систем. На пазарот на јавно поседувани друштва, заклучно со крајот на првата половина на 2007 година, се тргуваше со акциите на уште пет банки[8]. Притоа, како резултат на зголемениот интерес на странските институционални инвеститори и на домашните физички лица за тргување со акциите на банките, во текот на првата половина од 2007 година, беше забележано значително зголемување на нивната пазарна капитализација. Ваквата позитивна динамика на пазарната капитализација на банките беше особено забележлива на пазарот на јавно

**Графикон бр. 4**
**Динамика на пазарната капитализација на банките за обичните акции тргувани на Македонска берза АД Скопје**




**Графикон бр. 5**
**Учество на странскиот капитал и соодноc меѓу пазарната и книговодствената вредност на обичните акции тргувани на Македонска берза АД Скопје**




[7] На официјалниот пазар на „Македонска берза“ АД Скопје котираат акциите на „Инвестбанка“ АД Скопје, „Комерцијално инвестициона банка“ АД Куманово, „Комерцијална банка“ АД Скопје, „Охридска банка“ АД Охрид, „Стопанска банка“ АД Битола и „ТТК банка“ АД Скопје. Почнувајќи од февруари 2007 година, во согласност со промената на правилата за котација на берзата, две од овие банки („Инвестбанка“ АД Скопје и „Комерцијална банка“ АД Скопје) се котирани на новоформираниот посебен пазарен сегмент наречен суперкотација. Три од банките кои се котирани на официјалниот пазар - „Комерцијална банка“ АД Скопје, „Стопанска банка“ АД Битола и „ТТК банка“ АД Скопје се составен дел од берзанскиот индекс МБИ-10.

[8] На пазарот на јавно поседувани друштва (дефиниран согласно со Правилата за котација на Македонската берза АД Скопје) се тргува со акциите на акционерските друштва со посебни обврски за известување, кои согласно со Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 95/2005), се акционерските друштва кои имаат основна главнина од над 1.000.000 евра во денарска противвредност и повеќе од 100 акционери. На овој сегмент од неофицијалниот пазар, заклучно со 30.06.2007 година, се тргуваше со акциите на „НЛБ Тутунска банка“ АД Скопје, „Силекс банка“ АД Скопје, „Стопанска банка“ АД Скопје, „Македонска банка“ АД Скопје и „УНИ банка“ АД Скопје.

поседувани друштва, каде што уште две банки (во споредба со крајот на 2006 година)[9], ги исполнија условите и беа вклучени во тргувањето на овој сегмент од неофицијалниот пазар на берзата. Порастот на интересот на странските инвеститори за тргување со акциите на банките, во услови на ограничена понуда на акции, беше проследен и со пораст на соодносот помеѓу пазарната и книговодствената вредност на обичните акции на банките, со кои се тргува на Македонската берза.

### 1.3.3. Учество на странскиот капитал во банкарскиот систем

Во текот на првата половина од 2007 година, продолжи трендот на пораст на учеството на странскиот во вкупниот капитал на банките во Република Македонија. Притоа, ваквиот пораст беше присутен на ниво на одделни групи банки и во банкарскиот систем во целина. Така, на 30.06.2007 година, учеството на странскиот капитал во вкупниот акционерски капитал на банкарскиот систем на Република Македонија изнесуваше 63%, што претставува пораст од 6,9 процентни поени, во однос на крајот на 2006 година. На ниво на пооделните групи банки, најголем пораст на учеството на странскиот во вкупниот капитал беше забележан кај групата средни банки, што во голема мера е резултат на извршеното преземање на „Охридска банка“ АД Охрид од страна на „Societè Generale“ s.a. Paris. На 30.06.2007 година, странскиот капитал беше присутен во седумнаесет банки, а неговото учество во поединечните банки се движеше во интервал од 1% до 100% во четири банки. Од вкупниот број на банки во Република Македонија, девет (осум на 31.12.2006 година) се во доминантна сопственост на странски акционери, а пет од нив (четири на 31.12.2006 година) се во доминантна сопственост на странски банки[10]. Како резултат на ваквите движења, во текот на првата половина на 2007 година, продолжи непрекинатиот тренд на зголемување на учеството на банките во доминантна сопственост на странски акционери во вкупната актива и во вкупниот капитал на ниво на банкарскиот систем.

**Графикон бр. 6**
**Учество на странскиот во вкупниот капитал по групи банки**




[9] Почнувајќи од март 2007 година, на пазарот на јавно поседувани друштва беа вклучени акциите на „Македонска банка“ АД Скопје и „УНИ банка“ АД Скопје.
[10] Порастот на бројот на банките во доминантна сопственост на странски банки се должи на извршеното преземање на „Охридска банка“ АД Охрид од страна на „Societè Generale“ s.a. Paris.

**Графикон бр. 7**
**Структура на активата на банкарскиот систем според доминантната сопственост на банките**




**Графикон бр. 8**
**Структура на вкупниот капитал на банкарскиот систем според доминантната сопственост на банките**




Најголемите странски инвеститори во банкарскиот систем на Република Македонија потекнуваат од две земји-членки на ЕУ - Грција и Словенија. Инвеститорите од овие две земји, се сопственици на повеќе од половината од капиталот на банките кои се во доминантна странска сопственост, што во најголема мера се должи на тоа што две од трите големи банки во Република Македонија се во доминантна сопственост на банкарски групации од овие земји.

**Графикон бр. 9**
**Структура на капиталот на банките во доминантна сопственост на странски акционери според земјата на потекло на акционерите**




## 1.4. Банкарска мрежа и број на вработени во банкарскиот систем

Неповолната географската разместеност, односно изразената концентрација на банките на територијата на главниот град, беше присутна во банкарскиот систем на Република Македонија и во текот на првата половина од 2007 година. Имено, само три, од вкупно деветнаесет банки имаат седиште надвор од Скопје. На 30.06.2007 година, овие три банки учествуваа со 9,1% во вкупната актива, односно со 5,6% во вкупните бруто-кредити и 8,3% во вкупните депозити на нефинансиските субјекти на ниво на банкарскиот систем.

Сепак, преку релативно добро раширена мрежа на филијали, експозитури, деловни единици и шалтери, банките во извесна мера ја релативизираат изразената географска концентрација. Во однос на 31.12.2006 година, банкарската мрежа во Република Македонија е проширена преку отворање на дваесет експозитури, со што понатаму се проширува пристапот до финансиските услуги.

На 30.06.2007 година, вкупниот број на вработени во банкарскиот систем изнесуваше 5.247 лица, што претставува полугодишен пораст за 237 лица, односно за 4,7%. Најголемиот дел од вработените во банкарскиот систем ги апсорбира групата големи банки. Меѓутоа, во текот на изминатите години, е присутен тренд на постепено намалување на структурното учество на бројот на вработени во групата големи банки, за сметка на зголемување на учеството на вработените во групата средни банки. Овој процес е одраз на постојаното зголемување на улогата на групата средни банки во вршењето на финансиската интермедијација. Воедно, кај групата средни банки, е забележан најголем полугодишен пораст на бројот на вработените, од 25,9%. Притоа, 55,5% од овој пораст се должи на преминот на една банка од групата мали во групата средни банки, а останатите 44,5% се резултат на зголемување на вработеноста кај постоечките банки од групата средни банки.




Од аспект на доминантната сопственост на банките, е присутен тренд на постојано зголемување на бројот на вработените во групата банки во доминантна странска сопственост. Овој тренд беше особено изразен во првото полугодие од 2007 година, со зголемувањето на бројот на банките во доминантна странска сопственост. Побрзиот пораст на бројот на вработените во банките кои се во доминантна сопственост на странски акционери е уште еден показател за подинамичниот раст и за нивната проактивна улога во обезбедувањето на финансиски услуги на пазарот во Република Македонија.



Трендот на постепено подобрување на квалификациската структура на вработените во банкарскиот систем, како еден од основните предуслови за подобрување на квалитетот на банкарското работење, продолжи и во текот на првата половина од 2007 година. Така, на 30.06.2007 година година, учеството на лицата со висока стручна подготовка во вкупниот број вработени во банкарскиот систем забележа пораст за 2,5 процентни поени, за сметка на намалувањето на учеството на лицата со средна стручна подготовка, за 2,4 процентни поени. Од аспект на поодделните групи банки, најповолна квалификациска структура на вработените има групата средни банки. Од друга страна, банките во доминантна сопственост на странски акционери имаат поповолна квалификациска структура на вработените во споредба со банките во доминантна сопственост на домашни акционери. Така, на крајот на првото полугодие на 2007 година, учеството на вработените со високо образование кај групите банки во доминантна странска и доминантна домашна сопственост изнесуваше 49,9% и 36,9%, соодветно.

**Графикон бр. 12**
**Квалификациска структура на вработените во банките**




**Графикон бр. 13**
**Квалификациска структура на вработените по одделни групи банки**




## 1.5. Структура на понудата на банкарски услуги

На крајот на првата половина на 2007 година, просечниот број на корисници на банкарски услуги по поединечна банка изнесуваше 197.518 лица, што во споредба со 31.12.2006 година претставува незначителен пораст за 332 лица, односно за 0,2%. Притоа, физичките лица го сочинуваа доминантниот дел од вкупниот просечен број на корисници на банкарските услуги, со учество од 95,4%. Сепак, за разлика од претходните периоди на постојан пораст на просечниот број на корисници - физички лица, на крајот на првата половина на

2007 година, беше забележано негово намалување за 0,2% во однос на крајот на 2006 година. Наспроти тоа, просечниот број на корисници - правни лица забележа полугодишна стапка на пораст од 8,1%. Анализирано според типот на услуги, најкористена услуга, како и во претходните периоди, беше вложувањето во депозити по видување[11], кои се користеа од страна на 55,3% од вкупниот просечен број на корисници на банкарски услуги.

**Графикон бр. 14**
**Динамика на структурата на понудата на банкарски услуги на физички лица по одделни групи банки**




**Табела бр. 6**
**Просечен број на корисници на банкарските услуги по поединечна банка со состојба на 30.06.2007 година**

| Ред. бр. | Опис | Правни лица | | Физички лица | | Вкупно | | Стапка на пораст во однос на 31.12.2006 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | просечен број на корисници | % | просечен број на корисници | % | просечен број на корисници | % | |
| 1 | Кредити, акредитиви, гаранци | 1.782 | 19,5% | 13.230 | 7,0% | 15.012 | 7,6% | 3,7% |
| 2 | Депозити | 7.214 | 79,1% | 120.378 | 63,9% | 127.592 | 64,6% | -1,4% |
| *2а* | - по видување | 7.166 | 78,6% | 101.974 | 54,1% | 109.140 | 55,3% | -2,7% |
| *2б* | -орочени | 48 | 0,5% | 18.404 | 9,8% | 18.452 | 9,3% | 7,2% |
| 3 | Парични картички | 123 | 1,3% | 19.848 | 10,5% | 19.971 | 10,1% | 8,9% |
| 4 | Тековна сметка | н.п. | н.п. | 34.943 | 18,5% | 34.943 | 17,7% | -0,2% |
| | **Вкупно** | **9.119** | **100,0%** | **188.399** | **100,0%** | **197.518** | **100,0%** | **0,2%** |

Анализата на бројот на корисниците на банкарски услуги по одделни групи банки ја потврдува доминантната позиција на групата големи банки во банкарскиот систем. Така, на 30.06.2007 година, 64,3% од вкупниот број на корисници на ниво на банкарскиот систем припаѓаа на групата големи банки. Истовремено,

**Графикон бр. 15**
**Учество во вкупниот број на корисници на банкарски услуги според сопственоста на банките**




[11] Депозитите по видување ги вклучуваат и трансакциските депозити.

групата големи банки го задржа доминантното учество и во вкупниот број на физички лица - корисници на банкарските услуги на ниво на банкарскиот систем, со учество од 67,4%. Меѓутоа, зголемената улога на групата средни банки во финансиската интермедијација се потврдува и преку зголемувањето на учеството на оваа група во вкупниот број на корисници на банкарските услуги. На 30.06.2007 година, 24,2% од вкупниот број на корисници припаѓаа на групата средни банки, што претставува пораст од 7,7 процентни поени во споредба со 31.12.2006 година. Истовремено, учеството на оваа група банки во вкупниот број на корисници - физички лица изнесуваше 26,9%, што претставува полугодишен пораст од 11,2 процентни поени. Во првото полугодие од 2007 година, во структурата на вкупниот број на корисниците на банкарски услуги на ниво на банкарскиот систем, банките во доминантна сопственост на странски акционери учествуваа со 51,9% и воедно, за првпат имаа поголемо учество од банките во доминантна сопственост на домашни акционери.

Експанзијата на работењето на банките во доменот на платежните картички, иако со позабавено темпо во однос на 2006 година, продолжи и во текот на првата половина на 2007 година. На 30.06.2007 година, вкупниот број на издадени платежни картички изнесуваше 592.831 и во споредба со крајот на 2006 година забележа пораст од 173.663 картички, односно за 41,4%.

**Графикон бр. 16**
**Состојба и стапка на раст на издадените картички**




И покрај забавеното темпо на пораст на бројот на издадени картички, беше забележан интензивен пораст на користењето на платежните картички, на што укажуваат полугодишните стапки на пораст на бројот на трансакциите со платежни картички и нивната вредност, од 98,9% и 110,2%, соодветно. Анализирано по групи банки, групата големи банки имаше доминантно учество во вкупниот број на издадени платежни картички од 70,8%, а по неа следат групите средни и мали банки со учество од 25,9% и 3,3%, соодветно. Од аспект на доминантната сопственост на банките, 71,6% од вкупниот број на картички на ниво на банкарскиот систем се издадени од банките во доминантна сопственост на странски акционери.

Паралелно со зголемениот број на платежни картички и зголемениот обем на користење на картичките, дојде до интензивирано ширење на мрежата на уредите кај кои се користат картичките, како и на бројот на трговците кои ги прифаќаат картичките како инструмент за плаќање. На 30.06.2007 година, бројот на поставените банкомати во Република Македонија изнесуваше 470, што е за 173 банкомати, или за 58,2% повеќе во споредба со крајот на 2006 година, додека бројот на уредите на продажните места на кои се прифаќаат платежни картички изнесуваше 13.682 и во споредба со крајот на 2006 година, беше зголемен за 4.136 или за 43,3%. Само за споредба, во текот на целата 2006 година порастот на бројот на банкоматите и бројот на уредите на продажните места изнесуваше 140,

односно 3.632, соодветно. Истовремено, на 30.06.2007 година, бројот на трговците кои прифаќаат платежни картички изнесуваше 10.951 и во споредба со 31.12.2006 година, беше зголемен за 3.755 (во текот на целата 2006 година, порастот на бројот на трговците кои прифаќаат платежни картички изнесуваше 2.481).




## 2. Активности на банките

Во текот на првата половина од 2007 година, интензивниот раст на обемот на активностите на банките позитивно се одрази на движењата во македонската економија. Овој пораст беше изразен преку зголемување на депозитниот потенцијал на банките, но и преку натамошен пораст на кредитната поддршка на нефинансиските субјекти. Зголемувањето на обемот на активностите на банките претставуваше основа за понатамошно продлабочување на финансиската интермедијација, а со тоа и за зајакнување на улогата и значењето на банките за вкупната економска активност. Во тој контекст, показателите за степенот на финансиска интермедијација, во текот на првото полугодие од 2007 година, го задржаа нагорниот тренд карактеристичен за изминатите неколку години. Така, на 30.06.2007 година, степенот на финансиска интермедијација, изразен како соднос на вкупната актива, бруто-кредитите и вкупните депозити на нефинансиските субјекти со бруто домашниот производ[12], изнесуваше 65,6%, 34,6% и 47,8%, соодветно. Доминантната позиција на групата големи банки во банкарскиот систем на Република Македонија се покажува и преку најголемиот придонес кој го има во финансиската интермедијација. Имено, показателите за финансиска интермедијација за групата големи банки, изразени




[12] Проценет податок за 2006 година од страна на Државниот Завод за статистика.

како однос меѓу активата, бруто-кредитите и депозитите на оваа група со БДП, на крајот на првото полугодие од 2007 година изнесуваа 43,2%, 24,2% и 34,1%, соодветно. Реално е да се очекува натамошно продолжување на растот на финансиската интермедијација, како одраз на зголемувањето на конкуренцијата во банкарскиот сектор и на интензивирањето на европските интегративни процеси.

## 2.1. Биланс на состојба на банките

На 30.06.2007 година, вкупната актива на ниво на банкарскиот систем изнесуваше 199.065 милиони денари, што во однос на крајот на 2006 година претставува зголемување за 14,3%. Овој пораст најмногу се должи на постојаното засилување на кредитната активност на банките и зголемувањето на нивниот интерес за вложување во краткорочни хартии од вредност. На страната на изворите на средства на банките, главен двигател на порастот беа депозитите на нефинансиските субјекти кои генерираа 79,3% од вкупниот пораст на пасивата. Депозитите на нефинансиските субјекти беа главен извор на финансирање на кредитната активност на банките, што се потврдува и со показателот за соодносот на бруто-кредитите на нефинансиските субјекти со нивните депозити. Имено, на 30.06.2007 година, овој показател изнесува 72,4%, што укажува на тоа дека кредитирањето на банките во значаен дел е финансирано со депозитната база, но сè уште постои простор за зголемување, особено кај секторот „население“ каде што овој показател изнесува 46,0%.

**Графикон бр. 19**
**Динамика на содносот меѓу бруто-кредитите на нефинансиски субјекти со депозитите за банкарскиот систем и по одделни сектори**




Нето-кредитите на нефинансиските субјекти ја зацврстија својата доминантна позиција во структурата на активата на банкарскиот систем. На 30.06.2007 година, нивното учество во вкупната актива изнесуваше 47,3% и во споредба со крајот на 2006 година, забележаа апсолутен пораст за 14.441 милиони денари, што претставува 57,9% од порастот на вкупната актива. Втора позначајна компонента во активата на банките на 30.06.2007 година беа пласманите кај други банки со учество од 23,8%, кои во споредба со крајот на 2006 година се со релативно непроменета апсолутна големина. Најдинамичен релативен пораст, со полугодишна стапка од 37,5%, забележа портфолиото на хартии од вредност. Притоа, портфолиото на хартии од вредност на банките е главно составено од нискоризични хартии од вредност, имајќи предвид дека во неговата структура доминираат благајничките записи на НБРМ и државните записи и фактот дека банките во Република Македонија не се склони кон инвестирање во сопственички и деривативни финансиски инструменти.

**Табела бр. 7**
**Структура на активата и пасивата на ниво на банкарскиот систем**

| Биланс на состојба | Износ во милиони | | Структура | | Пораст 30.06.2007/31.12.2006 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 31.12.2006 | 30.06.2007 | 31.12.2006 | 30.06.2007 | Апсолутна промена | Во проценти | Во структурата | Учество во порастот |
| Парични средства и салда кај НБРМ | 11.165 | 11.201 | 6,4% | 5,6% | 36 | 0,3% | -0,8% | 0,1% |
| Портфолио на хартии од вредност | 24.264 | 33.375 | 13,9% | 16,8% | 9.111 | 37,5% | 2,8% | 36,5% |
| Пласмани кај други банки | 47.195 | 47.467 | 27,1% | 23,8% | 272 | 0,6% | -3,3% | 1,1% |
| Кредити на нефинансиски субјекти (нето) | 79.627 | 94.068 | 45,7% | 47,3% | 14.441 | 18,1% | 1,5% | 57,9% |
| Пресметана камата и останата актива | 5.060 | 5.620 | 2,9% | 2,8% | 560 | 11,1% | -0,1% | 2,2% |
| Основни средства | 6.880 | 7.358 | 4,0% | 3,7% | 478 | 6,9% | -0,3% | 1,9% |
| Неиздвоени резервации за потенцијални загуби | (74) | (24) | 0,0% | 0,0% | 50 | -67,6% | 0,0% | 0,2% |
| **Вкупна актива** | **174.117** | **199.065** | **100,0%** | **100,0%** | **24.948** | **14,3%** | | 100,0% |
| Депозити од банки | 3.902 | 4.435 | 2,2% | 2,2% | 533 | 13,7% | 0,0% | 2,1% |
| Депозити на нефинансиски субјекти | 125.267 | 145.045 | 71,9% | 72,9% | 19.778 | 15,8% | 0,9% | 79,3% |
| Позајмици (краткорочни и долгорочни) | 15.692 | 18.131 | 9,0% | 9,1% | 2.439 | 15,5% | 0,1% | 9,8% |
| Останата пасива | 5.421 | 5.368 | 3,1% | 2,7% | (53) | -1,0% | -0,4% | -0,2% |
| Резервации за вонбилансни ставки | 648 | 763 | 0,4% | 0,4% | 115 | 17,7% | 0,0% | 0,5% |
| Сопствени средства | 23.187 | 25.323 | 13,3% | 12,7% | 2.136 | 9,2% | -0,6% | 8,6% |
| **Вкупна пасива** | **174.117** | **199.065** | **100,0%** | **100,0%** | **24.948** | **14,3%** | | 100,0% |

**Графикон бр. 20**
**Структура на активата на ниво на банкарскиот систем**




Во структурата на активата на банките, во изминатите неколку години е присутен процес на постепено намалување на нивната склоност за пласирање на средствата во странски банки, за сметка на зголемување на кредитирањето и вложувањето во домашни хартии од вредност. Ваквите структурни поместувања во активата, односно реалокацијата на средствата на банките од релативно нискокаматни средства (како што се депозитите кај странски банки) во пласмани во домашната економија (кредити на нефинансиски субјекти, благајнички записи на НБРМ и државни записи), влијаат врз зголемувањето на нивната профитабилност, но истовремено и врз зголемување на нивната изложеност на ризици, особено на кредитниот ризик (со исклучок на благајничките записи на НБРМ и државните записи кои практично се безризични хартии од вредност). Тоа претпоставува потреба од дополнително усовршување на процесите и системите на банките за управување со ризиците. Дополнително, како потенцијален ограничувачки фактор за банките во реалокацијата на средствата од странство во домашната економија, се дивергентните движења на каматните стапки на светските финансиски пазари и во Република Македонија, во последните неколку месеци. Имено, постојаниот пораст на каматните стапки во еврозоната, наспроти трендот на опаѓање на каматните стапки во Република Македонија, може да влијае во правец на намалување на интензитетот на промените во структурата на активата на банкарскиот систем, односно забавување на процесот на реалокација на средствата од нискокаматоносни пласмани во странски банки во пласмани во домашната економија.

На 30.06.2007 година, во структурата на пасивата на банките немаше некои позначајни промени. Доминантното место со учество од 72,9% и понатаму го имаат депозитите на нефинансиските субјекти, а по нив следат




сопствените средства и позајмиците од други банки со учество од 12,7% и 9,1%, соодветно. Зголемувањето на обемот на активностите на банките во изминатите неколку години, кое не беше проследено со идентичен раст на нивните сопствени средства, предизвика непрекинато намалување на стапката на капитализираност и стапката на адекватност на капиталот на банкарскиот систем. И покрај позитивните ефекти врз профитабилноста на банките, тоа нужно претпоставува зголемување на нивниот капацитет за управување со ризиците.

### 2.1.1. Структура на билансните категории по групи банки

Групата големи банки го задржа доминантното место во структурата на билансот на состојба на ниво на банкарскиот систем, воедно претставувајќи главен двигател на промените на одделните билансни категории (Анекс бр. 3 - Пазарно учество и пораст на вкупната актива, кредити и депозити по групи банки). Имено, оваа




група банки учествува со две третини во вкупната актива, бруто-кредитите и депозитите на ниво на банкарскиот систем, а истовремено е носител на повеќе од две третини од вкупниот пораст на овие билансни категории. Сепак, во првото полугодие од 2007 година, групата средни банки забележаа повисоки стапки на раст на активата, кредитите и депозитите во споредба со другите групи, што укажува на зајакнување на нејзината улога во процесот на финансиска интермедијација.

**Графикон бр. 23**
**Полугодишни стапки на пораст на одредени билансни категории по групи банки**




Од аспект на сопственичката структура, банките во доминантна сопственост на странски акционери имаат поголемо учество во активата, бруто-кредитите и депозитите на ниво на банкарскиот систем, во споредба со банките во доминантна сопственост на домашни акционери, што се должи и на фактот што две од трите најголеми банки се подружници на странски акционери. Воедно, банките во доминантна сопственост на странски акционери бележат значително повисоки полугодишни стапки на пораст на одделните билансни категории, што укажува на зајакнување на нивната позиција на домашниот банкарски пазар. Ова особено се однесува за банките кои се дел од странските банкарски групации, кои покрај можноста за поголема капитална поддршка имаат можност за ползување на дополнителна поддршка и ресурси од нивните матични банкарски групации.

## 2.2. Кредитна активност на банките - кредити на нефинансиски субјекти

**Графикон бр. 24**
**Динамика и полугодишна стапка на пораст на бруто-кредитите на нефинансиски субјекти**




Трендот на интензивен пораст на кредитната активност на банките продолжи и во текот на првото полугодие од 2007 година. На 30.06.2007 година, бруто-кредитите на нефинансиските субјекти изнесуваа 105.075 милиони денари и, во однос на 31.12.2006 година, забележаа раст од 17,0%. Зголемувањето на кредитната активност се должи на зголемената побарувачка за кредити од страна на населението и претпријатијата, порелаксираните услови за кредитирање, зголемениот притисок од конкуренцијата, како и позитивните очекувања за економската активност. [13]

[13] Согласно со резултатите од Анкетата за кредитната активност на банките во првото полугодие од 2007 година.

### 2.2.1. Структура на кредитите на нефинансиските субјекти (секторска, рочна и валутна)

**Графикон бр. 25**
**Секторска структура на бруто-кредитите на нефинансиски субјекти и полугодишни стапки на пораст**




Во поглед на **секторската структура** на бруто-кредитите, на 30.06.2007 година, кредитите на претпријатијата ја задржаа доминантната позиција со учество од 63,1%, иако кредитите на населението, во изминатите неколку години, бележат подинамичен раст (Анекс бр. 4 - Структура на кредитите на нефинансиски субјекти). Во однос на крајот на 2006 година, кредитите на населението растат за 7.303 милиони денари, односно за 23,7%, што на крајот на првото полугодие од 2007 година доведе до пораст на нивното релативно учество во вкупните бруто-кредити за 1,9 процентни поени. Од друга страна, кредитите на претпријатијата забележаа поумерен релативен полугодишен пораст од 13,7%, односно за 8.004 милиони денари.

**Графикон бр. 26**
**Рочна структура на бруто-кредитите на нефинансиски субјекти**




Поголемата склоност на банките кон долгорочно кредитирање, забележана во изминатиот период, продолжи и во првото полугодие од 2007 година, со што долгорочните кредити ја зацврстија својата доминантна позиција во **рочната структура** на бруто-кредитите. Имено, во првото полугодие од 2007 година, долгорочните кредити забележаа пораст од 19,5%, со што на 30.06.2007 година, учествуваа со 60,3% во рочната структура на бруто-кредитите. Порастот на долгорочните кредити беше подеднакво распределен кај секторите „население“ и „претпријатија“, кај кои е забележана идентична полугодишна стапка на пораст на долгорочните кредити од 19,5%. Во првото полугодие од 2007 година, забележителен полугодишен пораст од 17,9% оствarija и краткорочните кредити. Меѓутоа, порастот на краткорочните кредити не беше подеднакво распределен меѓу секторите „население“ и „претпријатија“. Кај секторот

„население“ е забележан исклучително висок полугодишен пораст на краткорочните кредити од 46,5%, додека кај секторот „претпријатија“, порастот беше значително поумерен (10,3% во споредба со крајот на 2006 година). Високиот полугодишен пораст на краткорочните кредити на секторот „население“ најмногу се должи на порастот на искористените лимити на тековните сметки и кредитните картички. И покрај забележаниот пораст на нефункционалните кредити за 399 милиони денари на полугодишна основа, тие сепак го намалија своето учество во структурата на бруто-кредитите на нефинансиските субјекти за 1,3 процентни поени.




Од аспект на **валутната структура на кредитите,** во текот на првото полугодие од 2007 година, продолжи трендот на зголемување на релативното значење на кредитите со девизна компонента (девизните кредити и денарски кредити со девизна клаузула), за сметка на намалувањето на учеството на денарските кредити. На 30.06.2007 година, учеството на кредитите со девизна компонента достигна ниво од 55,3% во вкупните бруто-кредити на нефинансиските субјекти. Најголем полугодишен пораст од 7.234 милиони денари, односно за 30,5%, забележаа денарските кредити со девизна клаузула. Со тоа, овие кредити создадоа 47,4% од вкупниот полугодишен пораст на бруто-кредитите на нефинансиските субјекти, зголемувајќи го своето учество во валутната структура на кредитите за 3,1 процентен поен во однос на крајот на 2006 година. Денарските кредити и девизните кредити забележаа значително поумерен полугодишен пораст од 17,7% и 15,1%, соодветно, што услови намалување на нивното релативно учество во




*Податоците за денарските кредити со девизна клаузула пред јуни 2006 година не ги опфаќаат т.н. опциски денарски кредити, кај кои индексирање се врши само ако курсот на денарот во однос на соодветната странска валута се промени само во една насока за одреден процент.

структурата на вкупните кредити за 2,6 и 0,4 проценти поени, соодветно, во споредба со 31.12.2006 година. Релативното значење на кредитите со девизна компонента е поголемо кај правните лица (претпријатија и други клиенти). Меѓутоа, порастот на кредитирањето на населението, проследено со деловната ориентација на банките кон кредитирањето со девизна клаузула, доведе до зголемување на значењето на кредитите со девизна компонента и кај секторот „население“. Така, на 30.06.2007 година, кредитите со девизна компонента достигнаа ниво од 45,7% од вкупните бруто-кредити на населението.

**Графикон бр. 29**
**Динамика на валутната структура на бруто-кредитите по сектори**




Анализирано по групи банки, на 30.06.2007 година групата големи банки го задржа највисокото учество во структурата на бруто-кредитите со 69,9% (Анекс бр. 3 - Пазарно учество и пораст на вкупната актива, кредити и депозити по групи банки). Сепак, на полугодишна основа, највисока стапка на раст на кредитите од 26,5% забележа групата средни банки, а по неа следеше групата големи банки со полугодишен раст на кредитите од 18,2%. Како резултат на промените во структурата на групите банки, односно преминот на една банка во групата средни банки, групата мали банки на полугодишна основа забележа намалување на кредитите на нефинансиските субјекти од 29,9%. Од аспект на сопственичката структура, банките во доминантна сопственост на странски акционери имаат поголемо структурно учество (64,2%) и бележат и повисок пораст на бруто-кредитите на нефинансиските субјекти (полугодишна стапка на пораст од 24,1%). Наспроти нив, банките во доминантна сопственост на домашни акционери оствари полугодишен пораст на бруто-кредитите на нефинансиските субјекти од 6,1% и имаа пад на структурното учесто во бруто-кредитите за 3,7 проценти поени, што во најголем дел се должи на структурната промена на оваа група банки, предизвикана со промената на сопственичката структура на една банка (преземањето на „Охридска банка“ АД Охрид од страна на „Societè Generale“ s.a. Paris).

**Табела бр. 8**
**Структура на кредитите по одделни групи банки**

| Група банки | Секторска структура | | | | Рочна структура | | | | Валутна структура | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Претпријатија | Население | Други комитенти | Вкупно: | Краткорочни | Долгорочни | Достасани и нефункционални | Вкупно: | Денарски | Девизни | Девизна клаузула | Вкупно: |
| Големи банки | 35,0% | 64,4% | 0,6% | 100,0% | 29,9% | 58,0% | 12,1% | 100,0% | 45,6% | 28,6% | 25,8% | 100,0% |
| Средни банки | 39,0% | 60,9% | 0,1% | 100,0% | 23,4% | 69,2% | 7,4% | 100,0% | 37,8% | 22,0% | 40,2% | 100,0% |
| Мали банки | 42,8% | 54,0% | 3,2% | 100,0% | 30,2% | 43,0% | 26,8% | 100,0% | 73,1% | 3,2% | 23,7% | 100,0% |
| Банки во доминантна сопственост на домашни акционери | 74,0% | 25,0% | 1,0% | 100,0% | 28,3% | 57,8% | 13,9% | 100,0% | 61,7% | 12,6% | 25,7% | 100,0% |
| Банки во доминантна сопственост на странски акционери | 57,0% | 42,6% | 0,4% | 100,0% | 28,2% | 61,7% | 10,1% | 100,0% | 35,2% | 33,3% | 31,5% | 100,0% |

Дистрибуцијата на кредитите по групи банки, според нивните структурни карактеристики, укажува на тоа дека долгорочното кредитирање и кредитите со девизна компонента имаат поголемо релативно значење кај групата средни банки, додека кредитирањето на населението има најголемо релативно учество во кредитната активност на големите банки. Кај групата мали банки учеството на достасаните и нефункционалните кредити во вкупните бруто-кредити на нефинансиски субјекти е на релативно високо ниво (26,8% на 30.06.2007 година), што има последици врз вкупниот квалитет на кредитната изложеност и нивото на кредитен ризик кај оваа група банки. Притоа, кај групата мали банки, учеството на денарските кредити во валутната структура на кредитите од 73,1%, е најголемо во споредба со групите средни и големи банки, кај кои е присутна поголема склоност кон кредитирањето со девизна компонента. Од аспект на доминантната сопственост на банките, се забележува поголемата склоност на банките во доминантна сопственост на странски акционери кон кредитирањето на населението, но и кон кредитирањето во девизи и во денари со девизна клаузула.

## 2.3. Портфолио на хартии од вредност

Зголемениот интерес на банките за вложување во краткорочни хартии од вредност продолжи и во текот на првото полугодие од 2007 година. Така, на 30.06.2007 година, вкупниот износ на портфолиото на хартии од вредност во сопственост на банките изнесуваше 33.375 милиони денари. Во споредба со крајот на 2006 година, износот на портфолиото на хартии од вредност забележа пораст од 37,5%, што е највисока полугодишна стапка на пораст меѓу сите билансни категории. Ваквата динамика, во споредба со крајот на 2006 година, доведе до зголемување на учеството на портфолиото на хартии од вредност во структурата на активата на ниво на банкарскиот систем за 2,8 процентни поени и, на 30.06.2007 година, достигна ниво од 16,8%.

Доминантен дел од портфолиото на хартии од вредност на банките се должничките хартии од вредност, кои на 30.06.2007 година, учествуваа со 96,0% во структурата на вкупното портфолио на хартии од вредност (Анекс бр. 5 - Структура на портфолиото на хартии од вредност). Благајничките записи на НБРМ се најголемата ставка меѓу должничките хартии од вредност во портфолиото на банките, а воедно бележат и највисок полугодишен пораст од 5.642 милиони денари, односно за 59,7%. На 30.06.2007 година, вкупниот износ на запишани државни записи од страна на банките изнесуваше 10.872 милиони денари и, во споредба со 31.12.2006 година, забележа значителен пораст од 3.769 милиони денари, односно за 53,1%. Со тоа, на полугодишна основа, целокупниот пораст на портфолиото на хартии од вредност се должи на порастот на благајничките записи на НБРМ и на државните записи. Од вкупниот износ на запишани државни записи, на 30.06.2007 година, 87,8% беа запишани во корист на банките, а остатокот во корист на клиенти.

Како резултат на малата склоност на банките кон преземање пазарен ризик, сопственичките хартии од вредност имаат минорно значење во структурата на вкупното портфолио на хартии од вредност на банките. Имено, на 30.06.2007 година, нивното учество во портфолиото на хартии од вредност изнесуваше 4,0% и, во споредба со крајот на 2006 година, забележаа намалување за 189 милиони денари. Притоа, во секторската структура на сопственичките хартии од вредност, акциите издадени од страна на банките и другите финансиски организации доминираат со учество од 58,0%.

## 2.4. Депозити на нефинансиските субјекти (правни лица и население)

Графикон бр. 30
Динамика и полугодишна стапка на пораст на депозитите на нефинансиски субјекти




Во текот на првото полугодие од 2007 година, продолжи трендот на пораст на депозитната база на банките, што упатува на натамошно зголемување на довербата во банкарскиот систем. Така, на 30.06.2007 година, вкупните депозити на нефинансиските субјекти изнесуваа 145.045 милиони денари, што во споредба со крајот на 2006 година, претставува пораст за 19.778 милиони денари, односно од 15,8%.

### 2.4.1. Структура на депозитите на нефинансиските субјекти (секторска, рочна и валутна)

Графикон бр. 31
Секторска структура на депозитите на нефинансиски субјекти




На 30.06.2007 година, депозитите на населението ја задржаа улогата на доминантна компонента во **секторската структура на депозитната база** на банките (Анекс бр. 6 - Структура на депозитите на нефинансиските субјекти). Воедно, во првото полугодие од 2007 година, депозитите на населението забележаа најголем апсолутен пораст од 11.493 милиони денари, односно за 16,1%, со што создадоа 58,1% од вкупниот пораст на депозитната база на банкарскиот систем. Депозитите на претпријатијата, како втора најголема компонента на депозитната база, на 30.06.2007 година, учествуваа со 35,7% во вкупните депозити на нефинансиските субјекти. Притоа, во споредба со крајот на 2006 година, депозитите на претпријатијата забележаа пораст од 19,3% и во вкупниот пораст на депозитната база придонесоа со 42,3%.

Од аспект на **рочната структура** на депозитната база, во првото полугодие на 2007 година, продолжи трендот на постепено зголемување на рочноста на депозитниот потенцијал на банките. Имено, во набљудуваниот период, учеството на депозитите по видување[14] во вкупните депозити на нефинансиските субјекти, се намали за 2,1 процентен поен, во корист на зголемувањето на релативното

[14] Во депозитите по видување се вклучени и трансакциските депозити.

учество на краткорочните и долгорочните депозити за 1,5 и 0,8 процентни поени, соодветно. Притоа, на полугодишна основа, највисока релативна стапка на пораст од 38,4% забележаа долгорочните депозити, што е уште една потврда за зголемената доверба на јавноста кон банките. Наспроти тоа, краткорочните депозити и депозитите по видување забележаа полугодишни стапки на пораст од 19,3% и 10,2%, соодветно. Понатамошното продолжување на овие движења, би требало да доведе до постепено отстранување на неповолните карактеристики на рочната структура на депозитната база, што би имало индиректно позитивно влијание врз профитабилноста, остварувањата и вкупното работење на банките.

**Графикон бр. 32**
**Рочна структура на депозитите на нефинансиски субјекти**




На 30.06.2007 година, денарските депозити имаа поголемо учество од девизните депозити во **валутната структура** на депозитната база. Така, во првото полугодие од 2007 година, денарските депозити учествуваа со 51,1% во вкупните депозити на нефинансиските субјекти, додека остатокот од 48,9% се однесуваше на девизните депозити. Оваа промена во валутната структура на депозитната база на банкарскиот систем произлегува од интензивниот пораст на денарските депозити во првото полугодие од 2007 година од 24,8%, притоа создавајќи речиси три четвртини од вкупниот пораст на депозитите на нефинансиските субјекти. Наспроти тоа, полугодишниот пораст на девизните депозити изнесуваше 7,7%.

**Графикон бр. 33**
**Полугодишни стапки на раст на депозитите на нефинансиски субјекти според нивната валутна структура**




Анализирано според групи банки, групата големи банки ја задржа доминантната позиција во структурата на депозитната база со учество од 71,3%. Во споредба со крајот на 2006 година, групата средни банки забележа зголемување на структурното учество во вкупните депозити на нефинансиските субјекти за 3,1 процентни поени, што е одраз на повисоките стапки на раст на

депозитите кај банките од оваа група, но и на преминот на една банка од групата мали во групата средни. Од аспект на доминантната сопственост на банките, преземањето на „Охридска банка“ АД Охрид од страна на „Societe Generale Group“ го зголеми релативното учество на банките во доминантна сопственост на странски акционери во структурата на депозитите на нефинансиските субјекти, од 53,5% на крајот на 2006 година, на 58,3% на 30.06.2007 година (Анекс бр. 3 - Пазарно учество и пораст на вкупната актива, кредити и депозити по групи банки).

**Табела бр. 9**
**Структура на депозитите на нефинансиските субјекти по одделни групи банки**

| Структура на 30.06.2007 година | Секторска структура | | | | | Рочна структура | | | | Валутна структура | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Претпријатија | Население | Јавен сектор | Други комитенти | Вкупно | По видување | Краткорочни | Долгорочни | Вкупно | Денарски | Девизни | Вкупно |
| **Групи банки според големината на активата** | | | | | | | | | | | | |
| **Големи банки** | 35,9% | 57,9% | 1,0% | 5,2% | 100,0% | 43,9% | 53,9% | 2,2% | 100,0% | 49,0% | 51,0% | 100,0% |
| **Средни банки** | 37,2% | 55,0% | 0,9% | 6,9% | 100,0% | 38,8% | 51,5% | 9,7% | 100,0% | 53,7% | 46,3% | 100,0% |
| **Мали банки** | 25,9% | 56,5% | 4,6% | 13,1% | 100,0% | 56,7% | 22,4% | 20,9% | 100,0% | 69,9% | 30,1% | 100,0% |
| **Групи банки според доминантната сопственост** | | | | | | | | | | | | |
| **Банки во доминантна сопственост на домашни акционери** | 32,1% | 62,3% | 1,8% | 3,8% | 100,0% | 41,1% | 53,8% | 5,1% | 100,0% | 51,4% | 48,6% | 100,0% |
| **Банки во доминантна сопственост на странски акционери** | 38,3% | 53,5% | 0,7% | 7,5% | 100,0% | 46,4% | 49,1% | 4,5% | 100,0% | 50,9% | 49,1% | 100,0% |

Дистрибуцијата на депозитите по групи банки според нивните структурни карактеристики, генерално е слична со структурата на депозитната база на ниво на банкарскиот систем. Така, кај сите групи банки, доминантна компонента во секторската структура на депозитниот потенцијал се депозитите на населението, следени од депозитите на претпријатијата. Од аспект на рочната структура, единствено кај групата мали банки, депозитите по видување имаат доминантно учество, но од друга страна, кај овие банки, во споредба со останатите групи банки, долгорочните депозити имаат најголемо релативно значење во структурата на депозитната база. Истовремено, кај групата мали банки се забележува највисоко учество на денарските депозити во валутната структура на депозитите на нефинансиските субјекти. Од аспект на доминантната сопственост на банките, во секторската структура на депозитите, релативното учество на депозитите на населението е поголемо кај банките во доминантна сопственост на домашни акционери, додека во рочната структура на депозитната база, релативното значење на депозитите по видување е поголемо кај банките во доминантна сопственост на странски акционери.

## 3. Ризици во банкарското работење

### 3.1. Кредитен ризик

Кредитната експанзија на банките, карактеристична за изминатите три години, доби уште поголем интензитет во текот на првата половина од 2007 година. Така, на 30.06.2007 година, вкупната кредитна изложеност на банките изнесуваше 212.324 милиони денари, што е за 33.136 милиони денари, или за 18,5% повеќе во споредба со 31.12.2006 година (раст за 36,9% во споредба со 30.06.2006 година). Поместувањето на една банка од групата мали во групата средни банки, како и поинтензивниот пораст на кредитирањето на постоечките средни банки, условија најголема полугодишна стапка на пораст на кредитната изложеност (од 29,6%) на групата средни банки. Воедно, кредитната изложеност

на групата мали банки забележа полугодишно намалување за 12,8%. Наспроти тоа, групата големи банки со полугодишна стапка на пораст на кредитната изложеност од 18,9%, имаше највисок придонес во вкупниот пораст на кредитната изложеност на банкарскиот систем од 70,9%, што се должи на нејзината доминација во однос на сите билансни категории, вклучително и во однос на кредитната изложеност на ниво на банкарскиот систем.

**Табела бр. 10**
**Состојба и пораст на кредитната изложеност по групи банки**

| Група банки | Кредитна изложеност (во милиони денари) | | Структура на кредитна изложеност (во %) | | Полугодишна промена 30.06.2007/ 31.12.2006 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 31.12.2006 | 30.06.2007 | 31.12.2006 | 30.06.2007 | Апсолутен пораст (во милиони денари) | Стапка на пораст (во %) | Учество во порастот (во%) |
| **Големи банки** | 124.108 | 147.614 | 69,3% | 69,5% | 23.506 | 18,9% | 70,9% |
| **Средни банки** | 39.283 | 50.929 | 21,9% | 24,0% | 11.646 | 29,6% | 35,1% |
| **Мали банки** | 15.797 | 13.781 | 8,8% | 6,5% | -2.016 | -12,8% | -6,1% |
| **Банки во доминантна сопственост на странски акционери** | 97.092 | 123.378 | 54,2% | 58,1% | 26.286 | 27,1% | 79,3% |
| **Банки во доминантна сопственост на домашни акционери** | 82.096 | 88.946 | 45,8% | 41,9% | 6.850 | 8,3% | 20,7% |
| ***Вкупно:*** | ***179.188*** | ***212.324*** | ***100,0%*** | ***100,0%*** | ***33.136*** | ***18,5%*** | ***100,0%*** |

Од аспект на поделбата на банките според доминантната сопственост, највисока полугодишна стапка на пораст на кредитната изложеност од 27,1% забележаа банките во доминантна странска сопственост, наспроти банките во доминантна домашна сопственост, кои во текот на првата половина од оваа година, остварија пораст на нивната вкупна кредитна изложеност од 8,3%. Најзначајно влијание врз ваквите движења имаше структурната промена на групите банки (промената на доминантната сопственост на една банка - од домашна во странска), како и интензивната кредитна активност на две банки од групата банки во доминантна странска сопственост.

**Стрес-тест анализа за отпорноста на банките на кредитен ризик**

Стрес-тест анализата на отпорноста на банкарскиот систем на кредитен ризик, која се темели врз квантификација на максималниот можен пораст на кредитната активност, без притоа да се загрози солвентноста на банките, покажува дека прифатливата стапка на пораст на бруто-кредитите, на ниво на целиот банкарски систем, би изнесувала 75,4%. Притоа, кај тринаесет банки, кредитната изложеност би можела да се зголеми за повеќе од двапати без да се предизвика намалување на нивната стапка на адекватност на капиталот, под законски утврденото минимално ниво. Од друга страна, по одделни банки, прифатливиот процент на премин на редовни во нефункционални кредити (без да се загрози солвентноста кај банките) се движи во интервал од 6% до 184,4%. Притоа, солвентната позиција на десет банки не би била загрозена и при преминувањето на повеќе од 25% од редовните кредити во нефункционални кредити.

Овие резултати, во услови на засилен кредитен растеж, претставуваат показател дека банкарскиот систем на Република Македонија има капацитет за натамошно зголемување на обемот на кредитната активност, односно натамошно продлабочување на финансиската интермедијација.

*Оваа стрес-тест анализа поаѓа од претпоставките дека макроекономското опкружување останува стабилно и дека се задржува истата структура на новоодобрените кредити од аспект на нивото на ризичност, како и во текот на првото полугодие од 2007 година.

На 30.06.2007 година, во структурата на кредитната изложеност, доминантно учество, од 63,5%, имаа редовните кредити, чија полугодишна стапка на раст изнесуваше 12,2%. Најголем пораст во текот на првото полугодие од 2007 година (за 38,3%) бележи ставката „други побарувања“, главно како резултат на зголемениот интерес на банките за вложување во благајнички записи на централната банка и во државни записи. Близу 60% од порастот на оваа ставка, се должи на порастот на вложување во овие хартии од вредност од страна на две банки.

**Графикон бр. 33**
**Структура на кредитната изложеност со состојба на 30.06.2007 година**




Нефункционалните кредити забележаа полугодишен пораст од 334 милиони денари или за 3,2%. Од аспект на големината на активата на банките, најголем пораст на нефункционалните кредити (од 46,9%) се забележува кај групата средни банки. Високата стапка на раст кај групата средни банки, во најголем дел, е резултат на порастот на износот на нефункционалните кредити кај две банки, кои во вкупниот полугодишен пораст на нефункционалните кредити на групата средни банки учествуваа со 61,7%. Кај групата големи банки се забележува незначителен раст на нефункционалните кредити (од 0,1%), додека кај групата мали банки е присутно намалување на нефункционалните кредити за 7,3%. Структурното поместување во групите банки имаше најголемо влијание врз надолниот тренд на нефункционалните кредити на групата мали банки. Од аспект на доминантната сопственост на банките, поголема стапка на раст на нефункционалните кредити бележи групата банки во доминантна сопственост на странски акционери (4,9%). Овој пораст, речиси во целост, е резултат на порастот на нефункционалните кредити кај две банки.

Набљудувано по одделни банки, на полугодишна основа, нефункционалните кредити растат кај дванаесет банки. Стапката на пораст на нефункционалните кредити кај овие банки се движи во интервал од 6% до 118,9%.

**Табела бр. 11**
**Преглед на бројот на банки кај кои е присутен полугодишен пораст на нефункционалните кредити и интервали на движење на стапките на пораст**

| Група банки | Број на банки кај кои постои полугодишен пораст на нефункционалните кредити | Движење на стапката на полугодишен пораст на нефункционалните кредити кај оние банки каде што е присутен пораст (%) |
|---|---|---|
| **Големи банки** | 2 | 6,0% и 12,9% |
| **Средни банки** | 6 | 8,9% - 118,9% |
| **Мали банки** | 4 | 6,1% - 87,9% |
| **Банки во доминантна сопственост на странски акционери** | 8 | 6,1% - 118,9% |
| **Банки во доминантна сопственост на домашни акционери** | 4 | 6,0% - 87,9% |
| **На ниво на банкарски систем** | 12 | 6,0% - 118,9% |

Вкупниот износ на отписи на побарувањата извршени од страна на банките во периодот јуни 2006 - јуни 2007 година изнесува 5,4 милијарди денари[15], што е за речиси 2,5 пати повеќе, во однос на периодот јуни 2005 - јуни 2006. Од вкупните извршени отписи, 65% отпаѓаат на една банка. Најголем дел од вкупните извршени отписи (68,4%) се однесуваат на денарските побарувања, додека 83,1% претставуваат отпишани побарувања од претпријатијата. Во текот на истиот период (30.06.2006-30.06.2007), банките извршиле наплата на отпишани побарувања во износ од само 138 милиони денари. Најголем дел, или над 88%, од наплатените отпишани побарувања се однесуваат на претпријатијата. Сепак, високиот износ на извршените отписи, не ја нарушува констатацијата дека квалитетот на кредитната изложеност во услови на кредитна експанзија на банките не бележи влошување, од причина што во најголем дел извршените отписи кај банките се однесуваат на кредитната изложеност настаната во минатите години, пред забележаниот засилен кредитен растеж. Од друга страна, отпишаните побарувања претставуваат само 3,5% од вкупната кредитна изложеност на банкарскиот систем на 30.06.2006 година (по одделни банки ова учество се движи во интервал од 0,1% до 37,4%). Во прилог на претходната констатација оди и фактот дека, и покрај полугодишниот апсолутен пораст на нефункционалните кредити, нивното учество во вкупната кредитна изложеност изнесува 5% и бележи намалување за 0,7 процентни поени во однос на 31.12.2006 година (на годишна основа, ова учество е намалено за 2,1 процентни поени).

### 3.1.1. Квалитет на кредитната изложеност

И покрај високиот кредитен растеж, карактеристичен за последните неколку години, сепак не се забележуваат сериозни нарушувања во квалитетот на кредитната изложеност на банкарскиот систем. Напротив, кредитната изложеност класифицирана во категориите на ризик „А“ и „Б“, со полугодишен пораст од 34,1%, ја зајакна својата доминантна позиција и на 30.06.2007 година зафаќаше 93,6% од вкупната кредитна изложеност. Ова е очекувано ако се има предвид фактот дека во првите шест месеци од 2007 година, 99,4% од новоодобрените кредити се класифицирани во категорија на ризик „А“ и „Б“.

Од друга страна, во првата половина од 2007 година, кредитната изложеност класифицирана во категориите на ризик „В“, „Г“ и „Д“ забележа зголемување од 99 милиони денари, додека на годишна основа, се намали за 1.732 милиони денари. И покрај полугодишниот апсолутен пораст на кредитната изложеност класифицирана во категориите на ризик „В“, „Г“ и „Д“, севкупните движења во квалитетот и обемот на вкупната кредитна изложеност доведоа до намалување на нејзиното учество во вкупната кредитна изложеност за 1,2 процентни поени на полугодишна основа, односно за 3,5 процентни поени на годишна основа. Така, учеството на кредитната изложеност класифицирана во категориите на ризик „В“, „Г“ и „Д“ во вкупната кредитна изложеност, на 30.06.2007 година, изнесуваше 6,4%. Во текот на првата половина од 2007 година, кредитната изложеност класифицирана во категоријата на ризик „Д“ забележа минимално зголемување, но сепак, нејзиното учество во вкупната кредитна изложеност се намали за 0,5 процентни поени (намалувањето на учеството на годишна основа изнесуваше 1,5 процентни поени).

[15] Од вкупниот износ на извршени отписи, 39,8% се однесуваат на побарувањата по главница, 58,9% на побарувањата по камата и 1,3% на останати побарувања.

**Табела бр. 12**
**Структура на кредитната изложеност по категорија на ризик**

| Категорија на ризик | Кредитна изложеност (во милиони денари) | | Апсолутна промена (во милиони денари) | Стапка на промена (во%) | Структура (во%) | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 31.12.2006 | 30.06.2007 | | | 31.12.2006 | 30.06.2007 |
| А | 143.707 | 174.139 | 30.432 | 21,2% | 80,2% | 82,0% |
| Б | 21.931 | 24.535 | 2.604 | 11,9% | 12,2% | 11,6% |
| В | 3.807 | 3.711 | -96 | -2,5% | 2,1% | 1,7% |
| Г | 3.435 | 3.597 | 162 | 4,7% | 1,9% | 1,7% |
| Д | 6.307 | 6.341 | 34 | 0,5% | 3,5% | 3,0% |
| *Вкупно:* | *179.188* | *212.323* | *33.135* | *18,5%* | *100,0%* | *100,0%* |

На 30.06.2007 година, просечното ниво на ризичност на вкупната кредитна изложеност на банкарскиот систем изнесуваше 5,9% (соодветствува на категоријата на ризик „Б“), што е за 0,7 процентни поени помалку во споредба со 31.12.2006 година, односно за 2,3 процентни поени помалку во споредба со 30.06.2006 година. Подобрувањето на овој показател се должи на пониската полугодишната стапка на раст на вкупните потенцијални загуби за кредитниот ризик (7,1%), наспроти порастот на вкупната кредитна изложеност (од 18,5%).

Исто така, во првата половина од 2007 година, се намалува учеството на нерезервираниот износ на кредитната изложеност класифицирана во категориите на ризик „В“, „Г“ и „Д“ во сопствените средства, од 19,4% (31.12.2006 година) на 16,6% (30.06.2007 година). Подобрувањето на овој показател е пред сè резултат на повисоката полугодишна стапка на раст на сопствените средства (од 16,9%), наспроти полугодишниот пораст на кредитната изложеност класифицирана во категориите на ризик „В“, „Г“ и „Д“ (0,7%). При најекстремно сценарио, односно под претпоставка за целосна ненаплатливост на кредитната изложеност класифицирана во категориите на ризик „В“, „Г“ и „Д“, за покривање на загубите би биле потребни околу 17% од сопствените средства на банкарскиот систем, што би предизвикало намалување на стапката на адекватност на капиталот од 18% на 15%.

За разлика од групите големи и мали банки, каде што показателите за квалитетот на кредитната изложеност бележат подобрување во споредба со крајот на 2006 година, кај групата средни банки овие показатели се влошуваат.

**Табела бр. 13**
**Показатели за квалитетот на кредитната изложеност по одделни групи банки**

| Групи банки | % на „В“, „Г“ и „Д“ во вкупната кредитна изложеност | | % на нето „В“, „Г“ и „Д“ во сопствените средства | | Просечно ниво на ризичност | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 31.12.2006 | 30.06.2007 | 31.12.2006 | 30.06.2007 | 31.12.2006 | 30.06.2007 |
| **Големи банки** | 8,2% | 6,8% | 31,1% | 24,6% | 7,1% | 6,4% |
| **Средни банки** | 3,6% | 4,2% | 10,5% | 11,8% | 3,4% | 3,5% |
| **Мали банки** | 12,4% | 10,6% | 7,3% | 4,5% | 10,3% | 9,6% |
| **Банки во доминантна сопственост на странски акционери** | 7,0% | 5,9% | 19,9% | 17,3% | 6,5% | 5,8% |
| **Банки во доминантна сопственост на домашни акционери** | 8,2% | 7,2% | 18,8% | 15,7% | 6,6% | 6,1% |
| **На ниво на банкарскиот систем** | **7,6%** | **6,4%** | **19,4%** | **16,6%** | **6,6%** | **5,9%** |

Ова влошување кај групата средни банки се должи, од една страна, на преминот на една банка од групата мали во групата средни банки, но во поголем дел се должи на порастот на апсолутниот износ на кредитната изложеност класифицирана во категориите на ризик „В“, „Г“ и „Д“, за 377 милиони денари, кај пет банки. Речиси половина од овој пораст (49,1%) отпаѓа на една банка.




Групата големи банки има најголемо влијание врз квалитетот на кредитната изложеност на банкарскиот систем. Така, на 30.06.2007 година, оваа група банки опфаќаше 73,6% од кредитната изложност класифицирана во категориите на ризик „В“, „Г“ и „Д“ и 69,2% од кредитната изложеност класифицирана во категориите „А“ и „Б“. Релативно високото учество во кредитната изложеност класифицирана во категориите на ризик „В“, „Г“ и „Д“, услови и најголемо учество на групата големи банки во вкупниот износ на издвоената посебна резерва за покривање на потенцијалните кредитни загуби, од 75,2%.

Квалитетот на кредитната изложеност на групите банки во доминантна странска и домашна сопственост е речиси изедначен. На 30.06.2007 година, кај групата банки во доминантна странска сопственост, просечното ниво на ризичност и учеството на кредитната изложеност класифицирана во категориите на ризик „В“, „Г“ и „Д“ во вкупната кредитна изложеност, изнесуваа 5,8% и 5,9%, соодветно, што е за само 0,3, односно за 1,3 процентни поени помалку во однос на групата банки во доминантна домашна сопственост. Во прилог на подобрувањето на квалитетот на кредитната изложеност на групата банки во доминантна сопственост на странски акционери, оди и преминот на една банка од групата банки во доминантна сопственост на домашни акционери во групата банки во доминантна сопственост на странски акционери.






Банките во доминантна сопственост на странски акционери опфаќаат поголем дел (53,1%) од кредитната изложност класифицирана во категориите на ризик „В“, „Г“ и „Д“, но и поголем дел (58,5%) од кредитната изложеност класифицирана во категориите на ризик „А“ и „Б“. Воедно, на оваа група банки отпаѓаат 56,9% од вкупниот износ на издвоена посебна резерва за покривање на потенцијалните кредитни загуби.

### 3.1.1.1. Ниво на ризичност и тренд на кредитната изложеност од аспект на валутната структура

Од аспект на валутната структура на кредитната изложеност, на 30.06.2007 година доминира кредитната изложеност со валутна компонента, со учество од 52,3%. Притоа, 35,6% од вкупната кредитна изложеност е во девизи, 16,7% е во денари со девизна клаузула, додека на кредитната изложеност во денари отпаѓаа 47,7%.

**Табела бр. 14**
**Валутна структура на кредитната изложеност**

| Вид на кредитна изложеност | 31.12.2006 | | 30.06.2007 | | Пораст 30.06.2007/31.12.2006 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Износ (во милиони денари) | Структура (во %) | Износ (во милиони денари) | Структура (во %) | Износ (во милиони денари) | Стапка во % | учество во порастот |
| Денарска изложеност | 80.994 | 45,2% | 101.167 | 47,6% | 20.173 | 24,9% | 60,9% |
| Денарска изложеност со девизна клаузула | 28.479 | 15,9% | 35.523 | 16,7% | 7.044 | 24,7% | 21,3% |
| Девизна изложеност | 69.715 | 38,9% | 75.634 | 35,6% | 5.919 | 8,5% | 17,9% |
| *Вкупна изложеност:* | *179.188* | *100,0%* | *212.324* | *100,0%* | *33.136* | *18,5%* | *100,0%* |

Во однос на крајот на 2006 година, најголем пораст од 20.173 милиони денари (или за 24,9%) бележи денарската кредитна изложеност. Притоа, најголем апсолутен пораст бележи денарската кредитна изложеност кон секторот „финансиско посредување“ (во рамките на денарската кредитна изложеност кон правните лица и државата), односно денарската кредитна изложеност врз основа на издадени кредитни картички (во рамки на денарската кредитна изложеност кон населението).

**Табела бр. 15**
**Степен на концентрација на кредитната изложеност по валута**

| Вид на кредитна изложеност | Херфиндал-индекс* | | CR3 | | CR5 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 30.06.2006 | 30.06.2007 | 30.06.2006 | 30.06.2007 | 30.06.2006 | 30.06.2007 |
| Денарска кредитна изложеност | 1.553 | 1.639 | 64,1% | 66,6% | 74,2% | 75,4% |
| Денарска кредитна изложеност со девизна клаузула | 2.652 | 1.995 | 68,4% | 69,7% | 74,7% | 85,9% |
| Девизна кредитна изложеност | 2.069 | 1.945 | 74,5% | 73,4% | 81,2% | 82,2% |

*прифатливите вредности на Херфиндал-индексот се движат од 1.000 до 1.800 индексни поени.

Анализата на Херфиндал-индексот и CR-показателите укажува на висок степен на концентрација на кредитната изложеност од аспект на валутната структура, која е особено изразена кај кредитната изложеност со валутна компонента. Ова укажува на релативно високо ниво на концентрација на преземениот кредитен ризик, која произлегува од кредитната изложеност со валутна компонента кај неколку банки.

**Табела бр. 16**
**Учество на кредитната изложеност класифицирана во категориите на ризик „В“, „Г“ и „Д“ во вкупната кредитна изложеност според валута, по групи банки**

| Групи банки | Денарска кредитна изложеност | | Денарска кредитна изложеност со девизна клаузула | | Девизна кредитна изложеност | | Вкупна кредитна изложеност по групи банки | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 31.12.2006 | 30.06.2007 | 31.12.2006 | 30.06.2007 | 31.12.2006 | 30.06.2007 | 31.12.2006 | 30.06.2007 |
| Големи банки | 12,3% | 9,4% | 10,1% | 8,7% | 3,3% | 2,9% | 8,2% | 6,8% |
| Средни банки | 5,3% | 5,3% | 3,5% | 4,9% | 1,5% | 2,1% | 3,6% | 4,2% |
| Мали банки | 15,9% | 14,3% | 8,2% | 8,0% | 5,2% | 3,9% | 12,4% | 10,6% |
| Банки во доминантна сопственост на странски акционери | 9,2% | 6,8% | 8,2% | 7,7% | 3,6% | 3,5% | 7,0% | 5,9% |
| Банки во доминантна сопственост на домашни акционери | 13,2% | 11,0% | 8,3% | 7,5% | 2,5% | 1,9% | 8,2% | 7,2% |
| Вкупна кредитна изложеност | 11,2% | 8,7% | 8,2% | 7,7% | 3,1% | 2,8% | 7,6% | 6,4% |

И покрај високата концентрација, квалитетот на кредитната изложеност, анализиран од аспект на нејзината валутна структура не бележи влошување. Најниска ризичност се забележува кај девизната кредитна изложеност.

Од аспект на големината на активата на банките, кај сите групи банки се забележува подобрување на квалитетот на кредитната изложеност според нејзината валутна структура, со исклучок на кредитната изложеност во денари со девизна клаузула на групата средни банки, чиј квалитет, во анализираниот шестмесечен период, забележа најголемо влошување (зголемување на учеството на кредитната изложеност класифицирана во категории на ризик „В“, „Г“ и „Д“ за 1,4 процентни поени). Од друга страна, најголемо намалување на ризичноста на полугодишна основа се забележува кај денарското кредитно портфолио на групата големи банки (намалување на учеството на денарската кредитната изложеност класифицирана во категориите на ризик „В“, „Г“ и „Д“ во вкупната денарска кредитна изложеност кај оваа група банки за 2,9 процентни поени), што се должи на интензивното денарско кредитирање на населението, во вид на кредитни картички и преку одобрување дозволени пречекорувања на тековните сметки, кои во моментот на нивното одобрување најчесто се со низок ризик.

Од аспект на доминантната сопственост на банките, кај двете групи банки се забележува подобрување на квалитетот на кредитната изложеност, според нејзината валутна структура. На полугодишна основа, ова подобрување најмногу е изразено кај денарското кредитно портфолио на групата банки во странска доминантна сопственост, каде учеството на денарската кредитна изложеност класифицирана во категориите на ризик „В“, „Г“ и „Д“ во вкупната денарска кредитна изложеност бележи намалување за 2,4 процентни поени.

### 3.1.1.2. Ниво на ризичност на кредитната изложеност од аспект на секторската структура

На 30.06.2007 година, во рамките на секторската структура на кредитната изложеност, со 76,4% доминира изложеноста кон правни лица од различни економски дејности (вклучувајќи ја и изложеноста кон државата), а по неа следат изложеноста кон населението, на која отпаѓаат 22,2% и изложеноста кон

категоријата „трговци-поединци, физички лица кои не се сметаат за трговци и физички лица кои вршат трговска дејност од мал обем“, со 1,4% од вкупната кредитна изложеност[16] (Анекс бр. 12 - Структура и квалитет на кредитната изложеност кон трговците-поединци, физичките лица кои не се сметаат за трговци и физичките лица кои вршат трговска дејност од мал обем со состојба на 30.06.2007 година).

Во текот на првото полугодие од 2007 година, продолжи трендот на поголем пораст на кредитната изложеност кон населението, во споредба со порастот на кредитната изложеност кон различни економски дејности. Полугодишната (30.06.2007-31.12.2006) и годишната (30.06.2007-30.06.2006) стапка на раст на кредитната изложеност кон населението изнесуваа 19% и 54%, соодветно, наспроти стапките на раст на кредитната изложеност кон економските дејности кои изнесуваа 16,3% и 30,4%, соодветно. Како резултат на позасилениот пораст, кредитната изложеност кон населението го зголеми своето учество во вкупната кредитна изложеност за 0,1 процентни поени, во однос на 31.12.2006 година, односно за 2,5 процентни поени, во споредба со 30.06.2006 година.

**Табела бр. 17**
**Степен на концентрација на кредитната изложеност по сектори**

| Вид на кредитна изложеност | Херфиндал-индекс* | | CR3 | | CR5 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 30.06.2006 | 30.06.2007 | 30.06.2006 | 30.06.2007 | 30.06.2006 | 30.06.2007 |
| Кредитна изложеност кон правните лица (вклучувајќи ја и државата) | 1.766 | 1.769 | 69,4% | 69,1% | 78,9% | 78,4% |
| Кредитна изложеност кон населението | 2.073 | 2.408 | 67,2% | 74,5% | 78,0% | 83,3% |
| Кредитна изложеност кон трговците-поединци, физичките лица кои не се сметаат за трговци и физичките лица кои вршат трговска дејност од мал обем | | 5.133 | | 87,6% | | 97,3% |

* прифатливите вредности на Херфиндал-индексот се движат од 1.000 до 1.800 индексни поени.

Релативно високото ниво на концентрација е карактеристично и за кредитната изложеност на банките од аспект на секторската структура. Единствено кај кредитната изложеност кон правни лица, Херфиндал-индексот е во прифатливи рамки (1.769 индексни поени на 30.06.2007 година). Највисока концентрација постои кај кредитната изложеност кон секторот „трговци-поединци, физички лица кои не се сметаат за трговци и физички лица кои вршат трговска дејност од мал обем“, со оглед на тоа што само неколку банки го вршат овој специфичен вид на кредитна активност. Концентрацијата на кредитната изложеност кон населението е особено висока. Показателот CR3, кој изнесува 74,5%, укажува на високо ниво на концентрација на преземениот кредитен ризик, кој произлегува од кредитите на населението, кај само три банки.

[16] До 31.03.2007 година, кредитната изложеност кон овој сектор банките ја пријавуваа како кредитна изложеност кон секторот “население“, и тоа во рамки на категоријата “други кредити“. Од вториот квартал на ова полугодие, банките започнаа подетално да ја известуваат НБРМ и за структурата на микрокредитите за деловни намени, односно за кредитната изложеност кон трговци-поединци, физички лица кои не се сметаат за трговци и физички лица кои вршат трговска дејност од мал обем.

**Табела бр. 18**
**Степен на диверзификација на кредитниот ризик во рамки на одделните сектори**

| Степен на диверзификација | Земјоделство, лов и шумарство | | Индустрија | | Сообраќај, складирање и врски | | Трговија на големо и мало | | Градежништво | | Население | | Трговци-поединци | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 30.06.2006 | 30.06.2007 | 30.06.2006 | 30.06.2007 | 30.06.2006 | 30.06.2007 | 30.06.2006 | 30.06.2007 | 30.06.2006 | 30.06.2007 | 30.06.2006 | 30.06.2007 | 30.06.2006 | 30.06.2007 |
| % од кредитната изложеност која отпаѓа на 5-те најголеми комитенти | 33,8% | 32,3% | 12,6% | 14,4% | 35,7% | 33,3% | 12,4% | 11,9% | 43,3% | 40,1% | 0,6% | 0,6% | | 1,2% |
| % од кредитната изложеност која отпаѓа на 10-те најголеми комитенти | 49,8% | 46,1% | 21,3% | 23,9% | 41,9% | 39,5% | 18,9% | 17,6% | 55,1% | 51,6% | 1,1% | 0,9% | | 2,1% |
| % од кредитната изложеност која отпаѓа на 20-те најголеми комитенти | 63,2% | 63,2% | 34,3% | 37,0% | 50,1% | 48,5% | 27,3% | 25,5% | 66,2% | 62,5% | 1,7% | 1,4% | | 3,3% |

Анализата на диверзификацијата на кредитниот ризик во рамки на одделните сектори е направена врз основа на пресметка на учеството на кредитната изложеност кон првите 5, 10 и 20 најголеми клиенти во вкупната кредитна изложеност кон одреден сектор. Во рамките на секторот „население" и секторот „трговци-поединци, физички лица кои не се сметаат за трговци и физички лица кои вршат трговска дејност од мал обем" постои релативно висок степен на диверзификација на кредитниот ризик, што поаѓајќи од природата на овие кредиткорисници, е сосема очекувано. Во рамки на кредитната изложеност кон одделните економски дејности, повисок степен на диверзификација на кредитниот ризик се забележува кај кредитната изложеност кон дејностите „индустрија" и „трговија на големо и мало". Наспроти тоа, релативно низок степен на диверзификација постои кај кредитниот ризик што банките го преземаат со кредитирањето на дејностите „градежништво", „земјоделство, лов и шумарство" и „сообраќај, складирање и врски".

### 3.1.1.2.1. Структура и квалитетот на кредитната изложеност кон правните лица и државата

Во структурата на вкупната кредитната изложеност на банкарскиот систем кон правните лица и државата, доминантно место има кредитната изложеност кон дејноста „финансиско посредување", со учество од 35,3% (Анекс бр. 9 - Динамика на кредитната изложеност по одделни дејности). Кредитниот ризик за банките од изложеноста кон оваа дејност е минимален, бидејќи таа, во најголем дел произлегува од изложеноста на банките кон НБРМ (врз основа на вложувања во благајнички записи), како и од изложеноста во вид на пласирани депозити во странски и домашни банки. Засилената кредитна активност на банките кон нефинансиските лица и ориентацијата на банките кон купување државни хартии од вредност беа главните причини за намалување на учеството на „финансиското посредување" во вкупната кредитна изложеност кон правните лица, за 1,2 процентни поена (споредба 30.06.2007/31.12.2006). Од друга страна, релативно високата стапка на раст на кредитната изложеност кон дејноста „јавна управа, одбрана и задолжителна социјална заштита" е одраз на зголемената активност на банките на примарниот пазар на државни хартии од вредност (државни записи и континуирани државни обврзници)[17].

[17] Со состојба на 30.06.2007 година, учеството на банките во сопственичката структура на издадените државни записи изнесуваше 86,9%, што претставува 97,0% од кредитната изложеност на банкарскиот систем кон јавната управа.

Втора по застапеност, со учество од 22,8%, е кредитната изложеност кон индустријата, која забележа полугодишен пораст од 20,2%. Ова, од своја страна даде поттик за раст на индустриското производство од 3,6% во првото полугодие од 2007 година, во однос на истиот период од 2006 година.

Кредитната изложеност кон дејноста „трговија на големо и мало“ зафаќаше 16% од вкупната кредитна изложеност кон правните лица и државата Со својот полугодишен раст од 15,9%, имаше влијание врз кумулативниот раст од 23,2% на вкупниот промет во трговијата на големо и мало, во текот на првите пет месеци од 2007 година, во споредба со истиот период од претходната година.

Кредитната изложеност кон останатите дејности, поединечно, учествуваше со помалку од 10% во вкупната кредитна изложеност кон правните лица и државата. Кредитната изложеност кон градежништвото забележа полугодишен пораст од 15,9%, додека нејзиното учество во вкупната кредитна изложеност изнесуваше само 5%.

Во рамки на кредитната изложеност кон сите поодделни дејности, доминира групата големи банки чие учество се движи во интервал од 60,3% до 78,4%. Банките во доминантна сопственост на странски акционери преовладуваат во кредитната изложеност кон сите пооделни дејности, освен кај дејноста „сообраќај, складирање и врски“ каде најголемиот дел од кредитната изложеност потекнува од групата банки во доминантна сопственост на домашни акционери (Анекс бр. 8 - Структура на кредитната изложеност кон одделни економски дејности по групи банки со состојба на 30.06.2007 година).

**Табела бр. 19**
**Показатели за квалитетот на кредитната изложеност на одделни економски дејности**

| Показатели за квалитетот на кредитното портфолио | Датум | Индустрија | Земјоделство, лов и шумарство | Градежништво | Трговија на големо и мало | Сообраќај, складирање и врски | Вкупна изложеност кон правни лица и држава |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Просечно ниво на ризичност на кредитното портфолио кон одделни дејности | *30.06.2006* | 19,0% | 25,1% | 9,0% | 12,6% | 9,7% | 8,7% |
| | *31.12.2006* | 15,1% | 19,3% | 8,5% | 11,4% | 8,2% | 7,1% |
| | *30.06.2007* | 12,9% | 16,5% | 7,3% | 10,3% | 7,2% | 6,3% |
| Учество на „В“, „Г“ и „Д“ во вкупната кредитна изложеност кон одделни дејности | *30.06.2006* | 23,5% | 32,9% | 21,1% | 13,0% | 10,0% | 10,7% |
| | *31.12.2006* | 18,3% | 20,7% | 14,9% | 11,9% | 6,9% | 8,2% |
| | *30.06.2007* | 14,6% | 20,5% | 10,9% | 10,1% | 5,9% | 6,9% |

Во првото полугодие од 2007 година, просечното ниво на ризичност на изложеноста кон одделните дејности и учеството на кредитната изложеност класифицирана во категориите на ризик „В“, „Г“ и „Д“ во вкупната кредитна изложеност кон одделните дејности бележат намалување. Овие показатели се пресметани за пет дејности[18], кои заедно учествуваат со 48,9% во вкупната кредитна изложеност на банкарскиот систем кон правните лица и државата на 30.06.2007 година и со околу 58,1% во структурата на БДП во првиот квартал од 2007 година. Воедно овие дејности создаваат околу 82,9% од вкупниот раст на БДП во истиот период[19]. Притоа, забележливи се разликите во профилот на

[18] Во анализата се опфатени дејностите кон кои банките имаат највисока кредитна изложеност, со исклучок на „финансиското посредување“ и „јавната управа и одбрана“, а тоа се: „индустрија“„трговија на големо и мало“„градежништво“„сообраќај, складирање и врски“ и „земјоделство, лов и шумарство“.
[19] Последен расположив податок ; Извор: Соопштение за краткорочните макроекономски индикатори, Државен завод за статистика на Република Македонија, од 20.06.2007 година.

ризичност на анализираните дејности. Најниско ниво на ризичност имаше кредитната изложеност кон дејноста „сообраќај, складирање и врски“, додека највисоко ниво на ризичност беше забележано кај кредитната изложеност на банките кон дејноста „земјоделство, лов и шумарство“. Меѓутоа, и покрај релативно високите вредности на овие показатели, сепак е присутен тренд на нивно намалување кај сите анализирани дејности.

Иако, на крајот на јуни 2007 година, просечната категорија на ризичност на кредитната изложеност кон економските дејности остана непроменета во споредба со крајот на 2006 година („Б“), сепак постои подобрување на односот потенцијални загуби / кредитна изложеност за 0,8 проценти поени (на годишна основа ова подобрување изнесува 2,4 процентни поени).

### 3.1.1.2.2. Структура и квалитетот на кредитната изложеност кон населението

Во структурата на кредитната изложеност кон секторот „население“, потрошувачките кредити и понатаму имаат доминантно учество со 33,7%. Во однос на 31.12.2006 година, ова учество е намалено за 3,6 процентни поени, додека намалувањето во однос на 30.06.2006 година изнесува 8,9 процентни поени.

**Графикон бр. 37**
**Структура на кредитната изложеност кон физичките лица со состојба на 30.06.2007 година**




Наспроти тоа, присутно е зголемување на учеството на кредитната изложеност врз основа на издадени кредитни картички (од 19,1% на 30.06.2006 година, 23,4% на 31.12.2006 година, на ниво од 29,7% на 30.06.2007 година), што се поврзува со порастот од 30,3% на вкупниот број кредитни картички во првата половина од 2007 година.

Од аспект на доминантната сопственост на банките, во структурата на кредитната изложеност кон населението доминира групата банки во доминантна сопственост на странски акционери (со учество кое по одделни категории се движи од 63,9% до 93,3%), освен во структурата на кредитната изложеност врз основа на негативни салда по тековни сметки, каде доминантно учество има групата банки во доминантна сопственост на домашни акционери (52,5%). Од аспект на големината на активата на банките, доминира групата големи банки (со учество од 54,8% до 98,4%), освен во структурата на кредитната изложеност

врз основа на „други кредити“, каде доминантно учество има групата средни банки од 65% (Анекс бр. 11 - Структура на кредитната изложеност кон населението по групи банки).

На 30.06.2007 година, учеството на кредитната изложеност кон населението класифицирана во категориите на ризик „В“, „Г“ и „Д“, во вкупната кредитна изложеност кон овој сектор, изнесуваше 4,9% и бележи намалување за 0,5 процентни поени, во однос на 31.12.2006 година, односно намалување за 1,9 процентни поени, во споредба со 30.06.2006 година. Просечната ризичност на кредитната изложеност кон населението, измерена како однос на утврдените потенцијални загуби и кредитната изложеност кон секторот „население“, на крајот на првото полугодие од 2007 година, изнесуваше 4,5% (одговара на категоријата на ризик „А“) и во однос на 31.12.2006 година бележи намалување за 0,1 процентни поени (намалувањето на годишна основа изнесува 1,4 процентни поени).

**Табела бр. 20**
**Показатели за квалитетот на кредитната изложеност кон населението со состојба на 30.06.2007 година**

| Показатели за квалитетот на кредитната изложеност | Датум | Кредити за набавка и реновирање на станбен простор | Кредити за набавка и реновирање на деловен простор | Потрошувачки кредити | Негативни салда по тековни сметки | Кредити врз основа на издадени кредитни картички | Автомобилски кредити | Други кредити | Вкупна изложеност кон население |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Учество на „В“, „Г“ и „Д“ во вкупната кредитна изложеност | *30.06.2006* | 6,0% | | 6,3% | 18,5% | 3,1% | | 7,1% | 6,8% |
| | *31.12.2006* | 5,3% | | 6,6% | 5,1% | 3,2% | | 6,5% | 5,4% |
| | *30.06.2007* | 4,8% | 5,3% | 5,3% | 6,2% | 3,1% | 4,1% | 10,4% | 4,9% |
| Просечно ниво на ризичност | *30.06.2006* | 5,2% | | 5,2% | 16,8% | 2,8% | | 6,1% | 5,9% |
| | *31.12.2006* | 5,7% | | 5,0% | 3,8% | 2,4% | | 6,7% | 4,6% |
| | *30.06.2007* | 5,4% | 6,8% | 4,7% | 5,1% | 2,7% | 4,8% | 10,0% | 4,5% |

Врз основа на транзициските матрици за физичките лица[20] и за нефинансиските правни лица[21], за периодот 30.06.2006-30.06.2007 година (Анекс бр. 10- Транзициска матрица за клиентите - физички лица и Транзициска матрица за клиентите - нефинансиски правни лица), е направена оценка на движењето на квалитетот на кредитната изложеност, изземајќи го ефектот од новоодобрените кредити во текот на едногодишниот период (30.06.2006-30.06.2007). Притоа, се заклучува дека во текот на овој период, кредитната изложеност кон физичките лица бележи поголемо влошување, мерено преку учеството на кредитната изложеност класифицирана во категориите „В“, „Г“ и „Д“ во вкупната кредитна изложеност кон населението, (овој показател се зголеми од 5,4% на 30.06.2006 година на 8,3% на 30.06.2007 година). Од друга страна, кредитната изложеност кон нефинансиските правни лица бележи помало влошување, мерено преку истиот показател (од 12,8% на 30.06.2006, на 13,9% на 30.06.2007 година).

---

[20] Транзициската матрица за физички лица е изработена земајќи ги предвид само физичките лица - резиденти со изложеност поголема од 150.000 денари кои банките се должни да ги пријават во Кредитниот регистар, согласно со Одлуката за содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар.

[21] Транзициската матрица за клиентите - нефинансиските правни лица (претпријатија) се однесува само на нефинансиските правни лица - резиденти, кои банките се должни да ги пријавуваат поединечно во Кредитниот регистар, согласно со Одлуката за содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар. Оттука, при изработката на транзициската матрица не е земена предвид кредитната изложеност на банките кон другите домашни банки, кон правните лица - нерезиденти (вклучувајќи ги и странските банки) и кон правните лица со вкупна кредитна изложеност помала од 500.000 денари.

### 3.3. Ризик на земја

Изложеноста на банкарскиот систем кон ризикот на земја, како резултат на кредитните изложености кон нерезидентите, е мала. Таа, на 30.06.2007 година, изнесуваше 37.836 милиони денари и забележа полугодишен пораст од 0,5%. Оттука, на полугодишна основа, учеството на изложеноста на ризик на земја, во вкупната кредитна изложеност, забележа намалување за 3,2 процентни поени и на 30.06.2007 година изнесуваше 17,8%.




Најголемиот дел, односно 96,4% од изложеноста на банките на ризик на земја, произлегува од пласираните депозити во странски банки. Малата изложеност на ризикот на земја може да се согледа и од износот на вкупните потенцијални загуби врз основа на ризик на земја, кои на 30.06.2007 година, изнесуваа 30 милиони денари и зафаќаа само 0,2% од вкупните потенцијални загуби на 30.06.2007 година. Притоа 77,4% од вкупните потенцијални загуби врз основа на ризик на земја произлегуваат од изложеноста на банките кон една земја. Изложеноста кон оваа земја зафаќаше 0,3% од вкупната изложеност на ризик на земја.

Изложеноста на банките на ризикот на земја произлегува од кредитната изложеност кон клиенти од вкупно триесет и осум земји. Структурата на изложеноста по поединечни земји е речиси непроменета во однос на претходните периоди. Имено и натаму доминира изложеноста кон клиентите од земјите-членки на Европската унија, како и од Швајцарија и САД.




Доминацијата на групата големи банки е присутна и кај нето-изложеноста на ризикот на земја, со учество од 70,1%.

### 3.4. Ликвидносен ризик

Банките во Република Македонија одржуваат задоволително ниво на ликвидност, набљудувано од аспект на изворите на средства, расположливоста на ликвидната и високоликвидната актива и рочната усогласеност на средствата и обврските.

### 3.4.1. Примарни извори на средства

Зголемената доверба во банкарскиот систем, заснована на неговата повеќегодишна стабилност, резултираше со континуирано зголемување на депозитната база. Така, во текот на првото полугодие од 2007 година, просечниот месечен износ[22] на депозитите во банкарскиот систем достигна ниво од 133.922 милиони денари, што претставува пораст од 22,2% во однос на 2006 година. Овој пораст беше резултат на зголемувањето на краткорочните депозити за 28,9%, при што најголем придонес од 48,1% имаа денарските краткорочни депозити од населението. Од друга страна, учеството на примарните извори на средства во вкупните извори на средства и во вкупните туѓи извори на средства на банките, забележа мала промена во однос на 2006 година и изнесуваше 72,0% и 83,8%, соодветно (во 2006 година - 71% и 84,3%, соодветно).

Неповолната рочна структура на примарните извори на средства на банките е сè уште присутна. Имено 95,5% од вкупните примарни извори на средства се на краток рок до 1 година (44,8% депозити по видување и 50,7% краткорочни депозити до една година). Сепак, во рамки на структурата на депозитите до 1 година, е присутна тенденцијата на зголемување на учеството на краткорочно орочените депозити за сметка на намаленото учество на депозитите по видување. И покрај порастот од 33,6%, долгорочните депозити имаат сè уште ниско учество од само 4,5%.

**Табела бр. 21**
**Рочна структура на примарните извори на средства по групи банки**

| Опис | | Просек за првата половина на 2006 год. | Просек за 2006 год. | Просек за првата половина на 2007 год. |
|---|---|---|---|---|
| Банки во доминантна домашна сопственост | депозити по видување | 53,1% | 52,6% | 48,5% |
| | краткорочно орочени депозити | 42,9% | 43,5% | 47,5% |
| | долгорочно орочени депозити | 4,0% | 4,0% | 3,9% |
| Банки во доминантна странска сопственост | депозити по видување | 44,0% | 43,5% | 42,1% |
| | краткорочно орочени депозити | 52,0% | 52,3% | 53,0% |
| | долгорочно орочени депозити | 4,1% | 4,2% | 4,9% |
| Група големи банки | депозити по видување | 49,0% | 48,5% | 45,6% |
| | краткорочно орочени депозити | 49,1% | 49,6% | 52,4% |
| | долгорочно орочени депозити | 1,9% | 1,9% | 2,0% |
| Група средни банки | депозити по видување | 43,9% | 43,1% | 40,5% |
| | краткорочно орочени депозити | 46,9% | 47,3% | 50,1% |
| | долгорочно орочени депозити | 9,2% | 9,6% | 9,3% |
| Група мали банки | депозити по видување | 55,5% | 54,9% | 53,3% |
| | краткорочно орочени депозити | 34,1% | 35,0% | 30,8% |
| | долгорочно орочени депозити | 10,4% | 10,1% | 15,9% |
| Цел банкарски систем | депозити по видување | 48,4% | 47,8% | 44,8% |
| | краткорочно орочени депозити | 47,5% | 48,1% | 50,7% |
| | долгорочно орочени депозити | 4,0% | 4,1% | 4,5% |

Анализата по одделни групи банки, според нивната големина, покажува дека позитивните поместувања во рочноста се присутни кај сите групи банки, особено кај групата мали банки, каде долгорочно орочените депозити покажаа најголем процентуален пораст (од 39,5%).

Исто така, анализата по групи банки од аспект на нивната доминантна сопственост, покажува идентични движења во рочната структура на примарните

[22] Анализата на ликвидносниот ризик се базира на просечните износи на сите категории од билансот на состојба на банкарскиот систем.

извори на средства, како и на ниво на банкарскиот систем во целина. Кај групата банки во доминантна домашна сопственост, депозитите по видување останаа доминантна категорија (со учество од 48,5% во примарните извори на средства) и покрај нивното структурно намалување. И покрај најголемиот процентуален пораст на долгорочно орочените депозити (57,2%), кај групата банки во доминантна странска сопственост, тие имаат с.è уште релативно ниско значење во структурата на вкупните примарни извори на средства на оваа група банки.

### 3.4.2. Секундарни извори на средства

Во текот на првата половина на 2007 година, просечниот месечен износ на секундарните извори на средства (депозити од банки, краткорочни и долгорочни позајмици) изнесуваше 20.743 милиони денари. И покрај порастот од 23,3% во однос на 2006 година, нивното релативно значење во вкупните извори на средства и во вкупните обврски на банките, беше речиси непроменето во однос на 2006 година и изнесуваше 11,2% и 13%, соодветно (во 2006 година - 10,9% и 12,9%, соодветно), што во најголема мера се должи на речиси идентичниот раст на депозитната база на банките во истиот период.

**Табела бр. 22**
**Структура на секундарните извори на средства по групи банки**

| Опис | | Просек за првата половина на 2006 год. | Просек за 2006 год. | Просек за првата половина на 2007 год. |
|---|---|---|---|---|
| **Банки во доминантна домашна сопственост** | депозити од банки | 18,6% | 19,1% | 21,0% |
| | краткорочни позајмици | 2,5% | 2,1% | 2,3% |
| | долгорочни позајмици | 78,9% | 78,8% | 76,7% |
| **Банки во доминантна странска сопственост** | депозити од банки | 18,2% | 19,3% | 16,9% |
| | краткорочни позајмици | 0,4% | 0,5% | 10,1% |
| | долгорочни позајмици | 81,4% | 80,2% | 73,1% |
| **Група големи банки** | депозити од банки | 14,8% | 16,3% | 14,6% |
| | краткорочни позајмици | 1,5% | 1,5% | 11,7% |
| | долгорочни позајмици | 83,7% | 82,2% | 73,7% |
| **Група средни банки** | депозити од банки | 23,7% | 23,9% | 23,8% |
| | краткорочни позајмици | 0,6% | 0,4% | 1,5% |
| | долгорочни позајмици | 75,7% | 75,7% | 74,6% |
| **Група мали банки** | депозити од банки | 20,2% | 18,6% | 23,0% |
| | краткорочни позајмици | 2,1% | 2,2% | 0,4% |
| | долгорочни позајмици | 77,7% | 79,2% | 76,6% |
| **Цел банкарски систем** | депозити од банки | 18,4% | 19,2% | 18,4% |
| | краткорочни позајмици | 1,3% | 1,2% | 7,2% |
| | долгорочни позајмици | 80,3% | 79,6% | 74,4% |

Во структурата на секундарните извори на средства, доминантна категорија претставуваат долгорочните позајмици (74,4%) кои бележат најголем апсолутен пораст (2.014 милиони денари) и воедно имаат најголем придонес во порастот на секундарните извори на средства (51,4%). Овој пораст е резултат на вложени субординирани депозити во текот на првото полугодие на 2007 година, од страна на матичните банки на две големи банки. Од друга страна, во првата половина од 2007 година, најголем пораст (за повеќе од шестпати) забележаа краткорочните позајмици, пред сè како резултат на порастот на краткорочните кредитини линии од странските банки (нивниот пораст создаде 99,6% од вкупниот пораст на краткорочните позајмици). Притоа, овој пораст речиси во целост се должи на користениот синдициран кредит од меѓународна финансиска институција, од страна на една голема банка во доминантна странска сопственост. Како резултат на овој пораст на краткорочните позајмици беа забележани

промени и во стуктурата на вкупните секундарни извори на средства на ниво на целиот банкарски систем, како и во рамки на групата големи банки и групата банки во доминантна странска сопственост. И покрај понатамошната доминација на долгорочните позајмици, кај групата големи банки и групата банки во доминантна странска сопственост, беше зголемено релативното значење на краткорочните позајмици за 10,2 процентни поени и 9,6 процентни поени, соодветно. Овој пораст на ниво на целиот банкарски систем изнесуваше 6 процентни поени.

Најголемо учество од 56,3% во вкупните секундарни извори на средства, имаше групата големи банки, додека од аспект на доминантната сопственост на банките - групата банки во доминантна странска сопственост, со учество од 62,5%.

### 3.4.3. Ликвидна и високоликвидна актива

Во текот на првото полугодие од 2007 година, ликвидната актива[23] на банките изнесуваше 67.389 милиони денари, што е за 19,3% повеќе во однос на 2006 година. Главниот двигател на растот на ликвидната актива беа вложувањата во благајнички записи на НБРМ и државни записи, со учество во вкупниот пораст од 38,7% и 31,4%, соодветно.

Структурните промени во активата на банкарскиот систем, во насока на намалување на учеството на ликвидната актива, за сметка на зголемувањето на активата со понизок степен на ликвидност, но со повисок степен на принос, продолжи и во текот на првата половина на 2007 година. Така, учеството на ликвидната во вкупната актива продолжи да се намалува и во просек, во текот на првото полугодие од 2007 година, изнесуваше 36,3% (прво полугодие од 2006 година: 37%; 2006 година: 36,6%). Ваквите движења имаа позитивни ефекти врз профитабилноста на банките во текот на првата половина од 2007 година.

Во последните неколку години, вклучително и во првата половина од 2007 година, групата банки во доминантна странска сопственост одржуваше пониско ниво на ликвидната актива во вкупната актива (31,6% за првото полугодие на 2007 година) во споредба со банките во доминатна домашна сопственост (42,6% за првото полугодие на 2007 година). Сепак, во текот на првата половина од 2007 година во споредба со 2006 година, учеството на ликвидната во вкупната актива кај банките во доминантна странска сопственост забележа пораст од 2,8 процентни поени. Наспроти тоа, учеството на ликвидната во вкупната актива на банките во доминантна домашна сопственост, во текот на истиот период се намали за 2,4 процентни поени.

[23] Ликвидната актива, во поширока смисла, ги опфаќа високоликвидната актива, краткорочно пласираните средства кај странски банки и пласманите во други краткорочни долговни хартии од вредност.







Анализирано според големината на банките, највисоко учество на ликвидната актива во вкупна актива одржува групата мали банки (40,5%), по која следат групата средни банки (38,1%) и групата големи банки (35%). Намалувањето на учеството на ликвидната актива во вкупната актива во однос на 2006 година е забележано единствено кај групата големи банки.




И покрај забележителното намалување, сè уште доминантна категорија во рамки на ликвидната актива се пласманите кај други банки (53,2%). Од друга страна, е присутна тенденција на пораст на учеството на должничките хартии од вредност и благајничките записи на НБРМ. Притоа, во текот на првата половина на 2007 година, вложувањата во должнички хартии од вредност на просечна месечна основа, оствариja најголема стапка на пораст од 64,1%, во однос на 2006 година. Исто така, во анализираниот период, висок раст од 51,1% забележаа и вложувањата во благајнички записи на НБРМ.



Анализирано по групи банки, структурата на ликвидната актива е речиси идентична со структурата на ниво на банкарскиот систем, со изразена доминација на пласманите кај други банки. Единствено кај групата мали банки се забележува порамномерно учество на сите компоненти на ликвидната актива.

Во првото полугодие на 2007 година, речиси 52% од ликвидната актива на банките или 34.990 милиони денари имаше високоликвиден карактер[24]. Движењата на компонентите на ликвидната актива (намалувањето на пласманите кај странски банки и порастот на вложувањата во должнички хартии од вредност и во благајнички записи на НБРМ), се одразија врз речиси двојно поголемиот пораст на високоликвидната актива (од 38%) во однос на порастот на ликвидната актива во првата половина на 2007 година, во споредба со 2006 година. Ваквиот пораст на високоликвидната актива доведе до забележително зголемување на просечната месечна покриеност на вкупните депозити со високоликвидна актива, од 23,1% во 2006 година на 26,1% во првото полугодие од 2007 година. Во анализираниот период, покриеноста на депозитите по видување со високоликвидна актива достигна ниво од 58,3% (2006 година: 48,4%), додека покриеноста на вкупните обврски на банките изнесуваше 21,9% (2006 година: 19,5%). Највисок степен на покриеност на вкупните обврски со високоликвидна актива, од 48,2%, во текот на првата половина од 2007 година, имаше групата мали банки, додека кај групите големи и средни банки, овој показател изнесуваше 16,9% и 29,6% соодветно. Покриеноста на вкупните обврски со високоликвидна актива кај групите банки во доминантна странска сопственост и доминантна домашна сопственост, во истиот период, изнесуваше 23,2% и 20,2%, соодветно.

**Графикон бр. 44**
**Учество на високоликвидната актива во вкупната актива**




[24] Високоликвидната актива ги опфаќа паричните средства и салда кај НБРМ, благајничките записи на НБРМ, кореспондентни сметки кај странски банки и краткорочни пласмани во хартии од вредност издадени од државата.

Просечното месечно учество на високоликвидната во вкупната актива на банкарскиот систем, за првото полугодие од 2007 година, изнесуваше 18,8% и забележа пораст за 2,4 процентни поени во однос на 2006 година.

Анализирано по групи банки, највисоко учество на високоликвидната во вкупната актива е присутно кај групата мали и групата средни банки, што може да се забележи во сите анализирани периоди. Високото учество на високоликвидна актива и доминацијата на сопствените средства во вкупните извори на средства кај групата мали банки, придонесоа кај оваа група банки да постои највисок степен на покриеност на депозитите по видување со високоликвидна актива (115,3%), по што следат групата средни банки (93,3%) и групата големи банки (42,8%).

За разлика од претходните периоди, кога учеството на високоликвидната во вкупната актива на банките во доминантна домашна и странска сопственост беше речиси изедначено, во ова полугодие учеството на високоликвидната актива кај банките во доминантна сопственост на странски акционери е поголемо и изнесува 20,3%. Наспроти ова, учеството на високоликвидната во вкупната актива на банките во доминантна домашна сопственост, во првата половина од 2007 година изнесуваше 16,8%. Тоа се одрази и врз степенот на покриеност на депозитите по видување со високоликвидна актива, која кај групата банки во доминантна странска сопственост изнесуваше 66,8%, наспроти 48,2% кај групата банки во доминантна домашна сопственост.

### 3.4.4. Рочна структура на активата и пасивата

Доминацијата на депозитите на краток рок, проследена со засилената кредитна активност и зголемувањето на рочноста на одобрените кредити на банките, доведе до продлабочување на рочната неусогласеност на нивните средства и обврски, според договорните рокови.

**Графикон бр. 45**
**Динамика на кумулативната договорна резидуална рочна неусогласеност меѓу средствата и обврските на ниво на банкарски систем**




Анализирано по групи банки, со исклучок на групата мали банки, каде што постои усогласеност од аспект на договорната резидуална рочност на средствата и обврските, кај сите останати групи банки (според големината на активата и според доминантната сопственост), кумулативната договорна резидуална рочна неусогласеност на средствата и обврските се надминува во рочниот блок над 12 месеци.

И покрај кратката договорна рочност на депозитите по видување, сепак нивната висока стабилност (искуствено анализирани во вкупен износ) влијае врз постигнувањето усогласеност, во сите рочни блокови, помеѓу очекуваните (антиципирани) одливи и приливи на ниво на целиот банкарски систем, како и кај сите групи банки.

На 30.06.2007 година, просечното ниво на стабилни депозити по видување за сите банки изнесуваше 81,3% (2006 година - 81,8%), додека според очекувањето на банките во рок од седум дена може да се одлеат 10,6% од вкупните депозити. Очекуваното ниво на стабилни денарски депозити по видување се зголеми на 85,9% (2006 година: 81,8%), додека банките очекуваат нешто помала стабилност на девизните депозити по видување, на ниво од 76,8% (2006 година: 82,5%).

**Графикон бр. 46**
**Очекуван процент на стабилност на депозитите**




**Стрес-тест анализа на изложеноста на банкарскиот систем на ликвидносен ризик (30.06.2007 година)**

Резултатите од спроведените симулации на ликвидносни шокови врз банкарскиот систем ја потврдија стабилноста на неговата ликвидносна позиција. Така, симулацијата на повлекување на 20% од вкупните депозити на населението надвор од банкарскиот систем, доведе до намалување на ликвидната актива на банките за 23,3%, додека на високоликвидната актива за 41,5%. При оваа симулација, степенот на покриеност на вкупните обврски со ликвидна актива би се намалил од 41,2% на 35%. Кај сите банки, нивото на високоликвидна актива е доволно за покривање на хипотетичкото повлекување на 20% од депозитите на населението. Притоа, намалувањето на високоликвидната актива по поединечни банки би се движело во интервал од 1,7% до 81,2%, додека ликвидната актива по одделни банки би се намалила од 1,7% до 46,1%.

При хипотетичко повлекување на депозитите на дваесетте најголеми депоненти[25] на секоја банка одделно, намалувањето на ликвидната актива би изнесувало 55,7% (2006 година: 51,1%) додека на високоликвидната актива би изнесувало 99,3% (2006 година: 106,9%). Намалувањето на високоликвидната актива по одделни банки би се движело во интервалот од 6,7% до 182,4%, при што кај седум банки би се појавил недостаток на високоликвидна актива, кој би требало да се покрие со ликвидната актива. При ова најекстремно сценарио, намалувањето на ликвидната актива по одделни банки би се движело во интервал од 6,7% до 157,8%.

[25] Учеството на депозитите на дваесетте најголеми депоненти во вкупната депозитна база на секоја банка, се движи во интервалот од 4,1% до 73,4%.

## 3.5. Курсен ризик - ризик на девизниот курс

## 3.4. Курсен ризик[26]

Значителната застапеност на девизната компонента во билансите на банките и понатаму останува една од главните карактеристики на банкарскиот систем на Република Македонија. На 30.06.2007 година, повеќе од половината од вкупната актива на банкарскиот систем (53,8% или 105.383 милиони денари) беше актива со девизна компонента, додека учеството на девизната пасива изнесуваше 47,8% (93.553 милиони денари). Во последните две години учеството на девизната во вкупната актива бележи постепено намалување од 59,1% на 30.06. 2005 година, на 53,8% на 30.06.2007 година. Во истиот период, учеството на девизната во вкупната пасива е на релативно стабилно ниво од околу 50%. Извесно намалување се забележува на 30.06.2007 година, кога овој показател изнесува 47,8%.

**Графикон бр. 47**
**Тренд и учество на девизната актива и девизната пасива во вкупната актива и во вкупната пасива**




Во споредба со 31.12.2006 година, девизната актива и девизната пасива на банките забележаа стапки на пораст од 9,4% и 8,9%, соодветно, главно како резултат на растот на кредитите во девизи и во денари со девизна клаузула, како и порастот на девизните депозити.

**Графикон бр. 48**
**Учество на девизната актива и девизната пасива во вкупната актива на одделните групи банки на 30.06.2007 година**




**Графикон бр. 49**
**Учество на девизната актива и девизната пасива во вкупната актива според доминантната сопственост на банките на 30.06.2007 година**




---

[26] При анализата на курсниот ризик на ниво на банкарскиот систем, се исклучува една банка. Согласно со Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Македонска банка за поддршка на развојот („Службен весник на Република Македонија" број 109/05), почнувајќи од декември 2005 година, за МБПР АД Скопје не се применуваат прописите со кои се уредува отворената девизна позиција.

По одделни групи банки, највисока застапеност на девизната компонента во активата и во пасивата, од 57,9% и 50,5%, соодветно, имаше кај групата големи банки. Во однос на 31.12.2006 година, учеството на групата големи банки во вкупната девизна актива и во вкупната девизна пасива на ниво на банкарскиот систем забележаа минимални промени и изнесуваа 72,0% и 70,8%, соодветно.

Банките во доминантна сопственост на странски акционери имаат поголемо учество на девизната компонента во нивната вкупна актива и пасива, за разлика од банките во доминантна сопственост на домашни акционери, кај кои девизната компонента зафаќаше помалку од 50% од нивната вкупна актива и пасива. Воедно, банките во доминантна странска сопственост заземаат поголем дел од вкупната девизна компонента на билансите на ниво на банкарскиот систем (64,6% од вкупната девизна актива и 62,3% од вкупната девизна пасива со состојба на 30.06.2007 година).

**Табела бр. 23**
**Валутна структура на девизната актива и девизната пасива**

| Валута | 30.06.2007 | |
|---|---|---|
| | Структура на девизна актива (во %) | Структура на девизна пасива (во %) |
| **Евро** | 83,3% | 83,5% |
| **Американски долар** | 11,0% | 12,1% |
| **Швајцарски франк** | 2,7% | 2,3% |
| **Британска фунта** | 0,9% | 0,4% |
| **Австралиски долар** | 0,4% | 0,4% |
| **Останато** | 1,7% | 1,3% |
| *Вкупно:* | 100,0% | 100,0% |

Еврото и понатаму има најголем удел во валутната структура на средствата и обврските. Ова произлегува главно од високиот степен на валутна супституција во македонската економија како и од доминацијата на еврото во структурата на извозот и увозот на Република Македонија (68,7% од вкупниот извоз, односно 70,3% од вкупниот увоз на Република Македонија заклучно со 30.06.2007 година, се реализирал во евра). Американскиот долар е втората валута по застапеност во работењето на банките и неговото учество во девизната актива и девизната пасива остана стабилно во изминатите неколку години.

На 30.06.2007 година, структурата на девизната актива, генерално, не бележи позначајни промени во споредба со 31.12.2006 година. Освен побарувањата во девизи и во денари со девизна клаузула[27], чиј полугодишен пораст изнесуваше 15,2% и 22,9%, соодветно, сите останати компоненти на девизната актива покажуваат намалување. Средствата пласирани кај странски банки, сè уште имаат доминантна позиција, со 41,4% (45,6% на 31.12.2006 година) и покрај тоа што во текот на првата половина од 2007 година бележат намалување за 0,8%. (Анекс бр. 15- Структура на девизната актива со состојба на 30.06.2007 година на ниво на банкарскиот систем).

На страната на девизната пасива, исто така, не се забележуваат позначајни структурни поместувања во споредба со 31.12.2006 година (Анекс бр. -

[27] Порастот на побарувањата во девизи и во денари со девизна клаузула главно се должи на високите полугодишни стапки на пораст на девизните кредити одобрени на претпријатија и денарските кредити со девизна клаузула одобрени на населението.

Структура на девизната пасива со состојба на 30.06.2007 година на ниво на банкарскиот систем). Девизните депозити на населението останаа доминантна категорија (50,6%) во рамки на девизната пасива на банкарскиот систем. Девизните депозити на претпријатијата, на јавниот сектор и на други клиенти забележаа полугодишен пораст од 16,1%, со што на 30.06.2007 година, нивното учество во вкупната девизна пасива достигна ниво од 19,1% (со состојба на 30.06.2006 година, нивното учество во вкупната девизна пасива изнесуваше 17,4%). Девизните кредити од банките се зголемија за 14,9%, најмногу како резултат на користењето девизен кредит од страна на една банка.

### 3.4.1. Отворена девизна позиција

На 30.06.2007 година, отворената девизна позиција на банкарскиот систем изнесуваше 11.829 милиони денари, што претставува 44,6% од сопствените средства на банките. Следствено на доминацијата на валутата евро во билансите на банките, најголем дел од отворената девизна позиција (82,1%) произлегува од отворената девизна позиција во евра.

**Графикон бр. 50**
**Движење на отворената девизна позиција во однос на сопствените средства на ниво на банкарскиот систем**




**Табела бр. 24**
**Валутна структура на отворената девизна позиција на ниво на банкарски сектор**

| Валута | 31.12.2006 | | 30.06.2007 | |
|---|---|---|---|---|
| | во илјади денари | во % | во илјади денари | во % |
| **Евра** | 8.567.772 | 82,4% | 9.705.644 | 82,1% |
| **Швајцарски франк** | 266.114 | 2,6% | 681.416 | 5,8% |
| **Британски фунта** | 713.367 | 6,9% | 569.430 | 4,8% |
| **Американски долар** | 69.919 | 0,7% | 268.992 | 2,3% |
| **Австралиски долар** | 37.644 | 0,4% | 33.740 | 0,2% |
| **Останато** | 744.906 | 7,2% | 569.714 | 4,8% |
| *Вкупно:* | *10.399.723* | *100,0%* | *11.828.936* | *100,0%* |

На 30.06.2007 година, банкарскиот систем покажуваше активна (долга) отворена девизна позиција во сите валути. Прудентната и стабилна макроекономска политика, што резултира со стабилен девизен курс на денарот во однос на еврото, дава основа за уверување дека можноста за материјализација на ризиците од долгата (активна) девизна позиција на банкарскиот систем е релативно мала.

**Графикон бр. 51**
**Движење на вредноста на македонскиот денар во однос на другите валути, во периодот од 31.12.2006 до 30.06.2007 година**




**Графикон бр. 52**
**Движење на вредноста на македонскиот денар во однос на другите валути, во периодот од 31.12.2006 до 30.06.2007 година**




Потврда за стабилната вредност на денарот претставуваат и ниските вредности за стандардната девијација, пресметана како мерка за степенот на варијабилност на вредностите на македонскиот денар изразени во однос на другите валути во текот на определен период (31.12.2006-30.06.2007)[28]. Вредностите на македонскиот денар изразени во евра се карактеризираа со најмал степен на варијабилност (односно најмал ризик од позначајни промени во девизниот курс). Највисоката варијабилност (мерена преку стандардната девијација) е карактеристична за вредностите на македонскиот денар изразени во американски долари, што во најголема мера се должи на варијабилноста на оваа странска валута .

**Табела бр. 25**
**Валутна структура на отворената девизна позиција по групи банки**

во илјади денари

| Валута | 31.12.2006 | | | | | | 30.06.2007 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Големи банки | Средни банки | Мали банки | Банки во доминантна странска сопственост | Банки во доминантна домашна сопственост | Вкупно: | Големи банки | Средни банки | Мали банки | Банки во доминантна странска сопственост | Банки во доминантна домашна сопственост | Вкупно: |
| **Евра** | 7.125.131 | 869.915 | 572.727 | 7.238.469 | 1.329.303 | 8.567.772 | 8.320.077 | 1.093.472 | 292.096 | 8.915.285 | 790.359 | 9.705.645 |
| **Американски долар** | (4.560) | (53.572) | 128.051 | 7.182 | 62.737 | 69.919 | 245.681 | (43.522) | 66.833 | (10.156) | 279.147 | 268.991 |
| **Швајцарски франк** | 188.766 | 72.163 | 5.184 | 74.824 | 191.290 | 266.114 | 584.015 | 77.994 | 19.406 | 414.497 | 266.919 | 681.416 |
| **Британски фунта** | 485.067 | 119.883 | 108.417 | 380.514 | 332.853 | 713.367 | 338.677 | 126.080 | 104.673 | 240.125 | 329.305 | 569.431 |
| **Австралиски долар** | - | 31.418 | 6.226 | - | 37.644 | 37.644 | | 27.538 | 6.202 | 25.164 | 8.576 | 33.740 |
| **Шведска круна** | - | 2.120 | 896 | - | 3.016 | 3.016 | | 21.103 | 666 | 16.302 | 5.468 | 21.769 |
| **Канадски долар** | - | 25.884 | 11.053 | 9.233 | 27.703 | 36.936 | | 15.873 | 2.099 | 16.735 | 1.237 | 17.972 |
| **Данска круна** | - | 110.170 | 168 | 107.127 | 3.211 | 110.338 | | 1.824 | 191 | 1.010 | 1.006 | 2.015 |
| **Норвешка круна** | - | (121) | 305 | - | 184 | 184 | | (97) | 239 | | 142 | 141 |
| **Останато (изразено во македонски денари)** | 299.113 | 257.456 | 37.862 | 146.458 | 447.973 | 594.431 | 170.432 | 337.060 | 20.323 | 109.136 | 418.680 | 527.816 |
| *Вкупно:* | 8.093.518 | 1.435.316 | 870.889 | 7.963.806 | 2.435.915 | 10.399.723 | 9.658.883 | 1.657.325 | 512.729 | 9.728.097 | 2.100.839 | 11.828.936 |

Анализата по групи банки покажува дека сите групи банки имаат активна (долга) отворена девизна позиција во сите одделни валути, освен групата средни банки и групата банки во доминантна странска сопственост, кои имаат пасивна (кратка) отворена девизна позиција во американски долари. Во услови на депрецијација на оваа валута на меѓународните финансиски пазари, одржувањето на пасивна девизна позиција во американски долари во дозволените прудентни лимити, има позитивно влијание врз профитабилноста на овие банки. Наспроти тоа, кај групата големи банки и групата банки во доминантна домашна

[28] Стандардната девијација во овој случај, претставува мерка за тоа колку широко се дисперзирани вредностите на македонскиот денар (изразени во друга валута) од просечната (средната) вредност, во текот на определен период (од 31.12.2006 до 30.06.2007 година).

сопственост, е присутно зголемување на активната отворена девизна позиција во долари (Табела бр. Валутна структура на отворената девизна позиција по групи банки). Ова зголемување најмногу се должи на порастот на средствата на една банка кај странските и кај домашните банки (во долари).

Во однос на 31.12.2006 година, активната отворена девизна позиција во швајцарски франци бележи значителен полугодишен пораст од 156,1%, што пред сè, произлегува од зголеменото кредитирање од страна на банките во оваа валута (кредитирањето врзано со курсот на швајцарскиот франк бележи полугодишен пораст од 136,4%). Зголемениот интерес за кредититирање во швајцарски франци е главно резултат на депрецијацијата на вредноста на оваа валута, во однос на другите глобални валути во светски рамки (за должниците во швајцарски франци), како и пониските референтни каматни стапки за кредитите врзани со курсот на оваа валута, во однос на референтните каматни стапки за кредитите врзани со курсот на еврото (за позајмувачите во швајцарски франци). Меѓутоа, нагорниот тренд на тримесечниот ЛИБОР за швајцарскиот франк, во последните девет месеци, претставува потенцијален показател за поголемо оптоварување на кредитната способност на должниците во оваа валута.

**Графикон бр. 53**
**Движење на тримесечниот ЕУРИБОР и тримесечниот ЛИБОР за швајцарскиот франк**




Со состојба на 30.06.2007 година, три банки имаа пасивна (кратка) отворена девизна позиција, додека останатите петнаесет банки имаа активна (долга) отворена девизна позиција. Банките управуваат со курсниот ризик во рамки на прудентните лимити, пропишани од страна на Народната банка. На 30.06.2007 година, само кај една банка има пречекорување на овие лимити.

## 3.6. Ризик од несолвентност

Како и во изминатите години, така и во првата половина од 2007 година, банките во Република Македонија одржуваа релативно висока солвентна позиција.

На 30.06.2007 година, вкупниот износ на сопствени средства[29] на банкарскиот систем изнесуваше 27.602

**Графикон бр. 54**
**Динамика и структура на сопствените средства**




[29] Според новиот Закон за банките (Службен весник на РМ, бр. 67/2007), називот „гарантен капитал“ се заменува со „сопствени средства“.

милиони денари, што претставува пораст за 3.998 милиони денари или за 16,9% во однос на 31.12.2006 година. Порастот на вкупниот износ на сопствените средства, во најголем дел се должи на порастот на основниот капитал, кој придонесува за 77,6% од вкупниот пораст на сопствените средства. Растот на дополнителниот капитал од 37,5% во најголем дел се должи на појава на нови субординирани обврски во структурата на изворите на средствата на банките, во првото полугодие на 2007 година.

Зголемувањето на сопствените средства на банките, во споредба со крајот на 2006 година, главно се должи на интерни извори, односно реинвестирање на добивката остварена во 2006 година, од која 61,3% беа искористени за зголемување на сопствените средства на банките. Во структурата на сопствените средства, значајно место добиваат и субординираните обврски, особено кај банките во доминантна сопственост на странски акционери. Останатите екстерни извори за зголемување на сопствените средства на банките (издавањето акции или хибридни капитални инструменти), вообичаено ретко се користат од страна на банките. Така, во првото полугодие на 2007 година, само кај една банка имаше успешна реализација на нова емисија на акции преку приватна понуда, со што се изврши зголемување на нејзините сопствени средства.

**Графикон бр. 55**
**Извори на полугодишното зголемување на сопствените средства по одделни групи банки**




*Со распределбата на добивката од претходната година се зголемуваат резервите или задржаната нераспределена добивка, или пак се намалуваат пренесените загуби од минати години,
**Тековниот финансиски резултат, дисконтиран за 50% е ставка која ги зголемува сопствените средства,
***Останатите извори за зголемување на сопствените средства ги опфаќаат ревалоризациските резерви и ефектот од намалувањето на одбитните ставки.

Нивото на сопствените средства по одделни банки се движи, во интервал, од 231 милиони денари кај банката со најнизок износ, до 5.881 милиони денари кај банката со највисок износ на сопствени средства. Во споредба со 31.12.2006 година, разликата меѓу банката со највисок износ и банката со најнизок износ на сопствени средства се зголемува, пред сè поради зголемувањето на сопствените средства на банката со највисок износ на капитал преку реинвестирање на добивката.

Од аспект на групите банки, групата големи банки имаше најголемо учество од 48,9% во формирањето на сопствените средства, а по неа следат групата средни банки, со 31,5% и групата мали банки, со 19,7%. Во структурата на сопствените средства по групи банки, кај групата големи банки се забележува

најголемо релативно значење на субординираните обврски (учествуваат со 14,9% во вкупните сопствени средства на оваа група), а кај групите средни и мали банки, најголем дел (над 97%) од сопствените средства се генерирани од основниот капитал.

**Табела бр. 26**
**Сопствени средства и нивната промена по одделни групи банки**

| Група банки | Број на банки | Износ на сопствени средства (во милиони денари) | | Апсолутна промена (во милиони денари) | Релативна промена (во %) | Просечен износ на сопствени средства по банка на 30.06.2007 година(во милиони денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 31.12.2006 | 30.06.2007 | | | |
| **Групи банки според големината на активата** | | | | | | |
| Големи банки | 3 | 11.094 | 13.487 | 2.393 | 21,6% | 4.495,7 |
| Средни банки | 8 | 6.696 | 8.682 | 1.986 | 29,7% | 1.085,3 |
| Мали банки | 8 | 5.814 | 5.433 | -381 | -6,6% | 679,1 |
| **Групи банки според доминантната сопственост** | | | | | | |
| Банки во доминантна сопственост на домашни акционери | 10 | 11.134 | 12.126 | 992 | 8,9% | 1.212,6 |
| Банки во доминантна сопственост на странски акционери | 9 | 12.470 | 15.476 | 3.006 | 24,1% | 1.547,6 |

Од аспект на доминантната сопственост на банките, групата банки во доминантна странска сопственост зафаќа поголем дел од сопствените средства на ниво на банкарскиот систем со учество од 56,1%, а воедно создава 75,2% од вкупниот пораст на сопствените средства на ниво на банкарски систем. Притоа, кај овие банки се забележува зголемување на релативното значење на субординираните обврски, како ставка во формирањето на сопствените средства. Имено, на 30.06.2007 година, кај банките во доминантна сопственост на странски акционери, субординираните обврски учествуваат со 14,0% во вкупните сопствени средства, наспроти банките во доминантна сопственост на домашни акционери, каде што субординираните обврски генерираат само 2,6% од сопствените средства.

**Графикон бр. 56**
**Динамика и структура на вкупната актива пондерирана според ризикот**




Вториот составен дел на стапката на адекватност на капиталот претставува активата (билансна и вонбилансна) пондерирана според ризикот. На 30.06.2007 година, активата пондерирана според ризикот изнесуваше 140.904 милиони денари. Нејзиниот полугодишен пораст од 18,9% се должи главно на интензивирањето на кредитната активност на банките. Зголемувањето на вонбилансната актива пондерирана според ризикот е, пред сè, резултат на интезивното издавање кредитни картички.

**Графикон бр. 57**
**Структура на активата пондерирана според ризикот**




**Графикон бр. 58**
**Структура на вонбилансната актива пондерирана според ризикот**




Како последица на движењето на сопствените средства, на активата пондерирана според ризикот и на агрегатната отворена девизна позиција, коефициентот на адекватност на капиталот на ниво на банкарскиот систем, на 30.06.2007 година, изнесуваше 18% или за 0,3 процентни поени помалку во однос на 31.12.2006 година. Заклучно со 30.06.2007 година, ниту една банка немаше коефициент на адекватност на капиталот под законски пропишаниот минимум од 8%.

**Графикон бр. 59**
**Коефициент на адекватност на капиталот по групи банки**




По одделни групи банки, коефициентот на адекватност на капиталот се движи од 12,5% кај групата големи банки, 23,5% кај групата средни банки, до 63,2% кај групата мали банки. Коефициент на адекватност на капиталот кај странските банки изнесува 16,4%, наспроти коефициентот на адекватност на капиталот на домашните банки од 20,4%. Со исклучок на групата мали банки, каде што, како резултат на структурните поместувања во групите банки, доаѓа до зголемување на стапката на адекватност на капиталот, кај сите останати групи банки оваа стапка се намалува.

Доминацијата на кредитниот ризик во профилот на ризичност на банките се одрази и врз распределбата на сопствените средства потребни за покривање на одделните ризици. Трендот на зголемување на делот од сопствените средства потребен за покривање на кредитниот ризик продолжи и во првото полугодие на 2006 година, за сметка на намалувањето на делот од сопствените средства кој го надминува пропишаниот минимум. Ваквите движења се логична последица на засилената кредитна активност на банките, односно зајакнувањето на улога на банките во процесот на финансиска интермедијација.




**Стрес - тест анализа за нивото на стабилност на банкарскиот систем на хипотетички шокови со состојба на 30.06.2007 година**

Стрес-тест анализата на нивото на стабилноста на банкарскиот систем, се изведува со примена на следните шест хипотетички сценарија:

1. Зголемување[30] на кредитната изложеност класифицирана во категориите на ризик „В", „Г" и „Д" за 10%;
2. Зголемување на кредитната изложеност класифицирана во категориите на ризик „В", „Г" и „Д" за 30%;
3. Зголемување на кредитната изложеност класифицирана во категориите на ризик „В", „Г" и „Д" за 50%;
4. Комбинација на кредитен шок (зголемување на кредитната изложеност во категориите на ризик „В", „Г" и „Д" за 30%) и пораст на домашните каматни стапки за 5 процентни поени;
5. Комбинација на кредитен шок (зголемување на кредитната изложеност во категориите на ризик „В", „Г" и „Д" за 50%) и 20% депрецијација на девизниот курс на денарот во однос на еврото и американскиот долар и
6. Претходното сценарио надополнето со ризик од промена на каматните стапки (претпоставка дека домашните каматни стапки се зголемуваат за 5 процентни поени).

Евентуалното изложување на банкарскиот систем на изолиран кредитен шок (симулација со првите три сценарија) би предизвикало намалување на коефициентот на адекватност на капиталот на банкарскиот систем (од 18,0%) на 17,5%, 16,5% и 15,5%, соодветно. Набљудувано по одделни банки, изведувањето на првите три симулации од оваа стрес-тест анализа нема да предизвикува загрозување на солвентната позиција на ниту една банка.

При симулација со комбиниран кредитен и каматен шок, коефициентот на адекватност на капиталот на банкарскиот систем бележи намалување за 1,8 процентни поени, односно се сведува на ниво од 16,2%. По поединечни банки, при примената на оваа

[30] Зголемувањето на кредитната изложеност во категориите на ризик „В", „Г" и „Д" е резултат на намалувањето (прекласификацијата) на кредитната изложеност класифицирана во категоријата на ризик „А".

симулација, коефициентот на адекватност на капиталот се движи во интервалот од 9,7% до 98,5%.

Комбинацијата на кредитен и девизен шок би предизвикала пад на коефициентот на адекватност на капиталот на банкарскиот систем на ниво од 16,7% (односно, намалување за 1,3 процентни поени). По поединечните банки, при примена на ова сценарио, коефициентот на адекватност на капиталот се движи во интервал од 8,97% до 99,42%.

**Графикон бр. 61**
**Стапка на адекватност на капиталот при шесте сценарија на основната стрес-тест анализа**




При најекстремно сценарио, односно при комбинација на хипотетички шокови на страната на кредитниот ризик, девизниот ризик и ризикот на каматна стапка, коефициентот на адекватност на капиталот на банкарскиот систем би изнесувал 16,4% (намалување за 1,6 процентни поени). Ниту при оваа симулација адекватноста на капиталот по поединечна банка не се намалува под законски пропишаниот минимум и се движи во интервал од 8,71% до 99,42%.

## 3.7. Профитабилност

Постојаниот пораст на обемот на активности на банките во изминатите години, вклучително и во првата половина од 2007 година, проследен со реалоцирање на нискокаматоносните во висококаматоносни средства, имаше директен позитивен одраз врз натамошното подобрување на ефикасноста и профитабилноста на банките во Република Македонија. Така, во споредба со изминатите години, на 30.06.2007 година, банките прикажаа најголема полугодишна добивка во износ од 2.220 милиони денари. Оваа добивка е за 148,0% повисока од добивката остварена во истиот период, минатата година. Притоа, во првото полугодие од 2007 година, четиринаесет банки остварија добивка, а загуба од работењето прикажаа пет банки, чие вкупно пазарно учество во вкупната актива на ниво на банкарскиот систем на 30.06.2007 година изнесуваше 7,3%. Понатамошното продолжување на позитивните трендови, во доменот на профитабилноста, претставува клучен предизвик за банките во Република Македонија, особено што остварениот финансиски резултат е еден од најзначајните извори за зголемување на капиталната основа на банките, а со тоа и на нивните вкупни активности.

Сите групи банки, во првото полугодие од 2007 година, прикажаа добивка во своето работење. Притоа, агрегираниот финансиски резултат на ниво на банкарскиот систем, останува во најголем дел детерминиран од остварувањата на групата големи банки, која создаде 64,9% од вкупната добивка на ниво на банкарскиот систем. Групите средни и мали банки учествуваа во вкупната добивка на ниво на банкарскиот систем со 30,4% и 4,7%, соодветно. Од аспект на сопственичката структура, банките во доминантна сопственост на домашни акционери создадоа 53,6%, а банките во доминантна сопственост на странски акционери - 46,4% од вкупната добивка на целиот банкарски систем.

### 3.7.1. Структура на билансот на успех

**Табела бр. 27**
**Реструктуриран биланс на успех на банките**

| Ред. бр. | Позиции | Износ во милиони денари | | | Структурно учество во вкупните редовни приходи | | | Годишна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 30.06.2007 | 30.06.2006 | 30.06.2005 | 30.06.2007 | 30.06.2006 | 30.06.2005 | 2007/2006 | 2006/2005 |
| | Каматен приход | 5.979 | 4.478 | 3.591 | 91,4% | 88,5% | 80,8% | 33,5% | 24,7% |
| | Каматен расход | -2.261 | -1.527 | -1.232 | 34,6% | 30,2% | 27,7% | 48,1% | 23,9% |
| 1 | **Нето каматен приход** | 3.718 | 2.951 | 2.359 | 56,8% | 58,3% | 53,1% | 26,0% | 25,1% |
| | Приходи од провизии | 2.007 | 1.632 | 1.424 | 30,7% | 32,2% | 32,1% | 23,0% | 14,6% |
| | Останати нето финансиски приходи | 605 | 157 | 407 | 9,2% | 3,1% | 9,2% | 285,4% | -61,4% |
| | Приходи по други основи | 212 | 321 | 253 | 3,2% | 6,3% | 5,7% | -34,0% | 26,9% |
| 2 | **Некаматни приходи** | 2.824 | 2.110 | 2.084 | 43,2% | 41,7% | 46,9% | 33,8% | 1,2% |
| 3 | **Вкупни редовни приходи (1+2)** | 6.542 | 5.061 | 4.443 | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 29,3% | 13,9% |
| | Расходи за провизии | -285 | -207 | -200 | 4,4% | 4,1% | 4,5% | 37,7% | 3,5% |
| | Трошоци за плати | -1.443 | -1.329 | -1.276 | 22,1% | 26,3% | 28,7% | 8,6% | 4,2% |
| | Други трошоци | -2.003 | -1.676 | -1.506 | 30,6% | 33,1% | 33,9% | 19,5% | 11,3% |
| 4 | **Некаматни расходи** | -3.731 | -3.212 | -2.982 | 57,0% | 63,5% | 67,1% | 16,2% | 7,7% |
| 5 | **Нето-резервации (вклучувајќи и неиздвоени резервации)** | -1.108 | -1.019 | -1.301 | 16,9% | 20,1% | 29,3% | 8,7% | -21,7% |
| 6 | **Бруто-добивка пред вонредните ставки и оданочување (3+4+5)** | 1.703 | 830 | 160 | 26,0% | 16,4% | 3,6% | 105,2% | 418,8% |
| | Вонредни приходи | 521 | 264 | 541 | 8,0% | 5,2% | 12,2% | 97,3% | -51,2% |
| | Вонредни расходи | -5 | -199 | -4 | 0,1% | 3,9% | 0,1% | -97,5% | 4875,0% |
| 7 | **Нето-добивка по оданочување** | 2.220 | 895 | 697 | 33,9% | 17,7% | 15,7% | 148,0% | 28,4% |

**Графикон бр. 62**
**Структура на вкупните редовни и вонредни приходи на банките и годишна стапка на раст на основните приходни компоненти**




Главен двигател на профитабилното работење на банките, во првото полугодие од 2007 година, беа приходите од редовното работење (нето каматниот приход и некаматните приходи). Тие имаа најголема улога во формирањето на финансискиот резултат на банките, учествувајќи со над 90% во структурата на вкупниот приход. Најголема приходна компонента на банките, во текот на првото полугодие од 2007 година, беше нето каматниот приход, кој генерираше 52,6% од вкупните приходи на банките. На годишна основа (30.06.2007 година - 30.06.2006 година), неговиот пораст изнесуваше 26,0%, што е од особено значење за зголемувањето на степенот на долгорочна одржливост на профитниот потенцијал.

Каматниот приход, во споредба со првото полугодие од 2006 година, бележи раст за 33,5% и остана главна детерминанта на приходната страна од билансот на успех. Од структурен аспект, продолжи трендот на намалување на релативното значење на каматниот приход од претпријатија, наспроти зголемувањето на учеството на каматниот приход остварен од населението и каматниот приход од останатите сектори. Овие движења во структурата на каматниот приход се одраз на движењата во структурата на кредитното портфолио, каде исто така, се зголемува релативното значење на кредитирањето на населението. Во споредба со првото полугодие на 2006 година, највисока стапка на пораст од 48,3%, забележа каматниот приход остварен од останатите сектори (банки, финансиски институции, нерезиденти и јавен сектор), што произлезе од зголемениот интерес на банките да ја пласираат својата ликвидна актива во форма на благајнички записи на НБРМ и државни записи.

Графикон бр.63
Секторска структура на каматниот приход на банките




Во првото полугодие од 2007 година, каматниот расход забележа пораст од 48,1%, во споредба со истиот период од 2006 година. Носител на порастот на каматниот расход беа расходите врз основа на камати за населението и расходите врз основа на камати за останатите сектори (банки, финансиски институции, нерезиденти и јавен сектор), кои во текот на првото полугодие од 2007 година порасна за 60,5% и 50,3%, соодветно, притоа формирајќи 83,9% од вкупниот годишен пораст на каматните расходи. Оваа динамика на одделните компоненти на каматниот расход услови и одредени промени во структурата, каде се забележува зголемување на релативното учество на каматниот расход за населението, а намалување на каматниот расход за претпријатијата. Како главни причини за подинамичниот пораст на каматните расходи, во споредба со растот на каматниот

Графикон бр.64
Секторска структура на каматниот расход на банките



приход, како и за изменетата структура на каматниот расход, се растот на депозитите, особено на депозитите на населението, појавата на субординирани обврски во структурата на капиталот на одредени банки, како и растот на позајмиците од странски банки.

Во рамки на некаматните приходи, најголемо значење во создавањето на приходниот потенцијал на банките имаат приходите врз основа на провизии и надоместоци за извршени финансиски услуги, кои во првото полугодие на 2007 година сочинуваа 30,7% од вкупните редовни приходи и 71,0% од вкупните некаматни приходи. Во првото полугодие од 2007 година, се забележува пораст на останатите нето финансиски приходи (курсни разлики, капитални добивки, приходи од хартии од вредност, дивиденди и сл.) од 285,4%, што пред сè, е резултат на релативно големата капитална добивка остварена од една банка со продажба на капитално вложување во нефинансиски субјект.

**Графикон бр. 65**
**Релативно значење на некаматните расходи и на вкупните редовни приходи и маргина на покриеност на некаматните расходи со вкупните редовни приходи**




Најзначајната расходна компонента во билансот на успех на банките, останаа некаматните расходи, кои во првото полугодие од 2007 година, во споредба со истиот период од 2006 година, забележаа пораст од 16,2%. Најзначајна поединечна трошочна ставка меѓу некаматните расходи се трошоците за вработените (плати и придонеси), кои во првата половина од 2007 година сочинуваа 38,7% од вкупните некаматни расходи. Притоа, во првото полугодие од 2007 година, продолжи трендот на зголемување на степенот на покриеност на некаматните расходи со вкупните редовни приходи на банките. Имено, подинамичниот пораст на приходната страна од билансот на успех, во споредба со растот на некаматните расходи, овозможи степенот на покриеност на некаматните расходи со вкупните приходи да изнесува 175,3%, што е историски највисоко ниво на покриеност. Дополнително на ова, продолжи да се зголемува разликата меѓу учеството на вкупните редовни приходи и учеството на некаматните расходи во активата на ниво на банкарскиот систем. Ова упатува на заклучок дека трендот на зголемување на обемот на активности на банките, а со тоа и зголемената основа за создавање приходи, е проследен со релативно поефикасно оперативно работење. Така, на крајот на првото полугодие на 2007 година, вкупните редовни приходи изнесуваа 7,0% од просечната актива, а некаматните расходи - 4,0%.

Експанзијата на кредитното портфолио, проследена со непрекинатото намалување на неговата просечна ризичност, детерминираше нето-резервациите за потенцијални загуби да го намалат своето релативно значење како расходна ставка од билансот на успех. Така, учеството на нето-резервациите за потенцијални загуби во вкупните редовни приходи бележи надолен тренд и, на крајот на првото полугодие на 2007 година, изнесуваше 16,9%. Покрај тоа, во текот на првото полугодие од 2007 година, банките остварија приходи од кредитното портфолио во обем што е доволен за целосно покривање на каматниот расход и на резервациите за потенцијалните загуби. Имено, степенот на покриеност на резервациите за потенцијални загуби со остварениот нето каматен приход, на крајот на првото полугодие на 2007 година, изнесуваше 3,4 пати.

**Графикон бр. 66**
**Релативно значење на нето-резервациите за потенцијални загуби како расходна ставка**




### 3.7.2. Показатели за профитабилноста и ефикасноста на банките

Позитивните движења во агрегираниот биланс на успех на банките, проследени со значителен раст на прикажаната добивка, соодветно се одразија на показателите за профитабилноста и ефикасноста на банките.

**Табела бр. 28**
**Показатели за профитабилноста и ефикасноста на банките**

| Показател | 30.06.2005 | 30.06.2006 | 30.06.2007 |
|---|---|---|---|
| Стапка на поврат на просечната актива (ROAA) | 1,1% | 1,2% | 2,4% |
| Стапка на поврат на просечните сопствени средства (ROAE) | 6,8% | 8,0% | 18,3% |
| Некаматни расходи/вкупни редовни приходи | 67,1% | 63,5% | 57,0% |
| Трошоци за плати/вкупни редовни приходи | 28,7% | 26,3% | 22,1% |
| Резервации за потенцијални загуби/нето каматен приход | 55,2% | 34,5% | 29,8% |
| Нето каматен приход/просечна актива | 3,8% | 4,1% | 4,0% |
| Нето каматен приход/вкупни редовни приходи | 53,1% | 58,3% | 56,8% |
| Нето каматен приход/некаматни расходи | 79,1% | 91,9% | 99,7% |
| Финансиски резултат/вкупни редовни приходи | 15,7% | 17,7% | 33,9% |
| Број на вработени | 4.544 | 4.816 | 5.247 |
| Актива по вработен (во милиони денари) | 29,1 | 31,1 | 37,9 |
| Финансиски резултат по вработен (во милиони денари) | 0,15 | 0,19 | 0,42 |

Значителното зголемување на остварената добивка на банките во првото полугодие од 2007 година, во споредба со истиот период од минатата година, придонесе за зголемување на стапката на поврат на просечната актива (ROAA) и стапката на поврат на просечните сопствени средства (ROAE) на ниво на банкарскиот систем. Така, на 30.06.2007 година, тие изнесуваа 2,4% и 18,3%, соодветно, што е речиси двојно зголемување во споредба со првото полугодие на 2006 година. Воедно, овие основни показатели за профитабилноста се на

највисоко ниво во споредба со изминатите неколку години. Подобрувањето на профитабилноста на банките се согледува и преку показателот за односот на финансискиот резултат со вкупните редовни приходи на ниво, на банкарскиот систем. Вредноста на овој показател, на 30.06.2007 година, изнесуваше 33,9%, што покажува дека една третина од редовните приходи што ги оствариja банките претставуваат добивка пред оданочување.

**Графикон бр. 67**
**Динамика на показателите ROAA и ROAE за банките**




Зголемувањето на износот на остварената добивка детерминираше подобрување и на показателите за продуктивноста во банкарскиот систем. Имено, нето-добивката по вработен на ниво на банкарскиот систем, на крајот на првото полугодие од 2007 година изнесуваше 0,42 милиони денари, што е повеќе од двојно зголемување, во споредба со првата половина на 2006 година. Исто така, активата по вработен на ниво на банкарскиот систем, на 30.06.2007 година, бележи раст за 21,9%, во споредба со 30.06.2006 година

Подобрувањето на профитабилноста на банкарскиот систем во целина имаше свој одраз и врз одделните групи банки и врз нивните остварувања од работењето. Имено, кај сите групи банки се забележува генерално подобрување на показателите за профитабилноста и ефикасноста, во првото полугодие од 2007 година, во споредба со првото полугодие на 2006 година.

**Табела бр. 29**
**Показатели за профитабилноста и ефикасноста по групи банки**

| Показател | Големи банки | | Средни банки | | Мали банки | | Банки во доминантна сопственост на домашни акционери | | Банки во доминантна сопственост на странски акционери | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 30.06.2006 | 30.06.2007 | 30.06.2006 | 30.06.2007 | 30.06.2006 | 30.06.2007 | 30.06.2006 | 30.06.2007 | 30.06.2006 | 30.06.2007 |
| Стапка на поврат на просечната актива (ROAA) | 1,9% | 2,3% | 2,5% | 2,8% | -1,6% | 1,4% | 0,8% | 3,0% | 1,7% | 1,9% |
| Стапка на поврат на просечните сопствени средства (ROAE) | 19,1% | 27,4% | 15,8% | 16,9% | -5,0% | 3,6% | 4,7% | 20,9% | 11,5% | 16,0% |
| Некаматни расходи/вкупни редовни приходи | 56,0% | 52,0% | 63,8% | 61,2% | 87,0% | 77,3% | 77,1% | 56,5% | 54,7% | 57,4% |
| Трошоци за плати/вкупни редовни приходи | 23,2% | 20,1% | 27,4% | 23,2% | 32,1% | 32,1% | 35,1% | 23,6% | 20,6% | 20,9% |
| Резервации за потенцијални загуби/нето каматен приход | 40,1% | 31,5% | 8,1% | 20,9% | 38,8% | 54,5% | 16,4% | 26,7% | 46,6% | 31,5% |
| Нето каматен приход/просечна актива | 3,8% | 3,8% | 5,5% | 4,6% | 4,1% | 3,4% | 3,4% | 3,4% | 4,7% | 4,4% |
| Нето каматен приход/вкупни редовни приходи | 54,5% | 59,4% | 69,3% | 55,0% | 63,0% | 45,4% | 59,5% | 47,2% | 57,6% | 63,9% |
| Нето каматен приход/некаматни расходи | 97,4% | 114,2% | 108,5% | 89,8% | 72,4% | 58,8% | 77,2% | 83,6% | 105,2% | 111,3% |
| Финансиски резултат/вкупни редовни приходи | 27,9% | 36,6% | 31,1% | 32,7% | -23,7% | 19,1% | 13,5% | 42,8% | 20,4% | 27,4% |
| Број на вработени | 2.692 | 2.827 | 747 | 1.576 | 1.377 | 844 | 2.526 | 2.416 | 2.290 | 2.831 |
| Актива по вработен (во милиони денари) | 36,4 | 46,4 | 24,7 | 33,6 | 24,2 | 17,8 | 28,6 | 34,6 | 34,0 | 40,8 |
| Финансиски резултат по вработен (во милиони денари) | 0,34 | 0,51 | 0,30 | 0,43 | -0,18 | 0,12 | 0,11 | 0,49 | 0,27 | 0,36 |

**Графикон бр. 68**
**Динамика на показателот ROAE за банките според нивната доминантна сопственост**




Доминантната позиција на групата големи банки во банкарскиот систем на Република Македонија услови подобрувањето на нејзините остварувања да има најголемо влијание врз подобрувањето на вкупната слика за профитабилноста на банкарскиот систем. Имено, кај групата големи банки, во првото полугодие од 2007 година, се забележува највисока стапка на поврат на просечните сопствени средства (ROAE), во споредба со групите средни и мали банки. Воедно, единствено кај групата големи банки, нето каматниот приход во целост ги покрива некаматните расходи. Подобрување на показателите за профитабилноста, во првата половина од 2007 година, во споредба со истиот период во 2006 година, се забележува и кај групата средни банки. Помалиот степен на подобрување на показателите кај групата средни банки, во споредба со групата големи банки, е последица на структурните поместувања во составот на групите, односно на преминот на пет банки од групата мали во групата средни банки, во споредба со 30.06.2006 година. Групата мали банки има релативно послаби показатели за профитабилноста и ефикасноста, но сепак, за одбележување е фактот што и оваа група банки, во првото полугодие 2007 година, забележа позитивни резултати во работењето, што не беше случај со првото полугодие од 2006 година. Од аспект на доминантната сопственост на банките, во текот на првото полугодие од 2007 година, во споредба со истиот период од 2006 година, профитабилноста и ефикасноста е подобрена повеќе кај банките во доминантна сопственост на домашни акционери.

### 3.7.3. Движење на каматните стапки и каматен распон

Во текот на првото полугодие од 2007 година, продолжи трендот на намалување на распонот меѓу активните и пасивните пондерирани каматни стапки[31] (interest rate spread) и тоа како кај каматните стапки за денарските кредити и депозити, така и кај каматните стапки за девизните кредити и депозити и денарските кредити и депозити со девизна клаузула. Имено, во текот на првото полугодие од 2007 година, каматниот распон на денарските кредити и депозити се намали за 0,8 процентни поени и е на најниско ниво во анализираниот период. Ова беше условено од намалувањето на активните пондерирани каматни стапки, но и од зголемувањето на пасивните каматни стапки. Овие движења на каматните стапки се резултат на продолжувањето на општиот тренд на

[31] Пондерираната активна каматна стапка е просечната стапка на кредитите на сите сектори и за сите рочности, а пондерираната пасивна каматна стапка е просечната стапка на депозити на сите сектори и за сите рочности. Притоа, пондерираните активни и пондерираните пасивни каматни стапки се прикажуваат одделно според валутата на кредитите или депозитите.

намалување на каматните стапки на благајничките записи и на меѓубанкарскиот пазар, но и на постепеното и континуирано зголемување на конкуренцијата меѓу банките. Каматниот распон меѓу каматните стапки на денарските кредити со девизна клаузула и на денарските депозити со девизна клаузула во текот на првото полугодие од 2007 година, исто така забележа намалување за 0,8 процентни поени. Притоа, очекувањата за зголемување на конкуренцијата во банкарскиот систем, како и развојот на останатите институционални сегменти во рамки на финансискиот систем (пензиски фондови, инвестициони фондови, лизинг компании), исто така, може да влијаат за понатамошно стеснување на каматниот распон.




**Графикон бр. 69**
**Каматен распон на денарските кредити и депозити**




**Графикон бр. 70**
**Каматен распон на денарските кредити и депозити со девизна клаузула**

Каматните стапки на банките за девизните кредити и депозити, вообичаено се постабилни во своето движење. И покрај порастот на меѓубанкарските каматни стапки во еврозоната, во текот на првото полугодие од 2007 година, активните каматни стапки на банките за девизните кредити не го следеа тој тренд и забележаа намалување на




**Графикон бр. 71**
**Каматен распон на девизните кредити и депозити**

полугодишна основа, што заедно со зголемувањето на пасивните пондерирани каматни стапки за девизните депозити, доведе до намалување на каматниот распон за 0,2 процентни поени во споредба со крајот на 2006 година. Но, зголемувањето на значењето на позајмиците од странските банки, во форма на девизни позајмици за ликвидносни цели, на кредитни линии или на субординирани депозити, ги прави каматните расходи на банките чувствителни на движењата на меѓународните финансиски пазари. Тоа, од своја страна, може да биде причина за евентуални корекции во каматните политики на банките во иднина, особено кај каматните стапки за девизни кредити и депозити. Ова особено доаѓа до израз, ако се има предвид нагорниот тренд на стапката ЕУРИБОР во изминатиот период, наспроти трендот на намалување на каматните стапки за денарските кредити. Сепак, кривата на принос на ЕУРИБОР на почетокот на септември 2007 година, добива рамен наклон, што може да биде сигнал за очекувано запирање на растот на краткорочните каматни стапки во еврозоната. Зголемувањето на конкуренцијата во банкарскиот систем, во услови на дивергентни движења на каматните стапки во Република Македонија и во еврозоната, ќе наметне услови за понатамошно намалување на каматниот распон на банките во Република Македонија и амбиент во кој зголемувањето на основата за генерирање приход, паралелно со контролата на трошочните компоненти, ќе бидат главниот предизвик за банките во нивното работење.

**Графикон бр. 72**
**Криви на принос за ЕУРИБОР**



## II. БАНКАРСКАТА СУПЕРВИЗИЈА ВО 2006 ГОДИНА

> *Мисија на НБРМ во извршувањето на банкарската супервизија*
>
> *Нашата мисија е да вршиме супервизија на институциите лиценцирани од страна на НБРМ, насочена кон одржување сигурен и здрав банкарски систем и заштита на депонентите. Наместо да имаме пристап според кој ниту една банка не може да пропадне, ние се фокусираме на спречувањето на системска банкарска криза. Применуваме супервизорски пристап кој се заснова врз ризиците, согласно со најдобрите меѓународни практики и стандарди, истовремено потпирајќи се на принципите на независност, интегритет, професионалност, ефикасност и транспарентност.*
>
> *Октомври, 2007*

### 1. Регулативна рамка

Еден од суштинските предуслови за спроведување ефикасна банкарска супервизија е создавање регулативна рамка која што е компатибилна со меѓународните стандарди и со практиките од овој домен. Во таа насока, во текот на првата половина на 2007 година, од особено значење беше донесувањето на новиот **Закон за банките** и **Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити.**

### 1.1. Осврт кон содржината и целта што се постигнува со донесувањето на Законот за банките

Новиот Закон за банките обезбедува квалитативно подобрување и унапредување на законската рамка со која се регулира основањето и работењето на банките во Република Македонија и начинот на вршење на супервизорската функција на НБРМ. Овој Закон обезбедува значајна усогласеност на домашното законодавство со новите базелски принципи за ефикасна банкарска супервизија и претставува значаен чекор кон хармонизација со европската регулатива од областа на банкарството. Новиот Закон за банките беше мошне позитивно оценет и од страна на Евалуациската мисија на Европската комисија во доменот на финансиските услуги во Република Македонија (Peer assessment evaluation mission on financial services issues), спроведена во јуни 2007 година.

Една од позначајните новини во Законот за банките се однесува на зајакнувањето на барањата банките да воспостават соодветни системи за управување со ризиците и системи на внатрешна контрола, во зависност од обемот, природата и сложеноста на нивните активности. Ваквите одредби претставуваат солидна основа за примена на Новата базелска капитална спогодба (т.н. BASEL II), како еден од основните приоритети на централната банка во следните години. Во овој контекст, особено се значајни одредбите со кои НБРМ се овластува да пропишува повисока стапка на адекватност на капиталот во зависност од обемот, природата и сложеноста на активностите кои ги извршува банката, ризиците на кои таа е изложена, како и во зависност од нејзините системи за управување со ризици и системите на внатрешна контрола. Овие одредби претставуваат суштински предуслов за постепеното преминување кон

супервизија која повеќе се темели врз оценка на ризиците на банките, што во крајна линија претставува и основа за имплементирање на вториот столб („Супервизорска оценка“) од Новата базелска капитална спогодба.

Со новиот Закон за банките е направено и редефинирање и проширување на листата на ризици кои треба да бидат опфатени во рамки на интерните системи за управување со ризици во банките, што значи фокусирање не само на кредитниот ризик туку и на другите ризици, пред сè на пазарните ризици, каматниот ризик и оперативниот ризик.

Во Законот се вградени низа одредби кои се однесуваат на зајакнување на корпоративното управување во банките, како особено битен сегмент во современото банкарско работење. Предуслов за успешно корпоративно управување е постоењето на транспарентна акционерска структура која треба да ја поддржи стабилноста, сигурноста и угледот на банките. Новиот Закон предвидува низа критериуми кои треба да ги исполнува акционерот на банка, со истовремена можност НБРМ да ја одземе претходно издадената согласност и да врши продажба на акциите на акционер кој повеќе не ги исполнува критериумите за акционер или кој стекнал квалификувано учество во банка без претходна согласност од гувернерот. Се очекува овој Закон да обезбеди транспарентна и ефикасна постапка за излез од банкарскиот систем на акционери кои не поседуваат углед и интегритет и чие работење може да ја загрози стабилноста и сигурноста на банката или да го отежни извршувањето на супервизорската функција на НБРМ.

Зголемувањето на цензусот за минималното ниво на капитал потребен за основање и работење на банка на 310 милиони денари, претставуваше уште еден значаен чекор кон прифаќање на европските стандарди и правила.

Законот за банките им нуди можност на странските банки да вршат банкарски и други финансиски активности на територијата на Република Македонија и преку отварање филијали. Сè до полноправното членство на Република Македонија во Европската унија, филијалите на банките од земјите-членки на Европската унија и од останатите земји ќе имаат еднаков третман. Странска банка може да отвори филијала во Република Македонија исклучиво врз основа на дозвола од гувернерот на НБРМ, при што странската банка треба да поседува рејтинг од најмалку БББ според начинот на кој го одредува рејтингот Standard & Poor`s, Fitch IBCA или Thompson Bank Watch, или Баа2 според начинот на кој го одредува рејтингот Moody`s. Законот, истовремено предвидува и низа прудентни и регулаторни барања за филијалите на странски банки кои треба да обезбедат заштита на депонентите. Филијалата е обврзана да работи согласно со законите во Република Македонија.

Со можноста за влез на филијалите на странските банки во Република Македонија дополнително се либерализара пазарот, се олеснува пристапот за странски банки на домашниот пазар на финансиски услуги, а со тоа и се зголемува конкуренцијата на домашниот пазар.

Во насока на зголемување на транспарентноста и пазарната дисциплина на банките во вршењето на финансиските активности и управувањето со ризиците, со Законот за банките се обезбедува зајакнување на улогата на надворешниот ревизор, како и зајакнување на сметководствените стандарди за банките. Зајакнатите критериуми за друштвата кои вршат ревизија на работењето на банките овозможуваат зголемување на ефикасноста во надзорот и

ревизијата на работењето на банките, како и зголемување на целокупната доверба во банкарскиот систем на Република Македонија.

Значаен напредок во Законот за банките е постигнат и во доменот на корективните мерки кои ги презема НБРМ кон банката со утврдени неправилности во своето работење. Законот нуди поголема транспарентност во начинот на изрекување мерки од страна на НБРМ. Покрај широката лепеза на корективни мерки, Законот предвидува степенување при изрекувањето на корективните мерки, во зависност од сериозноста на неправилноста и респонзивноста на банката. Особено значајни се одредбите со кои се оневозможува судот да го поништи решението на гувернерот на НБРМ за: воведување администрација во банка, издавање или одземање дозвола за основање и работење на банка или воведување стечајна или ликвидациона постапка во банка.

## 1.2. Осврт кон содржината и целта што се постигнува со донесувањето на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити

Во рамки на активностите на Република Македонија за усогласување на домашното со европското законодавство, во мај 2007 година, беше донесен Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити. Со овој Закон се обезбеди целосно прифаќање на Директивата 87/102/ЕЕЗ[32], изменета и дополнета со Директивите 90/88/ЕЕЗ[33] и 98/7/ЕК[34].

Со овој Закон се овозможува поголема заштита на корисниците на потрошувачките кредити, преку обезбедување поголема транспарентност и информираност при рекламирање, нудење и одобрување на кредит, преку воведување стандарди кои се однесуваат на сите форми на кредитирање, споредливост на условите за добивање кредити, изедначување на начинот на пресметка на вкупните трошоци на кредитот и сл. Со Законот се воведува и категоријата кредитни агенти, чии услуги можат да ги користат сите даватели на потрошувачки кредити. Одредбите од овој Закон не се однесуваат на потрошувачките кредити во износ помал од 200 евра и над 20.000 евра во денарска противредност.

Овој Закон е особено значаен, бидејќи предвидените регулаторни барања не се однесуваат само на банките и штедилниците, како даватели на кредити, туку и на сите останати субјекти кои се регистрирани да ја вршат оваа активност, вклучително и друштвата за лизинг-услуги, осигурителните компании и други видови финансиски друштва. Се очекува дека примената на овој Закон ќе придонесе да се зголеми дисциплината меѓу финансиските институции во понудата на финансиски услуги на физичките лица.

---

[32] Council Directive 87/102/EEC of 22 December 1986 for the approximation of the laws, regulations and administrative provisions of the Member States concerning consumer credit.

[33] Council Directive 90/88/EEC of 22 February 1990 amending Directive 87/102/EEC for the approximation of the laws, regulations and administrative provisions of the Member States concerning consumer credit.

[34] Directive 98/7/EC of the European Parliament and of the Council of 16 February 1998 amending Directive 87/102/EEC for the approximation of the laws, regulations and administrative provisions of the Member States concerning consumer credit.

## 1.3. Подзаконска рамка

Новиот Закон за банките предвидува донесување повеќе подзаконски акти од страна на НБРМ, во временска рамка од девет месеци од денот на неговото стапување на сила (заклучно со февруари 2008 година). Во таа насока, веднаш по објавувањето на Законот за банките, НБРМ започна со реализација на планот за изготвување на подзаконската регулатива. Притоа, до крајот на јуни 2007 година, беа спроведени следните активности во овој домен:

### 1.3.1. Прецизирање на прудентните барања за штедилниците, чии основи се дадени во Законот за банките

Со **Одлуката за условите и начинот на работа на штедилниците** се регулира попрецизно начинот на примената на супервизорските стандарди кои се однесуваат на дозволените лимити на изложеност, на извршувањето банкарски активности (одобрување кредити и прибирање депозити) и на вложувањата.

Имајќи предвид дека овој вид депозитни институции се значително помали од банките (со просечна големина на актива по поединечна штедилница во износ од 219 милиони денари, што е близу 50 пати помалку од просечната актива за една банка), како и фактот што тие имаат едноставни системи за управување со ризиците и контролни системи, во делот на примената на супервизорските стандарди се предвидени пониски лимити за кредитна изложеност и за вложување на штедилниците во земјиште, згради и опрема.

Воедно, со Одлуката се предвидени минимум потребните елементи кон кои штедилниците треба да се придржуваат при извршувањето на банкарските активности. Во таа насока е предвидена обврска на штедилниците за усвојување на пишани политики и процедури кои се однесуваат на начинот на кредитирање и прибирање депозити, како и на управувањето со ризиците кои произлегуваат од извршувањето на овие активности.

### 1.3.2. Дефинирање на сметководствениот и регулаторниот третман на средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања

Во услови на недоволно развиен пазар на недвижности во Република Македонија, банките често се соочуваат со потешкотии при продажбата на преземените средства, што доведува до пораст на нивната непарична и некаматоносна актива и до нејзина одложена и отежната продажба. Од тие причини, беше донесена Одлуката за сметководствениот и регулаторниот третман на преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања, со која се дефинира сметководствениот и регулаторниот третман на средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања.

Со оваа Одлука се обезбедува пореално прикажување на соодветните билансни позиции и на резултатите од работењето на банките кое се заснова врз меѓународните стандарди за финансиско известување и меѓународните сметководствени стандарди. Одлуката пропишува обврска за задолжителна проценка на вредноста на преземените средства од страна на најмалку два овластени проценители, при што евентуално пониската проценета вредност претставува основа за прикажување расход, односно загуба за оштетување. Доколку банката не успее да го продаде преземеното средство во период од пет години по датумот на преземање, должна е да изврши целосен отпис на тоа средство, односно неговата вредност да ја сведе на нула.

### 1.3.3. Упатство за измени и дополнувања на Упатството за спроведување на Одлуката за утврдување на методологијата за класификација на активните билансни и вонбилансни позиции на банките според степенот на нивната ризичност

Во првото полугодие на 2007 година, беа извршени измени и дополнувања на Упатството за спроведување на одлуката за утврдување на методологијата за класификација на активните билансни и вонбилансни позиции на банките според степенот на нивната ризичност. Во услови на значителен кредитен растеж, особено во доменот на кредитирањето на населението и микробизнисите и заради соодветни системски анализи на кредитната активност на банките, се наметна потребата во доменот на известувањата од страна на банките до НБРМ, да се издвои, односно одделно да се прикаже изложеноста кон категоријата „трговци-поединци, физички лица кои вршат дејност од мал обем и физички лица кои не се сметаат за трговци“.

## 2. Активности на банкарската супервизија

Супервизорската функција на НБРМ се остварува преку следните компоненти:

- Издавање дозволи и согласности на банки и штедилници;
- Супервизија на работењето на банките и штедилниците;
- Преземање корективни мерки кон банките и штедилниците.

### 2.1. Издавање дозволи и согласности на банки и штедилници

Во табела бр. 1 е прикажано резиме на видот и бројот на издадени, односно неиздадени дозволи и согласности, повлечени барања, како и запрени[35] барања за издавање дозволи и согласности, по банки и штедилници во текот на првото полугодие на 2007 година, во споредба со првото полугодие на 2006 година.

**Табела бр. 1**
**Вид и број на издадени, односно неиздадени дозволи и согласности**

| Вид лиценца (банки) | јануари-јуни 2006 | | | јануари-јуни 2007 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Издадени | Одбиени | Повлечени | Издадени | Одбиени | Повлечени | Запрени |
| Дозволи за статусни измени | 1 | | | | | | |
| Согласност за стекнување 5%, 10%, 20%, 33%, 50% и 75% од акциите со право на глас | 3 | | 1 | 3 | | | |
| Согласност за статут | 8 | | | 5 | | | |
| Согласност за работоводен орган | 5 | 1 | | 11 | | | 1 |
| Согласност за измена на назив, седиште и адреса | 2 | | | | | | |
| Согласност за капитално вложување | | | | | | | |
| Согласност за увид во записник | 6 | | | 3 | | | 2 |
| Согласност за измена на Одлуката за издавање дозволи на банка | 1 | | | | | | |

[35] По стапувањето на сила на новиот Закон за банките, процедурата за разгледување на одредени барања за согласности беше запрена, во согласност со одредбите од новиот Закон за банките.

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Согласност за политика за сигурност на информативен систем | 2 | | | 2 | | | |
| **Вкупно** | **28** | **1** | **1** | **24** | **0** | **0** | **3** |

| **Вид лиценца (штедилници)** | **јануари-јуни 2006** | | | **јануари-јуни 2007** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Издадени** | **Одбиени** | **Повлечени** | **Издадени** | **Одбиени** | **Повлечени** | **Запрени** |
| Дозвола за статусни измени | | | | | | | |
| Согласност за стекнување 5%, 10%, 20%, 33%, 50% и 75% од акциите, односно уделите со право на глас | | | | | | | |
| Согласност за статут | 5 | | | 3 | | | 1 |
| Согласност за работоводен орган | | 1 | | | | | |
| Согласност за увид во записник | 1 | | | | | | |
| **Вкупно** | **6** | **1** | | **3** | | | **1** |

Во рамките на процесот на издавање дозволи и согласности, согласно со претходниот Закон за банките (кој беше во примена заклучно со почетокот на јуни 2007 година), НБРМ го испитуваше изворот на средствата со кои се купуваат акциите и уделите во банките и штедилниците. Притоа, во првото полугодие на 2007 година, беа доставени осумнаесет известувања за промена во сопственичката структура на акции, за кои не беше потребна претходна согласност. Од нив, за седум известувања (во пет банки), беше дадено позитивно мислење во однос на доказот за изворот на средствата со кои се стекнати акциите, додека по едно известување (во една банка) беше ограничено правото на глас на акционерите. Десет постапки за разгледување на известувањата за промена на сопственичката структура во шест банки беа затворени како беспредметни, и тоа: во еден случај, во периодот на обработка на известувањето, акциите беа отуѓени, додека во два случаја е утврдено дека настанатата промена во сопственичката структура е под 1%, за што според тогаш важечкиот Закон за банките, не постоеше обврска за известување. Останатите седум постапки, беа затворени како беспредметни со стапување на сила на новиот Закон за банките, според кој не постои законска обврска за известување на НБРМ за изворот за средства при стекнување до 5% од вкупниот број акции, односно од вкупниот број издадени акции со право на глас во банка. Во текот на првата половина на 2007 година беа запрени две постапки за увид во записник поради повлечено барање од страна на банките.

## 2.2. Супервизија на работењето на банките и штедилниците

Во првото полугодие на 2007 година беа извршени вкупно десет непосредни контроли на работењето на банките и штедилниците во Република Македонија. Од извршените контроли, седум се однесуваа на целокупното работењето на две банки и четири штедилници, додека три контроли имаа делумен карактер. Редовните месечни контроли на штедилниците, од аспект на истакнувањето на ажурираните списоци на штедни влогови, продолжија и во првото полугодие од 2007 година.

Во текот на првата половина на 2007 година продолжуваат позитивните трендови во банкарскиот систем, што се потврдува како од наодите од теренските контроли, така и преку вонтеренското следење на банките и штедилниците. Вкупниот профил на ризичност на банките, согласно со рејтинг-системот „CAMELS“, во анализираниот период се подобрува.

Процесот на воспоставување соодветни системи за управување со ризиците е во поодмината фаза во поголем број банки, особено во оние кои се во сопственост на странски банки. Корпоративното управување, вклучително и системите на внатрешна контрола и улогата на внатрешната ревизија, бележат значително подобрување во текот на изминатите години. Сепак, врз основа на извршените контроли, беа утврдени одредени слабости во одделни сегменти од работењето на банките и управувањето со ризиците. Во таа насока, НБРМ даде низа препораки, особено во доменот на зајакнување на сигурноста на информативниот систем, зајакнување на практиките и стандардите при одобрување и следење на кредитите на населението, како и воспоставување процедури и политики за управување и со други ризици, покрај традиционалните банкарски ризици. Предизвиците кои денес стојат пред банките се различни од оние кои постоеја пред неколку години. За разлика од проблемите како што беа поврзаното кредитирање и несоодветните стандарди и практики за оценка на квалитетот на кредитното портфолио, карактеристични за изминатите години, денес пред банките стојат нови предизвици - како да се соочат и соодветно да управуваат со новите ризици (пазарни ризици, ризик од промена на каматните стапки, оперативен ризик и сл.).

### 2.3. Преземени корективни мерки кон банките и штедилниците

Во рамки на своите законски овластувања, а со цел да се одржува стабилноста и сигурноста на одделните банкарски институции и на банкарскиот систем во целина, НБРМ презеде низа корективни мерки кон банките и штедилниците, кај кои беа утврдени неправилности и неуредности во работењето. Во текот на првите шест месеци на 2007 година, беа изречени пет решенија со корективни мерки кон пет банки. (Анекс бр. 18 - Вид и број на преземени корективни мерки). Исто така, НБРМ поднесе пет барања за поведување прекршочна постапка кон две банки и две правни лица (акционери) и кон нивните одговорни лица и една кривична пријава против член на орган на управување на банка.

## 3. Унапредување на институционалниот капацитет на НБРМ во делот на спроведувањето на регулаторната и супервизорската функција над банките и штедилниците

### 3.1. Унапредување на банкарската супервизија

Во текот на првата половина на 2007 година, банкарската супервизија продолжи со активностите за постепено и ефикасно преминување кон супервизија ориентирана кон оценка на ризиците. Во рамки на овие активности, новите супервизорски методологии и процедури беа предмет на тестирање при теренските контроли на една голема и две средни банки. Во таа насока е променета и формата на изразување на збирниот рејтинг за профилот на ризичност на банките и штедилниците, од квантитативна во описна. При новиот пристап се наведуваат основните заклучоци за поодделните области од работењето, согласно со рејтинг-системот „CAMELS“, дополнети со квалификација за нивото на ризиците на кои е изложена банката, како и квалитетот на управување со тие ризици. Квалификациите во процесот на рангирање на ризиците се изведуваат со супервизорската алатка „матрицата за ризик“, преку која се оценува влијанието на поодделните ризици врз вкупниот профил на ризичност на банките. Согласно со утврдениот пристап, за секој тип на ризик се утврдува нивото на ризик (ниско, средно, високо), трендот на ризик

(опаѓачки, стабилен, растечки) и мислење за соодветноста на процесот на управувањето со ризик (слаб, соодветен, добар), имајќи ја притоа предвид сложеноста на активностите кои ги извршува банката. Исто така, беше усвоена листа на показатели, како ранопредупредувачки сигнали за банките.

Активностите поврзани со спроведувањето на Планот за развој на супервизијата ќе продолжат и во понатамошниот период, со ставање посебен акцент на обуката на лицата кои ќе бидат главните носители на транзицијата на банкарската супервизија. Паралелно со измените во Законот за банките, преминот кон супервизија во чиј фокус ќе биде оценката на ризиците и управувањето со нив, претставува основа за постепена имплементација на вториот столб од Новата капиталната спогодба - „BASEL II“.

### 3.2. Унапредување на Кредитниот регистар

Паралелно со континуираните активности на НБРМ за проширување на податоците кои ги содржи Кредитниот регистар и за унапредување на извештајните форми од овој регистар, во тек е и реализацијата на четвртата компонента од проектот на Светската банка за реформа на деловното опкружување и институционалното зајакнување (BERIS), за создавање нов Кредитен регистар на НБРМ. Се очекува новиот Кредитен регистар да биде функционален кон крајот на 2008 година.

### 3.3. Анализа на финансиската стабилност во Република Македонија

Неколкугодишните подготовки и проучувања на процесите на анализа на финансиската стабилност, во јули 2007 година резултираа со објавување на првиот Извештај за финансиската стабилност, кој се однесува за 2006 година. Со тоа, НБРМ се придружи кон групата од педесетина земји од светот кои објавуваат извештаи за финансиската стабилност.

### 3.4. Унапредување на сметководствената рамка за банките

Во текот на првата половина на 2007 година продолжи успешната реализација на проектот за имплементирање на Меѓународните стандарди за сметководствено известување (МСФИ) и на Меѓународните сметководствени стандарди (МСС) во банкарскиот систем на Република Македонија. Во таа насока, НБРМ беше фокусирана кон заокружување на активностите на детаљно проучување на меѓународните стандарди и кон поставување на основите на новата сметководствена рамка. Овие активности се реализираа со консултантска помош од КПМГ Холандија - проект финансиран од холандската влада. Новата сметководствена рамка беше донесена во третиот квартал на 2007 година, со што се заокружи еден исклучително сложен проект, кој ќе придонесе за зголемување на транспарентноста на банкарскиот систем во Република Македонија, но и за зголемување на реалноста и објективноста на финансиските извештаи на банките.

Усвојувањето на новата сметководствена регулатива претставува заокружување на првата фаза од овој сложен проект. Како следен предизвик, како за банкарскиот сектор, така и за централната банка, претставува претстојната имплементација на новата сметководствена рамка, која се планира да стане ефективна на 01.01.2009 година.

# АНЕКСИ

Анекс бр. 1

# Биланс на состојба - АКТИВА

во милиони денари

| *АКТИВА* | 31.12.2006 | | | | 30.06.2007 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Група големи банки** | **Група средни банки** | **Група мали банки** | **Вкупно** | **Група големи банки** | **Група средни банки** | **Група мали банки** | **Вкупно** |
| ***ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И САЛДА КАЈ НБРМ*** | ***7,341*** | ***2,348*** | ***1,476*** | ***11,165*** | ***6,842*** | ***3,343*** | ***1,015*** | ***11,201*** |
| Денарски парични средства | 5,765 | 1,735 | 1,305 | 8,805 | 5,721 | 2,616 | 875 | 9,212 |
| Девизни парични средства | 1,576 | 612 | 170 | 2,358 | 1,117 | 725 | 139 | 1,982 |
| Благородни метали и други парични средства | 0 | 2 | 1 | 3 | 4 | 2 | 1 | 7 |
| ***БЛАГАЈНИЧКИ ЗАПИСИ НА НБРМ*** | ***6,069*** | ***2,204*** | ***1,183*** | ***9,457*** | ***8,858*** | ***4,808*** | ***1,432*** | ***15,099*** |
| ***ДОЛГОВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ*** | ***8,072*** | ***3,579*** | ***1,629*** | ***13,281*** | ***11,693*** | ***3,505*** | ***1,682*** | ***16,880*** |
| Чекови и меници | 42 | 56 | 35 | 134 | 39 | 55 | 15 | 110 |
| Хартии од вредност на државата номинирани во денари | 5,612 | 39 | 43 | 5,694 | 5,431 | 51 | 196 | 5,678 |
| Други долговни хартии од вредност | 2,417 | 3,484 | 1,551 | 7,453 | 6,222 | 3,399 | 1,471 | 11,092 |
| ***ПЛАСМАНИ КАЈ ДРУГИ БАНКИ*** | ***32,337*** | ***9,850*** | ***5,008*** | ***47,194*** | ***31,187*** | ***10,919*** | ***5,361*** | ***47,467*** |
| Сметки кај домашни банки | 4,702 | 1,610 | 583 | 6,895 | 4,991 | 2,033 | 496 | 7,521 |
| Сметки кај странски банки | 27,041 | 7,657 | 2,111 | 36,810 | 25,530 | 8,539 | 2,422 | 36,491 |
| Краткорочни кредити и други побарувања од домашни банки и други финансиски организации | 57 | 168 | 164 | 389 | 31 | 8 | 383 | 422 |
| Краткорочни кредити и други побарувања од странски банки и други финансиски организации | 165 | 412 | 329 | 906 | 114 | 335 | 336 | 785 |
| Достасани кредити и побарувања од банки | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Долгорочни кредити и други побарувања од домашни банки и други финансиски организации | 294 | 3 | 824 | 1,120 | 444 | 2 | 828 | 1,274 |
| Долгорочни кредити и други побарувања од странски банки и други финансиски организации | 0 | 0 | 823 | 823 | 0 | 0 | 741 | 742 |
| Нефункционални кредити од банки | 77 | 1 | 174 | 252 | 77 | 1 | 155 | 233 |
| ***КРЕДИТИ НА КОМИТЕНТИ*** | ***54,355*** | ***20,502*** | ***4,770*** | ***79,627*** | ***65,099*** | ***25,952*** | ***3,017*** | ***94,068*** |
| Кредити на претпријатија | 34,413 | 12,954 | 2,602 | 49,969 | 40,420 | 15,765 | 1,545 | 57,729 |
| Кредити на други комитенти | 400 | 61 | 1 | 461 | 301 | 34 | 5 | 340 |
| Кредити на население | 19,183 | 7,753 | 2,341 | 29,277 | 24,590 | 10,291 | 1,626 | 36,508 |
| Нефункционални кредити на комитенти | 8,147 | 883 | 1,069 | 10,099 | 8,160 | 1,299 | 1,038 | 10,497 |
| Посебна резерва за кредити | -7,788 | -1,149 | -1,243 | -10,179 | -8,373 | -1,437 | -1,198 | -11,007 |
| ***ПРЕСМЕТАНА КАМАТА И ОСТАНАТА АКТИВА*** | ***2,713*** | ***962*** | ***1,385*** | ***5,060*** | ***3,094*** | ***1,907*** | ***620*** | ***5,620*** |
| Побарувања по камати | 493 | 204 | 90 | 788 | 611 | 299 | 54 | 965 |
| Суспендирана камата и други побарувања | 3,643 | 172 | 454 | 4,269 | 3,897 | 252 | 331 | 4,481 |
| Посебна резерва за камата | -3,648 | -182 | -459 | -4,288 | -3,918 | -264 | -334 | -4,517 |
| Други побарувања | 125 | 176 | 266 | 568 | 532 | 815 | 37 | 1,384 |
| Реализирани хипотеки и залози | 2,034 | 542 | 1,084 | 3,660 | 1,946 | 709 | 709 | 3,364 |
| Нето комисиони односи | -27 | -1 | -97 | -125 | -113 | -6 | -227 | -346 |
| Нето интерни односи | *0* | *0* | *0* | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Останата актива | 93 | 49 | 47 | 190 | 139 | 101 | 50 | 289 |
| ***ПЛАСМАНИ ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ*** | ***624*** | ***262*** | ***641*** | ***1,527*** | ***630*** | ***301*** | ***465*** | ***1,396*** |
| Хартии од вредност расположиви за продажба во странска валута | 154 | 2 | 74 | 230 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Хартии од вредност кои се чуваат до достасување во странска валута | 0 | 0 | 0 | 0 | 160 | 2 | 73 | 235 |
| Вложувања во домашни сопственички хартии од вредност | 470 | 260 | 565 | 1,295 | 470 | 299 | 390 | 1,159 |
| Посебна резерва за откупени сопствени акции | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | 2 | 2 |
| ***ОСНОВНИ СРЕДСТВА*** | ***3,610*** | ***1,684*** | ***1,586*** | ***6,880*** | ***3,695*** | ***2,188*** | ***1,475*** | ***7,358*** |
| Градежни објекти | 3,193 | 1,239 | 1,534 | 5,966 | 3,238 | 1,543 | 1,380 | 6,161 |
| Опрема | 2,479 | 739 | 691 | 3,909 | 2,663 | 974 | 619 | 4,256 |
| Нематеријални вложувања | 235 | 140 | 50 | 425 | 224 | 183 | 51 | 458 |
| Други средства за работа | 88 | 14 | 15 | 117 | 147 | 17 | 18 | 182 |
| Средства за работа во подготовка | 171 | 156 | 27 | 355 | 148 | 264 | 52 | 464 |
| Исправка на вредноста на основните средства | -2,556 | -605 | -731 | -3,892 | -2,726 | -793 | -644 | -4,163 |
| ***НЕИЗДВОЕНИ РЕЗЕРВАЦИИ ЗА ПОТЕНЦИЈАЛНИ ЗАГУБИ*** | ***0*** | ***-24*** | ***-50*** | ***-74*** | ***0*** | ***-1*** | ***-23*** | ***-24*** |
| ***ВКУПНА АКТИВА*** | ***115,122*** | ***41,368*** | ***17,627*** | ***174,117*** | ***131,098*** | ***52,923*** | ***15,044*** | ***199,065*** |

**Анекс бр. 1**

## Биланс на состојба - ПАСИВА

во милиони денари

| ПАСИВА | 31.12.2006 | | | | 30.06.2007 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Група големи банки | Група средни банки | Група мали банки | Вкупно | Група големи банки | Група средни банки | Група мали банки | Вкупно |
| ***ДЕПОЗИТИ ОД БАНКИ*** | **1,763** | **1,852** | **286** | **3,902** | **1,951** | **2,131** | **353** | **4,435** |
| Денарски депозити по видување | 155 | 3 | 31 | 189 | 148 | 3 | 23 | 174 |
| Девизни депозити по видување од домашни банки | 303 | 114 | 4 | 421 | 307 | 145 | 5 | 457 |
| Девизни депозити по видување од странски банки | 223 | 278 | 0 | 500 | 242 | 264 | 80 | 586 |
| Краткорочно орочени денарски депозити | 718 | 586 | 113 | 1,417 | 979 | 864 | 106 | 1,950 |
| Краткорочно орочени девизни депозити | 364 | 871 | 0 | 1,235 | 274 | 855 | 0 | 1,129 |
| Долгорочно орочени денарски депозити | 0 | 1 | 139 | 140 | 0 | 1 | 139 | 140 |
| Долгорочно орочени девизни депозити | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ***ДЕПОЗИТИ ПО ВИДУВАЊЕ*** | **42,158** | **10,233** | **4,766** | **57,157** | **45,398** | **13,499** | **3,899** | **62,796** |
| Денарски депозити по видување на претпријатија | 9,382 | 2,581 | 911 | 12,874 | 9,846 | 3,271 | 706 | 13,824 |
| Денарски депозити по видување на јавен сектор | 468 | 169 | 454 | 1,091 | 449 | 140 | 300 | 888 |
| Денарски депозити по видување на други комитенти | 1,428 | 335 | 266 | 2,029 | 1,553 | 494 | 235 | 2,283 |
| Денарски депозити по видување на население | 7,539 | 1,500 | 1,334 | 10,374 | 9,009 | 2,727 | 1,214 | 12,950 |
| Ограничени денарски депозити | 342 | 165 | 19 | 527 | 254 | 336 | 6 | 595 |
| Девизни депозити по видување на правни лица | 6,012 | 1,525 | 568 | 8,105 | 7,401 | 1,909 | 490 | 9,799 |
| Девизни депозити по видување на население | 16,401 | 3,812 | 1,189 | 21,402 | 16,446 | 4,494 | 901 | 21,842 |
| Ограничени девизни депозити | 586 | 145 | 25 | 756 | 440 | 127 | 48 | 615 |
| ***КРАТКОРОЧНИ ДЕПОЗИТИ ДО 1 ГОДИНА*** | **46,642** | **13,296** | **3,076** | **63,015** | **55,752** | **17,906** | **1,541** | **75,199** |
| Денарски кратк.депозити на претпријатија | 10,122 | 3,603 | 909 | 14,633 | 13,307 | 5,283 | 207 | 18,798 |
| Денарски краткорочни депозити на јавен сектор | 415 | 5 | 40 | 460 | 508 | 6 | 17 | 531 |
| Денарски краткорочни депозити на други комитенти | 812 | 71 | 67 | 950 | 527 | 110 | 25 | 662 |
| Денарски краткорочни депозити на население | 10,047 | 2,561 | 1,273 | 13,880 | 14,055 | 4,800 | 891 | 19,745 |
| Девизни краткорочни депозити на правни лица | 5,607 | 2,864 | 19 | 8,490 | 6,875 | 2,635 | 9 | 9,518 |
| Девизни кратк.депозити на други комитенти | 2,223 | 487 | 21 | 2,731 | 1,680 | 800 | 90 | 2,571 |
| Девизни краткорочни депозити на население | 17,416 | 3,707 | 748 | 21,870 | 18,800 | 4,272 | 302 | 23,374 |
| ***КРАТКОРОЧНИ ПОЗАЈМИЦИ ДО 1 ГОДИНА*** | **76** | **40** | **114** | **230** | **1,944** | **193** | **7** | **2,144** |
| Кратк.денарски позајмици од домашни банки | 76 | 30 | 114 | 221 | 61 | 193 | 7 | 261 |
| Краткорочни позајмици од странски банки | 0 | 10 | 0 | 10 | 1,882 | 0 | 0 | 1,882 |
| Краткорочни денарски позајмици од други | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| ***ОСТАНАТА ПАСИВА*** | **1,616** | **633** | **246** | **2,495** | **1,750** | **1,121** | **205** | **3,077** |
| Обврски врз основа на камата | 329 | 155 | 40 | 524 | 394 | 220 | 43 | 657 |
| Други обврски во денари | 680 | 295 | 140 | 1,114 | 489 | 650 | 132 | 1,271 |
| Други обврски во девизи | 322 | 75 | 17 | 415 | 534 | 114 | 15 | 663 |
| Пасивни временски разграничувања | 285 | 108 | 50 | 442 | 332 | 138 | 15 | 485 |
| ***ДОЛГОРОЧНИ ДЕПОЗИТИ НАД 1 ГОДИНА*** | **1,707** | **2,622** | **767** | **5,096** | **2,234** | **3,379** | **1,437** | **7,051** |
| Денарски долгорочни депозити на претпријатија | 235 | 169 | 74 | 478 | 285 | 214 | 686 | 1,184 |
| Денарски долгорочни депозити на јавен сектор | 0 | 49 | 0 | 49 | 0 | 50 | 0 | 50 |
| Денарски долгорочни депозити на други комитенти | 32 | 195 | 175 | 402 | 127 | 239 | 175 | 541 |
| Денарски долгорочни депозити на население | 544 | 715 | 390 | 1,649 | 709 | 1,012 | 346 | 2,067 |
| Девизни долгорочни депозити на правни лица | 0 | 6 | 0 | 7 | 0 | 6 | 0 | 7 |
| Девизни долго.депозити на други комитенти | 248 | 17 | 1 | 266 | 248 | 19 | 1 | 268 |
| Девизни долгорочни депозити на население | 648 | 1,470 | 127 | 2,245 | 866 | 1,838 | 229 | 2,933 |
| ***ДОЛГОРОЧНИ ПОЗАЈМИЦИ НАД 1 ГОДИНА*** | **8,836** | **5,085** | **1,540** | **15,461** | **8,787** | **5,588** | **1,612** | **15,988** |
| Долгорочни позајмици од НБРМ | 1,404 | 874 | 23 | 2,301 | 1,059 | 1,053 | 18 | 2,131 |
| Долгорочни денарски позајмици од домашни банки | 635 | 117 | 234 | 986 | 638 | 459 | 5 | 1,102 |
| Долгорочни девизни позајмици од домашни банки | 320 | 1,020 | 34 | 1,373 | 283 | 1,058 | 2 | 1,343 |
| Долгорочни позајмици од странски банки | 4,505 | 1,909 | 1,143 | 7,557 | 4,369 | 1,833 | 1,492 | 7,694 |
| Долгорочни позајмици од други | 435 | 553 | 89 | 1,078 | 429 | 573 | 82 | 1,084 |
| Долгорочни позајмици од нефинансиски правни лица | 0 | 459 | 0 | 459 | 0 | 459 | 0 | 459 |
| Долгорочни странски позајмици од други | 0 | 0 | 17 | 17 | 0 | 0 | 12 | 12 |
| Преземени долгорочни обврски во девизи | 1,538 | 153 | 0 | 1,690 | 2,009 | 153 | 0 | 2,162 |
| ***РЕЗЕРВАЦИИ ЗА ВОНБИЛАНСНИ СТАВКИ*** | **576** | **50** | **22** | **648** | **657** | **87** | **19** | **763** |
| ***СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА*** | **9,839** | **6,735** | **6,613** | **23,187** | **11,183** | **8,314** | **5,826** | **25,322** |
| Основачки капитал | 7,641 | 5,856 | 5,899 | 19,396 | 7,718 | 6,764 | 5,218 | 19,700 |
| Резервен фонд | 2,037 | 1,275 | 333 | 3,645 | 2,604 | 1,330 | 406 | 4,340 |
| Ревалоризациони резерви | 130 | 4 | 202 | 335 | 142 | 200 | 5 | 348 |
| Нераспределена добивка од поранешни години | 30 | 151 | 13 | 194 | 717 | 542 | 13 | 1,272 |
| Други фондови | 1 | 8 | 399 | 408 | 1 | 0 | 410 | 411 |
| Загуба | 0 | -558 | -108 | -666 | 0 | -491 | -185 | -677 |
| Тековна загуба | 0 | 0 | -125 | -125 | 0 | -30 | -41 | -71 |
| ***ПЕРИОДИЧНА ДОБИВКА (ЗАГУБА)*** | ***1,907*** | ***821*** | ***197*** | ***2,925*** | ***1,441*** | ***705*** | ***145*** | ***2,291*** |
| ***ВКУПНА ПАСИВА*** | **115,122** | **41,368** | **17,627** | **174,117** | **131,098** | **52,923** | **15,045** | **199,065** |

**Анекс бр. 2**

***БИЛАНС НА УСПЕХ***

во милиони денари

| *Биланс на успех* | *30.06.2007 година* | | | | *30.06.2006 година* | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Група големи банки* | *Група средни банки* | *Група мали банки* | *Вкупно* | *Група големи банки* | *Група средни банки* | *Група мали банки* | *Вкупно* |
| ***КАМАТЕН ПРИХОД*** | ***3.853*** | ***1.788*** | ***338*** | ***5.979*** | ***2.835*** | ***705*** | ***938*** | ***4.478*** |
| *банки* | 345 | 250 | 87 | 682 | 271 | 118 | 153 | 543 |
| *претпријатија* | 1.535 | 763 | 70 | 2.368 | 1.162 | 339 | 358 | 1.860 |
| *население* | 1.211 | 635 | 101 | 1.947 | 937 | 193 | 366 | 1.496 |
| *останати* | 812 | 174 | 92 | 1.078 | 513 | 61 | 98 | 672 |
| *сторнирани приходи* | -50 | -34 | -12 | -96 | -49 | -7 | -38 | -92 |
| ***КАМАТЕН РАСХОД*** | ***-1.518*** | ***-652*** | ***-91*** | ***-2.261*** | ***-1.033*** | ***-214*** | ***-280*** | ***-1527*** |
| *банки* | -346 | -108 | -5 | -459 | -223 | -29 | -48 | -300 |
| *претпријатија* | -379 | -171 | -5 | -555 | -310 | -72 | -55 | -437 |
| *население* | -735 | -275 | -51 | -1.061 | -460 | -79 | -122 | -661 |
| *останати* | -58 | -98 | -30 | -186 | -40 | -34 | -55 | -129 |
